Ѓорге Иванов

Кога кон крајот на минатата година ги планиравме изборите, кампањите и лидерството да бидат теми на овој број, тие беа во функција на престојните локални избори. Тогаш не ни можевме да претпоставиме дека во меѓувреме, по трагичната смрт на претседателот Борис Трајковски, можат да ни се случат и вонредни претседателски избори. Сето она што ни се случи во меѓувреме влијаеше да опфатиме и содржини кои не беа планирани за овој број на списанието.



Меѓутоа, сепак, треба да се знае дека во услови на демократија партиите се тие што се одговорни за обезбедување на политичките водачи на државите. Политичарите најчесто ги освојуваат позициите благодарејќи на своите партиски функции: вообичаено е на претседателските избори да се натпреваруваат партиските водачи, додека во парламентарните системи лидерот на најголемата партија во претставничкото тело обично станува претседател на владата. На министерски места претежно доаѓаат највисоките партиски личности, иако исклучок е претседателскиот систем во САД, во кој е можно да бидат именувани министри кои не припаѓаат на партиите.

Во партиите се обучуваат политичарите, стекнуваат вештини, знаење и искуство и очекуваат успешна кариера, која пак зависи од изборните резултати. Од друга страна, цврстото држење на позиции во владата доведува политичките водачи да потекнуваат од релативно мали групи, што најчесто е изложено на критика.

Политичките партии традиционално се средство преку кои општествата ги одредуваат своите колективни цели. Партиите ја имаат оваа улога затоа што во желбата за освојување на власта ја формулираат програмата на владата, со цел да обезбедат поддршка од народот. Затоа партиите се најзначаен извор за иницијација на политиката, но и се потикнати да одредат усогласен збир на политички опции кои им даваат на избирачите можност за избор меѓу реални и остварливи цели.

Оваа функција најефикасно ја извршуваат партиите во парламентарните системи, бидејќи, доколку се избрани на власт, можат да тврдат дека добиле мандат да ја остварат политиката за која се залагале во текот на изборната кампања.

Во текот на одредувањето на колективните цели, партиите помагаат во претставувањето и обединувањето на различните интереси во општеството. Затоа најчесто се средство преку кое разни групи ги застапуваат или бранат своите различни интереси.

Благодарение на внатрепартиските расправи, но и преку водењето на кампањите и изборниот натпревар, партиите се значајни агенси на политичкото образование и социјализација на населението. Прашањата на кои се фокусираат партиите ја одредуваат политичката агенда во една земја, а вредностите и ставовите кои ги искажуваат стануваат дел од политичката култура на еден народ. Најзначајните партии ги поттикнуваат различни групи да се однесуваат според правилата на демократската игра и на тој начин ја мобилизираат поддршката на самиот режим.

Поради значајните улоги на партиите, особено внимание се посветува на прашањето за тоа каде во нив се наоѓа моќта. Затоа што организацијата и структурата на партиите даваат клучен податок за распределбата на моќта во општеството. Дали партиите можат да дејствуваат како демократски организаци кои ја проширууваат партиципацијата и пристапот кон власта? Или едноставно ја зацврстуваат власта на водачот и елитата?

Во денешно време многумина се сомневаат во способноста на партиите да мобилизираат и социјализираат, пред сѐ поради слабеењето на нивната партиска идентификација. Проблемите со кои се соочуваат партиите е фактот што и самите тие се социјализирани, или некои би рекле корумпирани, од искуството при владеењето. Сето тоа ги прави помалку делотворни во освојувањето на партиската наклонетост и во предизвикувањето на емоцијалната поврзаност. Резултат на тоа е сѐ поголемиот процент на тие што апстинираат при изборите.

**Abstract**

The relations between the party leadership and the members, as well as the importance of the parties in modern society, are the main topics of the text. It reviews the impact of the party activities on the social life, and the importance of the democratic and participatory climate in these organizations. The main thesis is that the „organization and structure of the parties give key evidence for the distribution of power in the society.“

# СОДРЖИНА / CONTENTS

**Вовед**
Ѓорге Иванов

**Introduction**
Gjorge Ivanov

## Избори, кампања, лидерство / ELECTIONS, CAMPAIGN, LEADERSHIP

**Македонски етнички модел и изборни системи** ______ **9**
Жидас Даскаловски

**Macedonian Ethnical model and electoral system**
Zidas Daskalovski

**Неколку дилеми за финансирањето на изборната кампања** ______ **15**
Рената Тренеска

**A few dilemas about the financing of the presedential campaign**
Renata Treneska

**Кои се водачи?** ______ **23**
Љупчо Ѓоргински

**Who are the leaders?**
Ljupco Gjorginski

**Некои аспекти на лидерството и профилот на политичките лидери во Македонија** ______ **27**
Весна Забијакин- Чатлеска

**A few aspects of leadership and the profile of political leaders in Macedonia**
Vesna Zabijakin- Catleska

Економетрија и изборното однесување на граѓаните
**Влијанието на економските текови врз резултатите од изборите** ______ **33**
Ивица Боцевски

Econometrics and electoral behaviour of citizens
**Influence of the economic flow to the results of the elections**
Ivica Bocevski

**Кристалната топка во македонската политика** 39
Предвидување на изборните резултати во Република Македонија
Дане Талески

**The crystal ball of Macedonian politics**
Predictions regarding results from elections in the Republic of Macedonia
Dane Taleski

Меѓународни организации/
INTERNATIONAL ORGANIZATIONS

**Меѓународна фондација за изборни системи** 51
Миша Поповиќ

**International foundation for electoral systems**
Misa Popovic

Предизвици и перспективи/
CHALLANGES AND PERSPECTIVES

**Гласање за Европа** 55
Христоф-Е. Палмер

**Voting for Europe**
Christof-E. Palmer

**Нов договор за Европа** 63
Мајкл Хауард

**New Deal for Europe**
Michael Howard

Теорија / THEORY

**Лидерство во криза: Македонски состојби** 75
Жарко Трајаноски

**Leadership in crisis: the Macedonian condition**
Zarko Trajanoski

## Портрети / Portraits

**Борис Трајковски - визионерот на Македонија** ______________ **87**
Андреас Клајн

**Boris Trajkovski – the visioner of Macedonia**
Andreas Klein

**Лидерството на Роналд Реган** ______________ **91**
Џејсон Мико

**The lidership of Ronald Regan**
Jason Miko

## Рецензии / Recensions

**Новото македонско прашање** ______________ **95**
Роберт Хислоу

**The new Macedonian question**
Robert Hislope

## Документи / Documents

**Кодекс на однесување за слободни и фер избори** ______________ **99**

**Code of conduct for free and fair elections**

**Извештај за Претседателските избори 2004 на ОБСЕ/ОДИХР набљудувачка мисија на изборите** ______________ **103**

**Report on the Presidential elections 2004 Of OSCE/ODIHR, the observer mission of the elections**

## За авторите / About the authors ______________ **105**

Година 2
Бр.6
јуни
Скопје 2004
ISSN 1409-9853

# Политичка мисла

Year 2
Nº 6
June
Skopje 2004
ISSN 1409-9853

Списание за политичко-општествени теми

Magazine for political-societal subjects

Издавачи :
д-р Ѓорѓе Иванов
м-р Андреас Клајн

Уредници :
Дане Талески
м-р Сандра Кољачкова
Јасмина Чукаловска
Гоце Дртковски

Адреса :
Фондација „Конрад Аденауер“
Максим Горки 16 кат 3
МК-1000 Скопје
Тел.: 02 3231 122
Факс: 02 3135 290
Email: kas@unet.com.mk
Internet: www.kas.de

Институт за демократија,
солидарност и цивилно општество
ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 59 / 1 / 6 -13
МК - 1000 Скопје
Тел. / Факс :02 3217 080
Email: idscs@mail.com.mk
Интернет: www.idsco.org.mk

Печат:
Винсент графика
Дизајн:
Натали Николовска
Техничка подготовка:
Пепи Дамјановски
Превод:
Зоран Глишиќ, Марија Мицевска,
Сања Стојановска, Доминик Траксел
Лектура:
Снежана Орловиќ Стојановиќ

PUBLISHERS:
Dr. Gjorge Ivanov
Andreas Klein M.A.

EDITORS:
Dane Taleski
Sandra Koljackova M.A.
Jasmina Chukalkovska
Goce Drtkovski

ADDRESS:
Konrad-Adenauer-Stiftung
ul. Maksim Gorki 16 / 3
MK-1000 Skopje
phone: 02 323 11 22
fax: 02 313 52 90
email: kas@unet.com.mk
internet: www.kas.de

Institute for Democracy, Solidarity
and Civil Society
ul. Metropolit Teodosij Gologanov 59/1/6-13
MK-1000 Skopje
phone/fax: 02 321 70 80
email: idscs@mail.com.mk
internet: www.idsco.org.mk

PRINTING:
Vinsent grafika
DESIGN:
Natali Nikolovska
TECHNICAL PREPARATION:
Pepi Damjanovski
TRANSLATION:
Zoran Glisic, Marija Micevska,
Sanja Stojanovska, Dominique Trachsel
PROOF READING:
Snezana Orlovik Stojanovik

Ставовите изнесени во списанието не се ставови на Фондацијата „Конрад Аденауер“ и Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество, туку се лични гледања на авторите.

Списанието се издава 4 пати годишно и им се доставува на политичките субјекти, државните институции, универзитетите, странските претставништва во Република Македонија

The viewpoints expressed in the magazine are not the viewpoints of the Foundation „Konrad Adenauer“ and the Institute for Democracy, Solidarity and Civil Society. They are personal views of the authors.

The magazine is published 4 times a year and it is distributed to political subjects, state institutions, universities and foreign representatives in the Republic of Macedonia.

Konrad
-Adenauer-
Stiftung

IDSCS
Institute for democracy, solidarity and civil society

# Македонски етнички модел и изборни системи

д-р Жидас Даскаловски

## Вовед

Генерално земено, малцинствата, а посебно побројните малцински групи, се трудат да се најдат во ситуација каде ќе можат да ја делат моќта и власта со мнозинската заедница. Чести се политичките конфликти околу власта и контролата на државните институции помеѓу различни етнички групи. Заради опасноста од разгорување на конфликтите до степен на судир на два народа и граѓанска војна политолозите се трудат да изнајдат начини како тие да се ублажат или избегнат. Во политологијата постојат два главни нормативни модела на менаџирање со етничките конфликти. Тоа се консоцијализмот и интегративниот модел. Во последната деценија двата модела се најзастапени теории за управување со конфликти. Иако моделите беа смислени во однос на проблемите на нацио-создавање во драстично поделените општества на Западна Европа (теоријата на Липкард за консоцијализам) и во однос на состојбите во новоформираните држави во пост-колонијална Африка (интегративниот модел на Хоровиц), сепак тие се релевантни и за решавање на етничките прашања во земјите од бившиот социјалистички блок како Македонија и пошироко.[1] Консоцијализмот е една од методите за надминување на етнички конфликти која им помага на малцинските заедници да се здобијат со поголема моќ на одлучување. По избувнувањето на вооружениот конфликт (војната) во 2001 година македонската политичка елита одлучи да го промени политичкиот модел на организирање на државата. Со Охридскиот рамковен договор Македонија во својот Устав и закони прифати консоцијални методи на организирање и одлучување.[2] Во Македонија ретко се дискутирало за другиот модел за справување со конфликти. Во оваа прилика истиот накратко ќе го образложам и посебно ќе се осврнам на изборните модели кои тој ги промовира.

## Интегративен модел за решавање на етнички проблеми

Интегративниот модел е развиен како алтернатива на консоцијализмот. Тука се сака да се создадат мотивирачки фактори за политичките лидери да бидат умерени во своите постапки и одлуки, т.е. да се

[1] Да се види во Arendt Lijphart, *Democracy in Plural Socities*, Yale University Press, 1977, и во Donald Horowitz, *Ethnic Groups in Conflict*, University of California Press, 1985;

[2] Да се види во Жидас Даскаловски, “Language and Identity: The Ohrid Framework Agreement and Liberal Notions of Citizenship and Nationality in Macedonia” *Journal of Ethnopolitics and Minority Issues in Europe*, 1/ 2002.

создаде една клима на донесување на умерени одлуки за чувствителни или жешки теми кои се однесуваат на етнички прашања. Додека при консоцијалната теорија се оди на соработка на едно ниво на елити, каде што етничките групи имаат гаранции дека нивните интереси ќе бидат заштитетни (како на пример преку таканареченото малцинско вето) интегративниот модел се заснова на мотивирање на разните етнички заедници за меѓуетничка соработка преку изборни системи кои охрабруваат формирање на предизборни пактови помеѓу политички партии или претседателски кандидати од различно етничко потекло. Интегративниот модел се труди да постигне политичка соработка која ќе ги надмине етничките бариери и лојалностите кон посебна заедница. Тука се смета за пожелно ако постои предизборна коалиција помеѓу различни етнички партии (т.е. партии кои претежно имаат електорат или служат на една заедница). Идеално би било доколку интересите се договорат до тоа ниво што ќе се случи соединување на различните партии во една поголема која би била мултиетничка по карактер, односно би се базирала на потребата да се остварат јавни, заеднички интереси, едноставно потреби кои ги надминуваат етничките интереси. Изборните програми на ваквата партија би биле фокусирани на економските и социјалните прашања, или, пак, на регионалната политика при распределба на јавните ресурси. Интегративниот модел се бори за остварување на идеалите на економска интеракција и справување со економски модели - прашања кои се заеднички на граѓани од сите етнички групи. Главниот промотор на овој модел на решавање на националистички конфликти е политикологот Доналд Хоровиц. Во неговите дела тој предлага пет механизми за надминување на конфликти и поттикнување на меѓуетничка соработка:

А) Распрснување на моќта низ целата територија на државата. Идејата е да се избегне моќта односно власта да се концентрира на едно место при што проблемите би биле многу поинтензивни;
Б) Децентрализација на власта со идеја да се поттикне политички натпревар во самите етнички заедници на локално ниво;
В) Изборни закони кои би поттикнувале создавање на предизборни коалиции;
Г) Усвојување на политики и програми кои ќе поттикнуваат алтернативни општествени односи, на пример, да се стави акцент на интересите на социјалните класи или регионални интереси;
Д) Да се намалат социо-економските разлики помеѓу етничките групи преку соодветно менаџирање на дистрибуцијата на јавните ресурси.

Иако во домашниот контекст за сите вреди и треба да се дискутира, во оваа прилика ќе се фокусирам на дискусија во врска со подточката В- тема која е предмет на анализа во ова издание на списанието. Во консоцијалната теорија се препорачуваат постизборни коалиции кои што резултираат со партиски ком-

промиси околу распределбата на министерските места и другите јавни функции. Компромис, пак, околу меѓуетничките прашања тука обично е тешко остварлив, посебно не околу клучните или најчувствителните прашања што ги засегаат етничките заедници. Комбинираниот модел на избори со пропорцијален систем и партии кои главно се поддржани од една етничка заедница најчесто не може ништо да постигне во обидот да се изнајдат компромиси околу етничките проблеми.

Анализа на состојбите во Либан и Малезија покажала дека подобро е политичките партии и претседателски кандидати да се обидат да создадат меѓуетнички предизборни коалиции. Истите се базираат на компромиси околу етничките прашања. Интегративниот модел се залага за ваков пристап кон изборите. Но, да бидеме малку поопширни по ова прашање. Општо земено конфликот меѓу етничките групи е конфликт околу контролата и сопственоста на државата, конфликт околу која етничка група има супериорност врз другите итн. Не постои едноставна формула која би го редуцирала конфликтот. Во земји каде електоратот е поделен по етничка основа тешко е да се убедат партиските лидери на компромисни решенија без да им се дадат одредени компензации. Затоа вниманието мора да се посвети на воспоставување такви законски рамки кои ќе поттикнуваат умерено и кооперативно однесување на етничките политички елити. Ваквите стимули лесно може да се изнајдат во изборните системи. Изборните системи можат да се поставaт така што би ги охрабрувале и повластувале меѓуетничките договори и т.н. меѓуетничка акомодација (accomodation). Во тој случај изборите би нуделе специфични повластици за тие партии што се заинтересирани за меѓуетничка соработка. Еден ваков пример е т.н. прибирање на гласови (vote-pooling), односно онаа ситуација каде што етничките партии си ги разменуваат гласовите - за да добијат гласови од другите заедници етничките партии се принудени да ги модерираат своите ставови.

Ако политичките елити се подготвени за поголем компромис при некои изборни модели тогаш јасно е дека изборниот систем е централна особина на интегративниот модел за надминување на конфликти. Покрај прибирањето на гласови важни се и други фактори како, на пример, разноликоста на етничките заедници во една земја. Се покажува дека во земји како Индија каде што живеат многубројни народи и не постои јасно етничко мнозинство полесно е да се ублажат тензиите. Друг битен момент е територијалната поделеност на државата. Доколку, на пример, изборните единици се големи и моноетнички и се еднакви со територијалната поделба на земјата тогаш постои опасност од силен антагонизам меѓу нив. Доколку постојат голем број на општини и изборни единици тогаш политичката борба за власт ќе биде раслоена или дифузирана на неколку нивоа (централно-локално) и во неколку димензии (географски земено) така што и тензиите би биле намалени. Понатаму, ако многуте изборни

единици и општините се хомогени тогаш во нив ќе дојде до внатреетничка политичка борба, додека пак во мешаните средини ќе постојат услови за соработка и создавање меѓуетнички коалиции.

Во некои земји политичарите кои се заинтересирани да промовираат меѓуетничка соработка и компромиси ја сфатиле важноста на хетерогените изборни единици. На пример, во Уганда и Кенија изборните законитости биле такви што се барало од кандидатите не само да освојат доволен број на гласови во својата изборна единица (општина) туку и да освојат одреден број на гласови од изборните единици што граничат до нивната. Сè со цел кандидатите и партиите да водат умерена политика и да имаат стимули за меѓусебна соработка. Една карактеристика на интегративниот модел што се однесува на изборните механизми за модерација на етничките конфликти, а која е интересна за македонските состојби е прашањето за тоа по кој систем би било пожелно да се бира претседателот на државата. Хоровиц ја дискутира федеративна Нигерија и таа ќе ни послужи за илустрација во овој текст.[3] Многубројние етнички заедници во оваа земја во 1978 година се одлучија да воспостават претседателски изборен систем во кој тој или таа се бираат под овие два услова-мнозинство на гласови на државно ниво, како и најмалку дваесет проценти (25%) од гласовите во не помалку од две третини (2/3) од федералните единки. Вакввата формула беше смислена со цел да се поттикне создавањето на мултиетнички партии или барем мултиетнички коалиции. Посебно битно е да се истакне дека ниедна од двете главни етнички заедници немаа свои гласачи распрснати низ целата земја. Идејата значи беше да се понудат стимули на етничките партии од двете групи за меѓусебна соработка. Одредбата со која од кандидатот се бара да има поддршка од гласачи ширум земјата се однесувала на потребата од поддршка на хетерогено гласачко тело. Хоровиц бележи дека претседателскиот кандидат, кој победил на изборите во 1979 година одржани по горенаведената законска регулатива, ги исполнил двата услова и владеел доста умерено во поглед на меѓуетничките односи.

При ваква постановка особено важни се границите на изборните единици. Манипулација со истите од страна на партија на една етничка заедница со цел да се привилегира сопствената позиција многу лесно може да доведе до конфликтна ситуација. Колку се битни изборните закони и отсуството на механизмите кои стимулираат создавање на меѓуетнички коалиции или партии може да се сфати доколку се согледаат историските искуства на силно поделени земји каде доминирале етнички партии. Во Босна и Херцеговина на пример, како што на македонската јавност и е добро познато, радикализацијата на состојбите во почетокот на деведесеттите се случи откако по изборите етничките партии на Србите, Хрватите и Бошњаците ја освоија власта и заседоа

[3] Да се видат страниците 636-638 во горенаведениот текст.

крајно поларизирани становишта. Во Бурунди изборите во 1993 година го мобилизираа населението по етничка основа и служеа како еден вид на каталист за подоцнежната војна и геноцид.

Како што укажуваат Гинтер и Дајмонд „изборната логика на етничките партии е да се мобилизира базата со поларизирачки изјави, со укажување на можностите што таа заедница треба да ги искористи, со закани... етничката ексклузивност на нивните политички пораки и поларизирачкиот ефект на истите влијаат дезинтегративно и разделувачки на општеството."[4] И други видни политиколози како на пример Семјуел Хантингтон сметаат дека етничките партии се опасност за демократизацијата на една земја. Тој дури и укажува дека многу земји од таканаречениот Трет свет не успеале да одржат демократија заради силното влијание на етничките партии.[5]

Еден од најголемите експерти за малцински прашања и конфликти Тед Гур, оди дотаму што вели дека речиси сите случаи на граѓански војни во последните години беа како резултат на освојувањето на власта на етнички партии и на нивното промовирање на политичка агенда од ексклузивистичка природа.[6]

## Како заклучок

Во македонскиот контекст интересно е прашањето дали е потребно да се воведе институцијата потпретседател на државата. Демократската партија на Албанците би сакала оваа институција да се воведе и да биде резервирана за претставник на албанската заедница во Македонија. Во случај оваа идеја да се прифати изборните кампањи би биле поумерени во однос на односите Македонци-Албанци заради тоа што секој од кандидатите би имал потпретседателски кандидат од другата етничка заедница. Изборниот закон кој би нагласил дека при бирањето на претседател на државата нужно е потпретседателскиот кандидат да е од друга(та) етничка заедница би имал ефект на ублажување на тензиите. Посебно е битно да се истакне дека во случај Македонија да воведе потпретседателска функција тогаш албанската заедница во земјата ќе биде задоволена на едно симболично рамниште. Овој момент е битен заради потребата од засилувањето на чувството на македонските Албанци дека Република Македонија е нивна татковина, процес што засилено се спроведува во исполнувањето на условите од Охридскиот рамковен договор.

Од друга страна интегративниот модел, исто така, би бил применет доколку во Македонија се воведе изборен модел за бирање на претседател сличен на нигерискиот од 1978 година. Доколку, на пример, Собранието изгласа амандмани на изборниот закон кои би прецизирале дека за да биде избран кандидатот

---

4 Да се види во Gunther, Richard and Diamond, Larry 2001. 'Types and Functions of Parties' in Larry Diamond and Richard Gunther (eds), Political Parties and Democracy. Baltimore and London: Johns Hopkins University Press, стана 23-24.

5 Да се види во Huntington, Samuel P. 1991. The Third Wave: Democratization in the Late Twentieth Century. Norman OH: University of Oklahoma Press.

6 Да се види во Gurr, Ted Robert. 2000. Peoples Versus States: Minorities at Risk in the New Century. Washington, D.C.: United States Institute of Peace Press.

за претседател треба да има одреден процент гласови од сите изборни единици, вклучувајќи ги значи и тие каде македонските Албанци се или мнозинство, или се во значителен број тогаш би се постигнал ефект на модерација на изборната агенда на кандидатот Македонец, без да има формална одредба која би ја вовела институцијата на потпретседател. Прашањето е, се разбира, отворено за дебата. Важна е проценката дали состојбите во Македонија постепено се нормализираат и дали постои опасност меѓуетничките односи помеѓу Македонците и македонските Албанци повторно да се влошат. Сметам дека во суштина како генерално правило треба да се почитува либералниот принцип дека институциите на државата се во интерес на граѓаните и дека оправданоста за нивното функционирање или постоење треба да биде директно поврзано со интересите и потребите на граѓанството. Доколку се смета дека горенаведените институционални реформи ѝ се потребни на Македонија тие и треба да се поддржат, посебно затоа што истите кореспондираат со техниките за превенција на етнички конфликти предложени од Доналд Хоровиц. Прашање е и, исто така, дали интегративниот модел е можеби попожелен за нашата држава од консоцијалниот, но за тоа во некоја друга прилика.

**Abstract**

The Ohrid Framework Agreement introduced consociational measures in the Macedonian political system. Consociationalism is one of the normative models for accomodation of ethnic conflicts. The other model is the integrative approach which seeks to create incentives for moderation by political leaders on divisive ethnic themes and to enhance minority influence in majority decision-making. While consociationalism relies on elite co-operation and guarantees to groups to protect their interests (such as mutual or minority veto), the integrative approach relies on incentives for inter-group co-operation such as electoral systems that encourage the formation of pre-election pacts among candidates or political parties across ethnic lines. Hereby I focus my attention on the electoral models that the integrative approach advocated such as electoral laws that encourage pre-election coalitions through vote polling.

# Неколку дилеми за финансирањето на изборната кампања

доц. д-р Рената Тренеска

Организирањето на изборните кампањи не е едноставна работа. Во Република Македонија тоа може да се види и преку најобичен пример за тоа кои услови треба да бидат исполнети за организирање на еден јавен собир. Најмалку 15 документи или договори треба да бидат добиени, односно склучени за да се организира јавен собир. На пример, треба да се добие одобрение од општината, да се склучи договор со претпријатието задолжено за дистрибуција на електрична енергија, со службата за противпожарна заштита и сл. Тоа се само некои од техничките аспекти на организирањето на јавен собир. Заради тоа сите политички партии формираат изборни штабови кои ги сочинуваат меѓу 15 и 30 лица, и чија цел е да ги организираат и контролираат сите активности на политичката партија за време на изборната кампања.

Но, изборните кампањи не го трошат само времето и енергијата на политичките партии, туку и нивните пари. Денеска политиката се претвора во област во која сè повеќе и повеќе се инвестира, а таа инвестиција сè почесто игра значајна улога во исходот на изборите. Затоа, европските земји се соочуваат со проблемите: како да се ограничи трошењето од страна на политичките партии, како да се обезбеди принципот на еднаквост меѓу политичките партии во текот на кампањата и како да се обезбеди транспарентност и контрола над финансирањето на изборната кампања.

САД имаат поинаков приод кон трошоците за изборните кампањи. Врховниот суд на оваа земја во 1976 година донесе одлука според која ограничувањето на трошењето средства за изборната кампања значи кршење на слободата на говорот. И во оваа одлука дојде до израз американската либерална концепција за слободите и правата. Така според ставот на Врховниот суд на САД преку рекламите во средствата за масовни комуникации, изнајмувањето сали за изборни претставувања и сл., кои чинат пари, се изразува политичко мислење.

Република Македонија се приклонува кон европските стремежи за ограничување на трошоците за изборната кампања и за промовирање на еднаквост на можностите, правичноста и еднаквоста на политичката конкуренција.

Ограничување на трошоците е предвидено за кампањите на сите видови избори: парламентарни, претседателски, локални. Според Законот за избор на пратеници во Собранието на РМ при финансирањето на изборната кампања, организаторот на изборната кампања може да потроши најмногу 15 денари

по запишан избирач во изборната единица за која има поднесено листа на кандидати. Истиот принцип важи и за претседателските избори: трошоците за изборната кампања на еден кандидат можат да изнесуваат најмногу 15 денари по регистриран избирач.

Пресметките покажуваат за една современа, но сепак просечна кампања потребни се најмалку 500.000 ЕУР, што е над максимумот дозволен за трошење. Кампањите на политичките партии и на претседателските кандидати најчесто не се скромни. Само кампањата за време на првите парламентарни и локални избори во 1990 година беше на некој начин „примитивна" и без многу трошоци. Политичките реклами беа многу едноставни и аматерски. Во сите следни избори политичките партии (барем поголемите и некои од средните) почнаа да водат сметка за „професионалниот изглед" на нивните кампањи и да ги користат услугите на професионалните рекламни агенции. Нивото на професионализам во водењето на изборните кампањи е на пониско ниво кај политичките партии на Албанците во Република Македонија. И покрај задоволителното ниво на парични средства кои им стојат на располагање на овие политички партии, тие немаат професионално водени изборни кампањи.

Надминувањето на законските лимити на трошоците за изборна кампања доведува до неприкажување на реалните трошоци направени во текот на кампањата. Така се случува дел од трошоците што се направени во текот на кампањата да се прикажуваат како трошоци за редовни активности на партијата, а еден добар дел воопшто да не се прикажуваат на сметките. Во еден дел прикажувањето на трошоците како трошоци за редовни активности на партијата е овозможено и од непостоењето на законска дефиниција за тоа што претставуваат трошоци за кампањата, ниту пак за тоа што претставува изборна кампања. Примерот со последниве претседателски избори го покажа тоа. Законот за избор на претседател на Република Македонија содржи ограничување на траењето на изборната кампања. Пред официјалниот почеток на изборната кампања, ВМРО-ДПМНЕ започна со објавување на пораки во весниците со кои го критикуваше претседателот на Владата и претседателски кандидат на СДСМ. Во суштина тоа беа дејствија во функција на изборната кампања, но поради непостоење на законска дефиниција за тоа што е изборна кампања и што се трошоци за кампања, овие пораки испратени преку медиумите се претставуваа како нешто што е дел од редовните активности на политичката партија и трошоците за нив се плаќаа од сметката за редовно работење на партијата, а не од посебната жиро-сметка која е наменета за финансирање на изборната кампања. Овие партиски активности по својата природа, суштина и цел беа дел од изборната кампања, но поради правната празнина не можат да бидат санкционирани како недозволени.

Покрај ограничувањето на траењето и трошоците за изборната кампања, друг принцип кој е во насока на обезбедување на еднак-

вост на можностите и еднаквост на политичката конкуренција е постоењето на јавното финансирање на изборната кампања. Законите за сите видови избори: парламентарни, претседателски, локални предвидуваат право на надоместок на трошоците за избори на организаторите на изборната кампања. Во случај на парламентарни и локални избори, право на надомест на трошоците имаат само организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници, советници, или градоначалник. Тоа значи дека при парламентарни и локални избори само успешните кандидати имаат право на надомест на трошоци. Кај претседателските избори, право на надомест на трошоци имаат сите кандидати кои учествувале на изборите и тоа во висина од 15 денари по добиен глас во првиот круг и уште по 15 денари по добиен глас во вториот круг. Тоа од една страна ги прави претседателските избори атрактивни дури и за политичките партии, кои се свесни дека немаат шанса за победа, а од друга може да доведе до тоа кандидатот кој победил да добие помал надомест на трошоци за изборна кампања од неговиот противкандидат кој вкупно во првиот и вториот круг добил повеќе гласови. Реалноста на двете можности се согледа на претседателските избори во 1999 година, на кои учествуваа 6 кандидати. Бројот на освоени гласови и висината на јавното финансирање изгледаа вака:

Надомест на трошоци за претседателските кандидати врз основа на гласовите добиени во првиот круг на претседателски избори во 1999 година

| Кандидати | Гласови во прв круг | Надомест на трошоци во денари | (во ЕУР) |
|---|---|---|---|
| Муарем Неџипи | 155.978 | 2.339.670 | 38.994 |
| Васил Тупурковски | 163.206 | 2.448.090 | 40.801 |
| Мухамед Халили | 45.731 | 685.965 | 11.432 |
| Тито Петковски | 343.606 | 5.154.090 | 85.901 |
| Стојан Андов | 111.983 | 1.678.745 | 27.995 |
| Борис Трајковски | 219.098 | 3.286.470 | 54.774 |

Надомест на трошоци за претседателските кандидати врз основа на гласовите добиени во вториот круг на претседателски избори во 1999 година

| Кандидати | Гласови во прв круг | Надомест на трошоци во денари | (во ЕУР) |
|---|---|---|---|
| Тито Петковски | 514.599 | 7.718.985 | 128.649 |
| Борис Трајковски | 591.972 | 8.879.580 | 147.993 |

Значи според законската формула на распределба на парите за надомест на трошоци за претседателските избори, во 1999 година избраниот канидадат - Борис Трајковски не доби највисока сума на пари, заради тоа што вкупниот број на гласови кои ги доби во првиот и вториот круг беа помали од оној на Тито Петковски. Поради тоа организаторот на кампањата на Т. Петковски доби 214.550 ЕУР, наспроти 202.767 ЕУР кои ги доби организаторот на кампањата на Борис Трајковски.

Државата и индиректно учествува во помагањето на кандидатите на изборите преку определување на бесплатен пристап до државните медиуми. Собранието на Република Македонија го определува времето за изборно презентирање на кандидатите, политичките партии, групите избирачи и нивните програми. Советот за радиодифузија донесува Правила за еднакво медиумско претставување според кое јавните медиуми им нудат на кандидатите еднакво бесплатно медиумско претставување, во период кој е однапред определен и по редослед утврден со ждрепка. На политичките партии и кандидатите треба да им се овозможи доволно време за да ја испратат својата порака и да ги информираат избирачите за нивната програма и квалификациите на кандидатите. Но, во насока на зачувување на еднаквоста на политичката конкуренција е и определувањето на вкупното време, правилата и еднаквост и јавност на цените за сите за платеното медиумско претставување на кандидатите. Така еден организатор на кампања не може да закупи повеќе од 15% од вкупното време определено за изборно претставување. Правилата за медиумско претставување на изборите се кршат на неколку начини. Еден од нив е поврзано со различните цени за платена политичка програма и за рекламни спотови. Така често пати рекламните спотови се прикажуваат како платена политичка програма која чини помалку и со тоа се даваат погодности на одредени политички партии, или се прикриваат трошоци направени за изборна кампања. Исто така се кршат и ограничувањата за времетраењето на медиумското претставување на еден кандидат, односно политичка партија.

Сепак, главното финансирање на изборните кампањи е од приватни донации. Правните правила ги ограничуваат изворите на финансирање на кампањата. Изборната кампања не смее да се финансира од средства од: Буџетот на РМ и буџетите на општините и на Градот Скопје, освен оние кои во законите се предвидени за надомест на изборните трошоци, од јавни претпријатија и установи, од здруженија на граѓани, верски заедници, религиозни групи и фондации, странски влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица и претпријатија со мешовит капитал, каде доминантен сопственик е странски вложувач. Исто така во Законот за политички партии ограничена е и висината на поединечните донации. За време на избори дозволената висина на донациите е повисока и може да изне-

сува до 200 просечни плати во Републиката. Тоа се законски норми. Реалноста е не секогаш во согласност со нив.

Во Република Македонија еден дел од изборните трошоци се финансираат од нелегални донации. Тие се јавуваат во неколку видови:

1. Не ретко политичките партии добиваат донации во кеш, што води до двојно книговодство. Но, тоа не е проблем само со политичките партии, туку и на работата на голем број правни субјекти во Република Македонија. Еден дел од трговската размена кај нас се врши со плаќање во кеш, што доведува до избегнување на правните правила за плаќање даноци. Парите, кои се разменуваат меѓу различни субјекти, не егзистираат во ниедни книги, ни сметки. На тој начин парите кои претпријатијата ги поседуваат во кеш, отвораат можност за нивно тајно донирање на политичките партии. За ваквиот вид донации има најмалку две причини.

Прво, донаторите со давањето на донации на политичките партии ризикуваат да добијат партиска „етикета", и со тоа да бидат изложени на притисок и дополнителна контрола на актуелната или некоја идна власт. Тајните донации се „побезбедни" за претпријатијата. Од друга страна, не ретко има случаи на претпријатија кои „играат" со повеќе политички партии, затоа што сакаат да бидат „безбедни" без оглед на промената на власта.

Втора причина за давање на тајни донации е непостоењето на даночни повластувања за политичките донации, што дестимулативно влијае на прикажувањето на нивниот трансфер од сметката на претпријатието на сметката на политичкиот субјект. На тој начин со легална, јавна донација, донаторот не добива ништо, освен непријател во политичката партија на која не ѝ донирал средства.

2. Првиов тип на нелегални донации (во кеш), се предуслов за друга форма на кршење на правилата за изборно трошење. Неевидентирањето на средствата кои се добиваат во текот на изборната кампања доведува до неевидентирање и на средствата што се трошат за време на изборите. На тој начин се надминуваат ограничувањата кои постојат за трошоци за време на кампањата.

3. Трета форма на нелегално финансирање на изборната кампања е од забранети извори - од јавни претпријатија или претпријатија со државен капитал. Тоа се прави или со плаќање во кеш, или преку користење на посредник-претпријатие на кое државното или јавното претпријатие му плаќа пари за „некои добра или услуги". Потоа, овие фирми „ги донираат" парите на политичката партија од која потекнува или чиј симпатизер е директорот на тоа јавно претпријатие или претпријатие со државен капитал.

4. Четврта форма на нелегално финансирање е од профити од организиран криминал: дрога, проституција, оружје, нелегална коцка и сл.

Ако, се погледнат кампањите на големите политички партии, може да се заклучи дека тие немаат проблем со нивното финансирање. Премногу пари се „фрлаат" за време на изборите. Тоа може да се види и

ако се спореди животниот стандард во Република Македонија со висината на средства кои се трошат за време на кампањата, не официјалните, туку вистинските кои можат да се добијат преку проценка на трошоците за рекламирање, изнајмување простор, опрема и сл.

Што треба да се направи за да се обезбеди јавност и да се спречи нелегалното финансирање на изборните кампањи во Република Македонија?

Прво потребно е да се направат измени во правната регулатива. Треба да се донесе закон за изборна кампања во кој ќе биде дефинирано што претставува изборна кампања, што се смета за трошоци за изборна кампања, ќе се пропишат стриктни постапки за контрола на финансирањето на изборната кампања, ќе се вклучат повеќе субјекти во контролата на финансирањето, ќе се направи финансирањето на изборната кампања јавно, со гаранции за добивање увид во сметките на организаторите на изборната кампања. Јавноста на финансирањето на изборните кампањи не треба да биде само „мртва" одредба, или обична декларација, како што е во моментот. Јавноста е многу битна заради остварување на поцелосна контрола над финансирањето на изборната кампања, затоа што најголемите злоупотреби се вршат зад затворени врати. Исто така, треба да се направат и интервенции во други закони со кои ќе се овозможат даночни олеснувања за донациите направени на политичките партии, или кандидати со цел да се стимулираат легалните донации.

Неопходно е правно да се регулира и т.н. независно трошење. Трошоците направени заради агитирање во полза, или на штета на јасно одреден и препознатлив кандидат, кои се прават независно од кампањата на кандидатот, не се правно регулирани во Република Македонија. Потребно е нивно дефинирање и регулирање, заради тоа што тие отвораат можност за изигрување на правилата за лимитирање на трошоците за изборна кампања.

Но, промените во правните норми се само почетниот чекор. Потребни се посебни напори и реформи за нивно реализирање. Така неопходна е целосна реформа на економскиот систем за да се спречат плаќањата во кеш, заради тоа што реформата во финансирањето на изборните кампањи зависи од тоа.

Финансирањето на изборните кампањи во голема мера е поврзано со корупцијата и коруптивните практики во Република Македонија. Мотивите на донаторите не се алтруистички, туку многу практични. Тие инвестираат во политиката и очекуваат инвестицијата да им се „исплати". Големите донации речиси секогаш се „исплатуваат". За возврат на донацијата донаторот добива повластена положба на пазарот, зделки со јавни претпријатија, отсуство на контрола на неговото работење и сл. Поради тоа борбата против нелегалното финансирање на изборните кампањи во еден дел е и борба против корупцијата во Република Македонија.

Но, сите напори да се „воведе ред" во финансирањето на изборните кампањи се залудни без жел-

бата на политичките фактори да ја остварат таа цел и да се откажат од „црните куферчиња". Речиси да нема позначаен политички актер во Република Македонија кој има „чисти раце" кога се во прашање парите и финансирањето на изборната кампања.

Многу често во моментот кога политичките кандидати ветуваат градење на правна држава и воспоставување на владеење на правото во Република Македонија ги кршат и оние скромни правила за финансирање на изборната кампања. Каков парадокс! Но, тоа е и уште еден показател според кој може да се мери реалноста и желбата да се остварат предизборните ветувања на кандидатите, показател од кој граѓаните можат да тргнат во отфрлање на нашето традиционално политичко мото: „Не ме гледај што правам, слушај ме што ти велам!"

**Abstract**

This article deals with some of the basic questions of electoral campaign finance: limitation of spending on electoral campaign, private and public funding of electoral campaign, disclosure, reporting and enforcement of legal rules.

The author points to the forms of illegal campaign finance in the Republic of Macedonia: donations that are given secretly- in cash, the donations that are exceeding limits for donations, violations of limits for spending on electoral campaign, campaign financing from forbidden sources: from state bodies and companies owned by the state, form profits of organized crime etc.

Some dilemmas on the definition of electoral campaign and campaign finance are also opened.

At the end the author propose some reforms, in legal and economic system, for insuring transparency and preventing illegality in campaign finance.

# Кои се водачи?

Љупчо Ѓоргински

*За најдобрите владетели, луѓето едвај знаат дека постојат.*
*Следните најдобри ги љубат и слават.*
*Следни се тие од кои луѓето се плашат.*
*А последни тие кои ги мразат.*

*Нема доверба во тој кој нема доверба во другите.*
*Владетелот е штедлив и скромен на збор,*
*а кога неговото делување е завршено,*
*луѓето велат, "ова е наше дело."*

*Лао Це, Тао Те Чинг*[1]

Сегашноста е време кога минатото е ослепено од светлината на иднината. Од водачот се очекува да води напред и тоа што побргу. Напред нè чека благосостојба, така што поитно кон неа! А некој одамна заборавил да го погледне компасот. Чија ли задача беше тоа?

Вистинските водачи го одат одот – а со тоа го покажуваат патот – кон подобра иднина. Тие се визионери на колективните убави визии за иднината, но и управители на нејзиното колебливо остварување. Собраната сила на заедницата е нивна затоа што тие својата нејзе ѝ ја подариле. Но, тие раководат колку што и водат. Всушност, тие повеќе координираат. Имаат доверба во тие со кои работат и ја уживаат нивната. Затоа го делат со нив, вредно и преку дела, стекнатиот авторитет.

Нивна цел е подобро утре за сите. Оттаму нивниот мандат. Нивната моќ е во тоа што ја делат моќта. Оттаму нивниот авторитет. Нивен извор се мудроста и љубовта. Оттаму нивната сила.

Пројдено е времето на суровата сила. Времето кога само физичка моќ е доволна. Кога авторитетот на водачот е оставен неиспитан.

Проаѓа и времето на реториката. Размената на мисла сè уште е повеќе од потребна, но, кохерентноста, моралната втемеленост и прагматичната реалност на таа мисла се дотолку поважни. Стратегијата на одот напред е темата за размена, а одот напред мора да врви кон општата благосостојба на заедницата.

Заедницата, пак, ниту наликува на мравјалник, каде обичната мравка нема никакво самостојно постоење, ниту на маса за билјард, каде сите топки се стремат кон својата цел, а често ги удираат другите топки наоколу. Заедницата се стреми кон тоа да биде унија на меѓуза-

[1] Лао Це, „Тао Те Чинг", глави 3 и 17. Превод на авторот од англиски, заснован врз пет англиски и српскохрватски преводи од оригиналот.

висни, самоостварени личности кои одлучиле во некој историски момент да живеат заедно во што е можно поубави околности. Водачите се кормиларите на тој стремеж.

Тие активно ја граделе сопствената независност и ја знаат тешкотијата на таа градба. Водачите знаат дека меѓузависноста е неможна помеѓу зависни луѓе, затоа што тие во себе тоа го почувствувале. Сепак, научиле од тој процес за доблесниот стремеж кон меѓузависноста.

Тие кои водат пред сè мора себе си да можат да се водат. Водачите не се жртва на биолошките потреби, туку со нив мајсторуваат. Во некој момент ја оставиле настрана потребата да бидат сакани. Не водат поради тоа. Тие водат кон доблесното затоа што доблесното го граделе во себе. Водат за да служат.

Реални оптимисти се за колективниот пат кон доблесното. Затоа се пример на трпение. Тие го управуваат спроведувањето на тој пат и одвреме навреме проверуваат дали е патот добро насочен, а на патот се први. Водат со чекор, а не со збор.

Управувањето, се разбира, си има свои опасности. Моќта е моќен намамник. Моќта, во секоја своја појава, го корумпира тој кој ја употребува. Човечка моќ без авторитет и одговорност е тиранија, владеење на суровото. Таа е присилена и насилна. Авторитетот се почитува, а моќта плаши. Моќта е во корист само на тој кој ја поседува.

Затоа вистинските водачи се доверени со авторитет кој, како што го именува Вебер, „е моќ која е признаена како легитимна како од моќните така од немоќните.[2]" Моќта речиси никогаш не е поддржана од тие кои ја немаат. Употребата на сила е доказ за отсуство на авторитет. А авторитетот не е наследен; тој е заслужен. Тој е доверен, а доверба има додека нема сомнеж.

Водачите не се трудат да градат авторитет. Тие не бараат следбеници. „Идете покрај мене", велат тие, „доколку сте решиле да идете со мене. Но, немојте зад мене".

Вистинските водачи се морални, мудри, инспиративни, сталожени, доверливи, емпатични, едноставни, итри и волни. Тие се послушни на советот на Аристотел и поседуваат етос, патос и логос. Етосот е нивниот морален карактер, сидрото на нивната способност на убедување. Патосот е нивната способност да допрат до чувствата на другите, емотивно да ги придвижат луѓето да инспирираат. Логосот е, пак, нивната способност да понудат рационални причини, да ги придвижат луѓето интелектуално.

Како авторитетот, ниту овие не се наследени, туку проучени, испитани, па надвладеани. Водачите мајсторуваат со интелектуалното, го почитуваат емотивното и владеат со волното. А не го запоставуваат моралното.

Моралноста мора да остане запаметена, зборувана, митологизирана. Доколку луѓето бараат митови, дотолку тие треба да бидат доблесни митови. Митови на херојство, на доброто и убавото, на храброст и љубов, на можноста за

[2] Weber, Max. "Economy and Society: An Outline of Interpretative Sociology" Guenter Roth and Claus Wittich. Berkeley: University of California Press, 1978. Преведено од англиски од авторот.

подобрување на сопственото постоење. Водачите се тука главните раскажувачи, херои на приказната, а по потреба и главните антагонисти. Нивната улога е под контрола на историјата, а не под нивна, што ги ослободува од толкувањето на себе си.

Така водачи обединуваат: онака како што тоа го прави еден стар дедо кој ги собрал внуците околу огништето да им раскаже приказна, меѓутоа тој не ја злоупотребува довербата што тие му ја дале.

Водачите раскажуваат, но не митови за минатото или за иднината, туку доблесни приказни за сегашноста, за реалноста. Само такви приказни нудат вистинска поврзаност помеѓу минатото и иднината. Приказни кои им нудат на луѓето размисла и чувства за тоа кои се тие, каде се и накаде одат.

Водачи се тие кои пред да станат водачи го оделе својот од, а потоа решиле да одат со другите. При првото состанување, водачите имале цел на ум за заедницата, но прво слушале внимателно накаде решила заедницата да оди. Својата цел ја приспособиле на оваа и продолжиле да ја приспособуваат.

Не водат само за да водат. Знаат по потреба и да следат. Но, кога водат, тоа го прават на начин кој ситуацијата го налага. Нивна цел е благосостојба на заедницата. Понекогаш таа ги оправдува средствата. Довербата е во водачите да знаат кога.

Во време на кризи, довербата е особено потребна. Ако не во други околности, секако во оваа е потребна личност. Тогаш е важно да се држат целите на ум, а средствата при рака.

Улогата на водач е улога која крие многу други улоги зад себе. На пример, таа на координатор. Водачите се primus inter pares, први помеѓу еднакви; оние кои градат и негуваат добри тимови. Тие се грижат за своите тимови колку и за резултатите кои тимовите ги произведуваат. Тие охрабруваат, поддржуваат, делегираат и веруваат. Тие инспирираат.

Водачите се толкувачи на реалности. Градат компетентен советодавен орган и го толкуваат нивниот совет; сепак нивната мудрост им налага да прибираат информации и од други места. Тие се првите воини против најголемиот колективен страв на заедницата на тоа време. Тие слушаат, разбираат, решаваат и подучуваат. Тие одлучуваат.

Водачите се главни извршители на волјата на заедницата. Учествуваат во подесувањето на правецот на таа волја и во нејзиното извршување. Оттаму натаму тие се главни претставници на нивната заедница. Комуницираат со членовите на таа заедница и со тие надвор од неа. Тие предлагаат, прибираат, разменуваат и насочуваат; а по потреба и наредуваат.

Вистинските водачи градат заедница на водачи, заедница каде хиерархијата прави пат кон мрежа на еднакви, каде одговорноста е кај сите, но не поради тоа загубена. Одговорноста не доаѓа со функцијата, туку со постоењето. Водачите само мудро ја делегираат.

Резултатот не е само нивен; тој е сечиј. Благосостојбата е колек-

тивно дело. Нејзиното спроведување, взаемен чин. Водачот е само бабицата која му помага на бебето да излезе на свет. Нема суета во тоа дело. Тоа е професијата и одговорноста на бабицата. Патем, нејзина одговорност, исто така, е да го пренесе своето знаење на другите.

Иднината е проблемот на сегашноста, а некогаш беше минатото. Потребни ни се водачи чиј инструмент не е минатото, а продажен салон иднината. Водачи се потребни, чија цел е општа благосостојба, не лична придобивка; кои немаат потреба да бидат сакани, туку подобрени.

Први помеѓу еднакви во своите заедници, но тие се едни од еднаквите во заедницата на заедниците. Тие се оние за кои говориме. Тие кои споделуваат, а не грабаат. Тие кои инспирираат, а не заматуваат. Тие креативните, одговорните; тие доверливите, луцидните. Тие се водачите кои даруваат и црпат мудрост, љубов и сила од заедницата. За нив говориме. Всушност, нив ги повикуваме!

**Abstract**

The paper presents a model of leaders, a yardstick by which to measure. It looks at their character, their aims, the source of their authority, their knowledge and wisdom, their strength, and does this in terms of what makes them excellent. The paper concludes by stating that those leaders are great who make of those around them not followers, but also leaders.

# Некои аспекти на лидерството и профилот на политичките лидери во Македонија

Весна Забијакин-Чатлеска

*,,Луѓето ја прават историјата и тоа во, крајна линија, го знаат сите. Во периодите кога нема лидер општеството стагнира. Прогрес настапува кога смели, искусни лидери ќе ја искористат можноста да ги променат нештата кон подобро“.*

Хари С. Труман (1884-1972)

Лидерството може да се разгледува од повеќе аспекти.

Arnold M. Ludwig смета дека клучот за разбирање на политичкото лидерство се наоѓа во еволуционата теорија. Основната теоретска поставка е јасна и едноставна: заедниците, и на човекот и на останатите примати, имаат потреба од единствен лидер и затоа се развива посебен нагон за социјална доминација кој обезбедува опстанок на заедницата. ,,Природата ја користи потребата за доминација како најсигурен начин за обезбедување лидерство во заедницата и, во случајот на човештвото, понекогаш и доминација врз други заедници“, смета Arnold M. Ludwig. Оваа аргументација е базирана на изнаоѓањето можни паралели меѓу социјалната хиерархија кај приматите и карактеристиките на политичкото лидерство.[1]

Формата на политичката заедница влијае на политичкото лидерство. Затоа, разбирањето на лидерството во политиката бара да се земат предвид институционалните и политичките поставености во кои лидерството дејствува, бидејќи тие поставености ќе влијаат на начинот како лидерството ќе се практикува.

Според James MacGregor Burns[2] „Политичкото лидерство е производ од личните побуди, социјалните влијанија, политичката мотивација, работните вештини, структурата на кариерните можности“. Платон сметал дека примарната улога на политичкиот водач е да ги култивира доблесните или моралните одлики на граѓаните.[3]

Современите социолози не го ставаат акцентот на моралните одлики како важен елемент во политичката дејност, туку на искористувањето на моќта и на распределбата на добра во заедницата. Во таа смисла и Винстон Черчил

[1] Осврт на Бојан Тодосијевиќ на книгата *,,King of the Mountain: the Nature of Political Leadership“* од Arnold M. Ludwig. Lexington, KY:University Press of Kentucky, (2002). Интернет извор : http://human-nature.com/nibbs/03/ludwig.html.

[2] John von Heyking , Politics ; http://www.people.uleth.ca

[3] John von Heyking , Politics ; http://www.people.uleth.ca

рекол дека „лидерството е интелигентна употреба на моќ“.

## Што го прави лидерот силен?

Искористувањето на моќта е во тесна врска со лидерството. *Моќ* значи *способност* да се направи нешто. Меѓу сите видови моќ, лидерот треба да се определи за моќта на принципите (преку заемна доверба и почит) или кажано поинаку, тоа е моќта на личниот пример или *референтната моќ*. Оваа моќ произлегува од желбата на следбениците да се идентификуваат или да го имитираат лидерот. Популарноста на лидерот е правопропорционална со желбата на следбениците да го имитираат.

Силата на лидерот извира и од *довербата* што ја има кај следбениците. Градењето доверба е постојан процес кој помага во поттикнувањето на следбениците. Лидерот мора да изгради два типа доверба: доверба во неговите намери и доверба во неговите способности. Кога не постои клима на заемна доверба, се појавуваат конфликти и следбениците се збунети. Важен аспект на градењето доверба е *моќта за убедување*. Убедувањето, проследено со аргументирање, значи влијание врз трите регистри на говорот, како влијание врз емоциите, влијание врз логиката и влијание врз реалноста (случувањата).

Според теоријата на Bass има три начини да се стане лидер:

1. Индивидуални карактеристики на личноста (Теорија на карактеристиките);
2. Кризни или значајни настани, кога личноста демонстрира исклучителни лидерски способности (Теорија на големи настани);
3. Може да се стане лидер и со учење на лидерските вештини (Теорија на трансформациско лидерство).

Но, ниедна од овие теории не може еднострано да се прифати. Да се биде вистински лидер потребни се некои типични црти (енергичен, смел, проактивен, ангажиран, оптимистичен, мудар, флексибилен, принципиелен, чесен, харизматичен итн.), но и условите и времето во кое живее личноста влијае таа да прерасне во лидер. Одредена личност, во одреден момент и од различни причини, може да биде поставена на лидерска позиција, на пр.: претседател на држава, претседател на партија или на друга лидерска функција, но тоа автоматски не го прави и добар лидер. Тогаш таквата личност се наоѓа на ниво на својата некомпетентност, бидејќи не е подготвен да се справи со комплексноста на таа функција. Затоа се смета дека лидерството е процес, а не позиција.

Лидерството во својата суштина не може да постои без следбеници, па според тоа е активност да се делува врз волјата на другите да се прифатат поставените цели и задачи и тие да се реализираат. Тоа секогаш вклучува иницијативност и барање промени. Лидерот треба да знае да управува со промените и да биде *креативна и творечка личност* (генератор на идеи). За жал, има малку лидери кои прифаќаат творечки напори.

Основата на лидерството во поголем дел се темели на *визија, инспирација и импулс*[4], а не само на планови и анализи.

Визијата е слика за тоа каква треба да биде организацијата и на кој начин треба да се реорганизира. Инспирацијата ги води следбениците кон дејствување. Импулсот во проектите и иницијативите е она што организацијата ја води кон достигнување на крајната цел. Силните лидери еднакво ги користат трите елементи. Оној кој создава претстави и дава идеи, а не инспирира, не е добар лидер, како и оној кој дава импулс, а не создал една општа, споделена визија со своите следбеници. Ефикасните лидери најчесто започнуваат со развивање на визијата, а потоа се насочуваат кон инспирација и импулс. Визијата се спроведува преку „посејување“ идеи и нивно испробување; инспирацијата се спроведува преку искористување на харизмата и изградба на доверба, ангажирање луѓе и обединување на фракциите и импулсот преку поддршка на иницијативите, галванизирање на напредокот и „чистење“ на патот.

Лидерот треба паралелно да негува два пристапа во своето дејствување: *рационален*, кој се однесува на формулирањето цели и донесувањето одлуки, и *емоционален*, кој се однесува на придобивање на срцата на следбениците, а не на нивните глави.

Добриот лидер поминува скоро 80% од своето време во комуникација и тој е поефикасен кога ќе успее да ги придобие соодветните луѓе да ги „купат“ неговите предлози. Познавањето на *комуникациските вештини* е клучно за лидерот.

Токму затоа ефективноста на лидерот не се однесува на ефективноста на постигнатите резултати. Лидерството не е во врска со грижата на лидерот за исходите (резултатите). Во јадрото на секое лидерство лежи односот на лидерот со следбениците. Многу често, кандидатите во изборните кампањи, целата своја енергија ја трошат во убедувања за целите што ќе ги постигнат ако бидат избрани. Но, за да се биде избран, целите не се бараниот исход. Во дебатите на кандидатите, се забележува дека тие имаат многу слични гледишта за повеќето важни цели, дури понекогаш имаат и исти цели, но само еден ќе биде избран. Затоа се поставува прашањето: Која е причината едниот, а не другиот, да биде избран за лидер?

Причината најчесто се бара во поимот „*харизма*“. Теоријата за харизмата стана популарна во Теоријата на лидерството во својот традиционален индивидуален и бихевиорален приод. Харизмата, како термин преземен од теологијата, се однесува на талент даден од Бога, како дарба. Овој термин прв го употребил Max Weber (1864-1920) во опишувањето на политичкото лидерство. Поновите проучувања покажуваат дека луѓето чувствуваат лична привлечност од харизматскиот лидер. Всушност, таа привлечност е клучот за силниот заемен однос лидер-следбеници. Овој феномен, во лидерството создава

[4] Max Laandsberg , *The Tools of Leadership* , Higgins 2000.

следбеници кои со целото свое срце, дури и слепо, веруваат во исправноста на верувањата на лидерот; следбеници кои чувствуваат приврзаност кон лидерот и се повинуваат на неговата волја и следбеници кои чувствуваат емоционална инволвираност во мисијата во која се водени. Денешната политичка констелација во Македонија можеби сугерира дека се појавува силна потребата од харизматски лидер.

## Профилот на политичките лидери во Македонија

Од денешна перспектива, сосема се оправдани размислувањата дека процесот на транзиција (или можеби подобро е да се употреби терминот трансформација) во Македонија е веќе завршен. Политичките партии, со своето присуство на македонската политичка арена, од една страна, и можноста што им се даде да ја практикуваат власта, од друга страна, користејќи ги досегашните лични искуства, мораат да размислуваат за потенцијално подобрување ако сакаат да ги уверат гласачите во исправноста на нивното политичко дејствување.

Развојот на демократските процеси меѓу другото, значи и давање моќ и право (власт) на народот да учествува во управувањето со заедница. Стабилноста на овие процеси е знак дека Македонија се движи во добра насока, бидејќи процесот на децентрализација не е можен доколку претходно не се обезбеди стабилен демократски систем.

Паралелно со децентрализацијата, што значи пренесување на овластувањата и право на самостојно одлучување на пониските нивоа во организациската структура, треба да течат и процесите на демократски промени внатре во политичките партии.

Постојаното приспособување кон новите процеси (во државата, но и во глобални рамки) и управувањето со промените мора да биде стратешка цел на политичките партии. Улогата на носител на овие промени ја има лидерот, кој со својот проактивен однос (подготвеноста да се пресретне промената и на неа адекватно да се одговори) е целосно одговорен за успехот или неуспехот на партијата да ги одржи и зацврсти своите позиции.

Прифаќањето на промените како неминовност, значи прифаќање нови форми на организирање и нови насоки за дејствување. Затоа лидерите треба да го прифатат моделот на трансформациско лидерство[5] кое овозможува активно учество на следбениците во достигнувањето на целите, почитување на вредностите и етичките принципи.

Во изминативе години лидерите практикуваа автократски стил на раководење што можеби и се оправдуваше, како потреба да се „стегнат“ редовите, да се изгради стабилна инфраструктура и да се втемелат правилата и принципите на дејствување. Но, ако лидерот продолжи да го користи овој стил и понатаму, тоа ќе резултира со незадоволство на следбениците и пад на позициите на партијата.

Политичкиот лидер во Македонија треба да негува демократски

[5] Eugen McKenna, *Business Psychology and Organizational Behavior* , Third edition. Psychology Press, East Sussex, 2001.

пристап во раководењето или познат како „партиципативен" стил на раководење што подразбира доверба во следбениците, силна вертикална комуникација од врвот до базата и обратно, размена на идеи и мислења, охрабрување за донесување одлуки и мотивација на следбениците преку нивно партиципирање во избор на целите и напредокот на партијата. Позитивното искористување на човечкиот потенцијал е поврзано со формирање силни тимови кои ќе одговорат на поставените задачи. Ваквите тимови ќе бидат победнички тимови кои заедно со лидерот ќе бидат моторната сила на партијата. На овој начин лидерот ќе обезбеди и поддршка за сопственото дејствување.

Политичките партии во Македонија имаат потреба од силни лидери кои ќе бидат интегратори. Според тоа, задача на лидерите ќе биде да се развиваат преку постојано самообразување, обука и учење од искуство. Личното усовршување ќе ја зголеми нивната стручност, одговорност и преку личниот пример ќе влијаат на следбениците.

**Abstract**

This text analyses the profile of a political leader in Macedonia. The starting point of the essay are the political theories on the phenomenon of political leadership, and on the basis of that, reviews contemporary Macedonian political leadership in general. The text also focuses on the future, providing guidelines for the upcoming leadership.

Економетрија и изборното однесување на граѓаните

# Влијанието на економските текови врз резултатите од изборите

Ивица Боцевски

Дали состојбата и движењата на националната економија во изборната година влијаат врз резултатите од националните избори? Наједноставниот одговор би бил „Да, секако дека влијаат“. На тоа природно се надоврзува прашањето дали е можно да се предвидат резултатите од националните избори врз основа на трендовите во националната економија на одредена земја? Одговорот повторно е „Да“. Но, на третото прашање - со која прецизност може да се предвидат резултатите на националните избори врз основа на движењата во националната економија, одговорот е мошне маглив.

Досега со предвидување на изборните резултати, покрај традиционалните врачеви и вуду свештеници, како и нашите домашни бајачки и гледачки, се занимаваа и испитувачите на јавното мислење. Во Република Македонија, за жал, испитувачите на јавното мислење и аналитичарите најчесто се занимаваат со објаснување зашто не успеале да ги предвидат резултатите од националните избори, што превиделе и слично.

## Економетријата и изборното однесување

Од 1978 година во оваа област навлезе и економската наука со својот специфичен метод на проучување - регресионата анализа. Економистот Рас C. Fair (Реј Феар) од Princeton (Принстон) во таа година го објавува написот – The effect of Economic Events on Votes for President (Ефектите од економските настани на гласовите за претседателот). Регресионата анализа е статистичка техника што се употребува за испитување на можните регуларни текови при проучувањето на историските податоци. Регресионата анализа може да помогне за да се разбере и објасни минатото, како и за да се предвиди иднината. Овој метод може да се искористи во многу области. Може да се проучува сексуалноста, човековите навики, оценките на студентите, резултатите на спортистите, а во економската наука регресионата анализа станува кралица на сите техники.

Авторот на регресионата анализа бил инспириран од чудниот успех на Orley Ashenfelter во 1971 година. Во почетокот на 1970., Крамер го напишал својот семинарен текст каде што тврди дека бројот на гласовите добиени од партиите на националните избори зависи од економските настани во изборната година. Користејќи ги тезите на Крамер, Ashenfelter пресметал дека претседателот Никсон ќе добие нешто повеќе од 60 проценти од гласовите. Никсон добил

точно 61.8 проценти. Инспириран од овој успех на Ashenfelter, Фаир започнал да работи на развивање на модел на регресиона анализа за објаснување на однесувањето на избирачите. Неговиот модел се надоврзува на теориите на Крамер, Стиглер и Downs.

## Како изгледа моделот на Фаир?

Варијаблите во моделот се следните:

VOTE (глас) = процентот на добиени гласови на владејачката партија;

PARTY (партија) = оваа варијабла има вредност 1, ако претседателот е демократ во моментот на изборите и вредност - 1, ако претседателот е републиканец;

PERSON (личност) = вредност 1, ако претседателот се кандидира за уште еден мандат и 0, ако не се кандидира;

DURATION (времетраење) = вредност 0, ако партијата на претседателот е на власт само еден мандат, 1 ако партијата на претседателот е на власт во времетраење од 2 последователни мандати, 1.25 ако партијата на претседателот е на власт три последователни мандати, 1.50 за четири последователни мандати и така натаму;

WAR (војна) = вредност 1 за изборите во 1920, 1944 и 1948 и 0 во сите други изборни години;

GROWTH (раст) = стапката на раст на БОП по глава на жител во првите три квартали на изборната година (стапката на годишен раст на БОП);

INFLATION (инфлација) = апсолутната вредност на стапката на раст на БОП дефлаторот во првите 15 квартали од мандатот на администрацијата (годишна стапка), со исклучок на 1920, 1944 и 1948 кога вредностите се нула;

GOODNEWS (добри вести) = бројот на кварталите во првите 15 квартали од мандатот на администрацијата во кои стапката на раст на БОП по глава на жител е поголема од 3.2 проценти на годишно ниво со исклучок на 1920, 1944 и 1948 кога вредноста на оваа варијабла е нула.

При оваа регресиона анализа се користи линеарниот модел. На левата страна од равенката се наоѓа варијаблата VOTE, а другите варијабли и константата се наоѓаат на другата страна. Примерокот користен во анализата започнува со изборите од 1916 година, а се користат податоците од сите претседателски избори, вклучувајќи ги и последните од 2000 година. Значи моделот ја има следната форма:

$$\begin{aligned} \text{VOTE} = {} & \alpha + \beta \cdot \text{PARTY} \\ & + \gamma \cdot \text{PERSON} + \delta \cdot \text{DURATION} \\ & + \varepsilon \cdot \text{WAR} + \varphi \cdot \text{GROWTH} \\ & + \lambda \cdot \text{INFLATION} \\ & + \mu \cdot \text{GOODNEWS} + \text{err} \end{aligned}$$

Фаир почнал да го разработува моделот со првиот текст од 1978, а сегашната форма е од последната ревизија на моделот од 1998 година.

Како би изгледала равенката за предвидување на изборните резултати во 2004 година?

Ќе започнеме со внесување на вредностите за политичките варијабли. Вредноста на варијаблата PARTY е -1, DURATION е 0, а WAR е 0. Бидејќи претседателот Буш ќе

биде кандидат на републиканците на претстојните избори, вредноста на PERSON е 1. Ако ги внесеме овие вредности во равенката и ја додадеме константата, добиваме вредност од 55.57. Во тој случај равенката ја добива следната форма:

$$VOTE = 55.57 + 0.691 \cdot GROWTH - 0.775 \cdot INFLATION + 0.837 \cdot GOODNEWS$$

Ако се земат предвид движењата во американската економија во текот на изминатиов период и се предвиди понатамошен позитивен тренд во американската економија, тогаш претседателот Буш е фаворит на есенските избори. Тој би добил 58 проценти од гласовите (статистичката грешка во моделот е ± 2.4%). Доколку, пак, се земат песимистичките прогнози за американската економија, тогаш предноста на претседателот паѓа на 53 проценти, што во превод значи реприза на тесните избори од 2000 година.

Дали ова значи дека американските избори се решени и дека Џон Кери треба веќе утре да се повлече од трката и да му ја честита победата на претседателот Буш? Ова ќе биде логично, ако се претпостави дека homo economicus се однесува рационално, нели?

Одговорот е дефинитивно - НЕ.

Економската состојба е само еден од факторите кои влијаат врз определувањето на избирачите. Рекомпонирањето на американската надворешна политика од страна на оваа администрација, ескалацијата на судирите во Ирак и Авганистан, нов терористички напад на почвата на Америка може преку ноќ да ја промени перцепцијата за приоритетите на американскиот граѓанин. На тоа се надоврзуваат и политиките во социјалната, образовната и здравствената сфера на оваа администрација кои може да имаат негативен одраз врз состојбата на огромен дел од популацијата на САД.

Вториот проблем е проблемот врзан со развојот на овој модел. Авторот експериментира со овој модел од 1978 и досега неколку пати ги менуваше бројките и претпоставките. Тука треба да се анализира и проблемот со економските варијабли. Оваа година економскиот раст во САД не покажува и тренд на пад на невработеноста што било случај во минатото. Значи дилемата е дали за граѓаните е битен економскиот раст, како таков, или начинот на кој што економскиот раст се одразува врз нив (пад на невработеноста). Исто така, при пресметката се претпостави дека во САД ќе продолжат позитивните економски трендови, но сè уште ги немаме реалните бројки за вториот квартал годинава, а третиот квартал започнува во јули.

Не смее да се заборави ниту американската изборна геометрија. Економските варијабли се разликуваат драстично од држава до држава. Флорида, Охајо, Њу Мексико, Мичиген, Тенеси, Пенсилванија се држави каде ќе се решаваат изборите. Секоја од нив се разликува со своите економски специфичности, а моделот не ги зема предвид овие разлики.

На крајот на краиштата треба да се потцрта дека моќта на објаснување на овој модел е 53 проценти. Останатите 47 проценти не се опфа-

тени со моделот. Ова е мошне висок процент на експликација, но очигледно е дека треба уште многу да се работи на усовршување на овој модел. Всушност, одговорот на прашањето кој ќе ги добие изборите можеби лежи токму во овие необјаснети 47 проценти.

### Дали е можно овој модел да се примени во објаснувањето на резултатите од изборите во Република Македонија?

Типичниот одговор на секој „упатен“ експерт би бил дека тоа воопшто не е можно од причини што западните модели се неприменливи во балкански, медитерански, транзициони или едноставно македонски услови. Тука некаде завршува и сета приказна на сите конференции, семинари, дебати, ТВ емисии, па дури и во самите амфитеатри на Универзитетите во Република Македонија. Потоа уживаме во прекажување на кафеанските приказни и кулоарските муабети за политичките трендови, како и во натпревар за бројот на прочитани текстови и книги за ситуацијата во Шведска, Норвешка, Франција, САД и во другите нормални земји.

Ова јасно ја прикажува ситуацијата во македонската општествена наука. Таа е сè уште схоластички ориентирана наука во идеолошка служба на режимот, насочена кон одбрана на вечното status quo.

Тоа што не сме развиле економетриски модел на предвидување на македонските избори може само да значи дека не сме се труделе доволно, а место за истражување постои.

Ако ги споредиме варијаблите од равенката на Фаир, бинарниот модел на македонската политичка сцена ни овозможува да ја пресликаме варијаблата PARTY. Притоа можеме да ги агрегираме гласовите на владејачките и на опозиционите партии, но и да ги користиме гласовите добиени за СДСМ и за ВМРО-ДПМНЕ. Економските варијабли може буквално да се пресликаат, иако треба да се има предвид дека помнењето на македонските граѓани е можеби подолго или пократко од помнењето на американските граѓани.

Резултатите од изборните циклуси во 1998 и 2002 покажуваат дека македонските граѓани, пред сè, размислуваат во економски термини кога решаваат кому да му го доверат гласот.

Најголемиот проблем со примената на овој метод ќе биде сепак малиот број на изборни циклуси од осамостојувањето на Република Македонија (4 национални избори за Собранието - 1990, 1994, 1998 и 2002).

Целта на овој текст е да се отвори дебата за равенката за предвидување на изборното однесување на граѓаните во Република Македонија. Сметам дека покрај варијаблите предложени од Фаир, треба да се земат предвид и нашите македонски посебности, посебно во политичкиот дел, па ги повикувам експертите од сферата на политичките науки да предложат варијабли за експликација на македонската реалност.

И на крајот, да не заборавиме дека социјалните науки се обидуваат да најдат некои правилности во

сферата на својот интерес. Во овој случај, се проучува изборното однесување на граѓаните. Ние како истражувачи настојуваме да ги усовршиме нашите модели, со строга и ригорозна употреба на научните методи. Притоа, нормално, нашите субјективни преференци не смее да влијаат воопшто врз резултатите на нашите испитувања. Нашите испитувања треба да ги објаснат феномените, наместо да се обидуваат да ги обликуваат. Но, како граѓани ние имаме политички ставови и определби и мора да се потцрта дека секој од нас е живо заинтересиран за тоа кому ќе му го даде својот глас и својата доверба.

**Abstract**

Economic trends tend to be one of the decisive factors for shaping the electoral behavior of the citizens in the election year. Yale economist Ray C. Fair has been developing the model of predicting the outcome of the presidential elections in the USA since 1978. This article explains the advantages and the pitfalls of this model, with special emphasis on the coming presidential elections in fall 2004. The other part of the text focuses on the possibilities of applying this model on the Macedonian political system for predicting the outcome of the parliamentary elections.

# Кристалната топка во македонската политика

## Предвидување на изборните резултати во Р Македонија

Дане Талески

*„Политика, именка - Борба на интереси маскирана како натпревар на принципи“.*

*Амброуз Бирс (1842 - 1914), „Речникот на Ѓаволот“*

Еден од главните белези на политичкиот процес во демократските општества се изборите. Тие се чин на пренесување на колективната волја на граѓаните на кандидатите за политичка функција или на политичките партии. Со тој чин победниците на изборите добиваат легално право[1] да ја заземат политичката функција за која претендирале. Изборите во демократија се поставени квантитативно, под едно од темелните начела на демократијата[2] - „мнозинството одлучува”. Ова е во тесна врска со легитимитетот[3] на изборите, односно со легитимитетот на извршување на функцијата која се освоила на изборите. Во демократијата основата на поредокот, со тоа и на легалноста и на легитимитетот, почива врз граѓаните. Со добивањето на поддршка од граѓаните и со освојувањето на мнозинство гласови на изборите политичките кандидати или партии добиваат легитимитет за легално да ги извршуваат функциите за кои претендирале. Минималниот процент за добивање на легитимитет се определува со законски норми во однос на тоа каков е изборниот модел и за каква функција се организираат изборите. Определувањето на минимален процент за легитимност обично се однесува на процентот на минимум излезени гласачи за изборите да се сметаат за успешни, додека пак победник и освојувач на тој легитимитет е оној кандидат или политичка партија којашто добила најмногу гласови од сите излезени гласачи. Иако процентите за успешност т.е легитимност на изборите се различни, заедничка константа за сите е добивањето на мнозинска поддршка од граѓаните односно наведување на поголем дел од колективната волја зад одредена политичка партија или кандидат.

[1] Легалитет - дејства во согласност со постоечкиот правен поредок на државата, “Енциклопедија политичке културе”, *Савремена администрација*, Београд 1993.

[2] Самиот термин демократија деривира од грчките демос (народ) и цратеон (владеење), што во контекст на преводот значи владеење на мнозинството.

[3] Легитимитет - општа согласност врз основа на уверувања за оправданост и општо прифатени принципи, “Енциклопедија политичке културе”, *Савремена администрација*, Београд 1993.

## Испитувања на јавното мислење

Главната одредница во препознавањето на метафизичката категорија на колективна волја е јавното мислење на граѓаните. Јавното мислење „најчесто се сретнува во печатот во врска со политичкиот живот на некоја земја"[4]. Јавното мислење како засебна категорија научно е препознаено и проучувано во сите досегашни општествени системи и форми на владеење во различни временски периоди. Се чини дека заедничко за сите различни форми и периоди на јавното мислење заеднички се две работи: динамиката на јавното мислење и како надополнување на тоа промените во јавното мислење. На најопшто ниво треба да се потенцира дека јавното мислење „не се врзува со законодавните одлуки и дека го претставува заедничкиот став на мнозинството"[5]. Сепак со развивањето на демократијата и со препознавањето на важноста на јавното мислење се јавува потребата од следење и утврдување на ставовите на јавноста. Систематското и научно истражување на јавното мислење, кое воедно е и објективна слика на реалноста се јавува со проширувањето на избирачкото право, така што избирачкото тело во исто време е и комплементарно со општата јавност.

Првите идеи за истражување на јавното мислење се јавуваат на универзитетот во Чикаго во втората деценија на 19. век со проучувањата на општествените науки на емпириска основа. А првите обиди за систематско истражување датираат од 1927 со книгата на Харолд Ласвел "Техничката пропаганда во Светската војна"[6], во која Ласвел се обидува да ги сумира искуствата од Првата светска војна и влијанието на пропагандата врз луѓето. Оттогаш, па до денешен ден техниките и научната методологија за проучување и детектирање на јавното мислење постојано се усовршува и добива на углед. После почетните промашувања и недоследности во предвидувањата првиот значаен успех на испитувањето на јавното мислење се "предизборните анкети на Галуп, Ронер и Кросли, кои (м.з) успеваат да го предвидат повторниот избор за претседател на Рузвелт во 1936 година"[7].

Денес истражувањата на јавното мислење веќе имаат свое засебно место во предизборниот процес, но и пошироко во рамките на целиот политички простор. Нивната релевантност и нивната најголема вредност доаѓа во моментите пред започнувањето на политичките кампањи за некои избори, како и за време на спроведувањето на тие политички кампањи. Испитувањето на јавното мислење има централна улога во кампањскиот процес, кој не ретко се води помеѓу политичките партии и помеѓу изборите. Според Патрик Кадел: „Во суштина... управувањето со јавноста бара продолжена кампања"[8]. Испитувањето на јавното

[4] Supek, Rudi. "Ispitivanje javnog mnjenja", *Sveučilisna naklada Liber*, Загреб 1981 стр.41

[5] Ибид

[6] Мателар, Арман и Мишел. „Историја на теориите на комуникација", *ЕИН-СОФ и АЛЕФ*, Скопје 2003, стр. 27.

[7] Ибид, стр.29

[8] Blumenthal, Sidney. „The permanent campaign" *Shimon and Shuster,* New York, 1984

мислење почнува за политичарите да станува главен дел за прибирање на информации и еден од основните детерминанти во креирањето на политичките решенија, а уште повеќе во нивната реализација. Со испитувањата на јавното мислење "политичарот има на располагање поцелосни податоци за она што луѓето го бараат - мапа на менталната географија на секој гласачки сегмент"[9]. Денес во поразвиените западни демократски општества, незамисливо е процес на креирање и имплементирање на политика, а уште помалку започнување и имплементирање на политичка кампања без детално и исцрпно истражување. Најеклатантни примери на уважување на истражувањата на јавното мислење се наоѓаат во САД. Така, на пример, Едвард Кенеди во „својата прва сенаторска кампања фокусот го поставил врз стратегијата на разуверување за да покаже искуство и информираност"[10], и тоа под влијание на истражувањата на јавното мислење. Постојат и случаи кога испитувањата на јавното мислење покажуваат неповолни резултати по кандидатот, и под влијание на тие резултати кандидадот да се откаже од изборите, на пример „повлекувањето на гувернерот Џорџ Ромни од примарните избори во Њу Хемпшир"[11].

Во Република Македонија во последните неколку години испитувањата на јавното мислење се прават сè почесто и резултатите од тие испитувања сè повеќе се сметаат за релевантни[12]. Се разбира дека стандардите и прифаќањето на резултатите се далеку под нивото на понапредните демократски системи. Сè уште постои високо ниво на скептичност во резултатите на испитувањата на јавното мислење, и од страна на граѓаните и од страна на политичарите, кај кои дури и нема јасна перцепција за потребите од систематизирано и научно следење на јавното мислење.

Недовербата, односно различното поимање на истражувањата на јавното мислење се директно условени од политичката култура на граѓаните и од традицијата на демократски општествен систем. Иако истражувањата и кај нас и на други места, помалку или повеќе, се изработуваат по иста или многу слична методологија. Во однос на испитувањето на јавното мислење треба да се запазат следните фази:

1. формулација на проблемот и предметот на истражувањето;
2. избор на методите за собирање на податоците;
3. утврдување на примерокот за истражување;
4. собирање на податоците;
5. анализа и обработка на податоците;
6. заклучоци и препораки за дејствување.[13]

---

[9] О'Шонеси, Николас. "Феноменот на политичкиот маркетинг", *ПНИД СТЕП,* Скопје 1994, стр.187

[10] Ибид, стр.178

[11] Ибид, стр. 179

[12] Ако до пред 10 години единствено Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања правеше испитувања на јавното мислење, денес покрај нив веќе има и повеќе други организации и агенции кои се занимаваат со истата проблематика, како што се: Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество, Стратус, Strategic Marketing Research, Брима Галуп, како и други маркетинг и ПР агенции.

[13] Supek, Rudi. "Ispitivanje javnog mnjenja", *Sveučilišna naklada Liber*, Загреб 1981стр.62

Поголеми разлики во спроведувањето на истражувањата не постојат. Разликите се јавуваат во однос на различните методи за собирање на податоците, дали податоците ќе се собираат преку испраќање на прашалници по пошта кои би биле враќани, односно дали податоците ќе се собираат преку телефонски разговори со испитаниците, или, пак, преку лични интервјуа со нив. Иако самите податоци најчесто се собираат преку анкетни прашалници, кои треба да содржат јасно формулирани и кратки прашања. Одговорите треба да ги рефлектираат ставовите на испитаниците. Според Нимо типичниот прашалник содржи: „податоци за вреднување, филтрирање на прашањата за да се процени политичката свест на испитаникот, информативни прашања, прашања за слободен коментар, прашања за објаснување и прашања од структуирано интервју"[14]. Друга разлика, која што е можно да се појави, е во однос на креирањето на примерокот бидејќи има различни методи на негово составување, по пат на случаен избор или квотен примерок[15]. Сепак, секое истражување се труди примерокот кој го користи да биде колку што е можно порепрезентативен во однос на општата јавност.

[14] О'Шонеси, Николас. "Феноменот на политичкиот маркетинг", *ПНИД СТЕП,* Скопје 1994, стр.177

[15] По пат на случаен избор - испитаниците се бираат по пат на случаен избор во помали определени целини низ целата земја, пр. во одредено село се испитуваат одреден број лица од неколку различни куќи, додека во квотниот примерок точно се утврдени бројот и карактеристиките (пол, возраст, образование и др.) на сите испитаници. Во пракса двата модела најчесто се комбинираат.

## Политички маркетинг

Дваесеттиот век е век на драстични промени во глобални рамки. Некои од најголемите промени во развитокот и проширувањето на демократските општествени системи се случува тогаш, на пример проширувањето на правото на глас за различни структури на граѓани кои дотогаш немале право на глас. Покрај суштествените значајни промени во општествените системи, дваесеттиот век носи промени и во техничките системи. Во овој век се појавуваат електронските медиуми за масовна комуникација (радио, телевизија и интернет), кои овозможуваат директен контакт со широка публика и во истиот момент до нив да испратат иста порака. Покрај постоечките печатени медиуми се зголемува можноста за поголемо влијание врз јавноста и нивните ставови, односно за формирање на јавното мислење. Во оваа временска констелација се јавува и политичкиот маркетинг во својата денешна форма и функција. Иако е познат во сферата на политиката, посебно во сите демократски општества кои организирале избори, дури во 20. век квалитативно се менува односот кон политичкиот маркетинг кој дотогаш се засновал на волунтаризам и импровизации. Често политичкиот маркетинг и во теоријата и во праксата се меша со пропагандата како "единствено средство за да се постигне согласноста на масата".[16] Сепак на политичкиот маркетинг не смее од поче-

[16] Мателар, Арман и Мишел. "Историја на теориите на комуникација", *ЕИН-СОФ и АЛЕФ*, Скопје 2003, стр. 27

ток да му се придава пејоративно значење. Политичкиот маркетинг налага кампањата да биде фокусирана и приспособена на ставовите на јавноста, односно кон специфичните делови на јавноста. Со самото тоа специфичните проблеми на заедницата, или поединците си наоѓаат место во политичките процеси. Иако постојат големи сличности со пропагандата, „малку информации, специјални пропагатори и премостување на медиумите и директен допир со и мотивација на субјектите"[17] во основа тие се различни. Пропагандата има за цел индоктринација и трајна мобилизација на граѓаните. А политичкиот маркетинг има за цел да ги мобилизира граѓаните пред изборите во што поголем број зад одреден кандидат или политичка партија.

Во принцип досегашните напомени се теоретски осврт на испитувањата на јавното мислење и на влијанието кое политичкиот маркетинг го трпи од нив, но воедно и го враќа преку испраќањето на одредени пораки до специфичните делови од јавноста. Во Македонија како што е млад процесот на демократизација на општеството така е млада взаемната поставеност и односите помеѓу научните систематизирани истражувања и политичките процеси.

Уште од најстари времиња, владетелите или политичарите, барале совети за иднината и во зависност од временскиот период се обраќале до религиозните храмови, пророчниците, волшебниците, најстарите, најмудрите, најбогатите, најпаметните, а денес веќе и најучените. Во светот процесот на политичко советување еволуирал од интуитивни совети на сенилни старци и трансцендентални визии на полуразголени жени до емпириски истражувања и објективни анализи на мерливи категории. Со еден збор науката го замени празноверието. Што во голема мера не е и случај со Македонија, каде истражувањата и анализите на политичката реалност се прават ретко, а уште поретко се земаат предвид од страна на релевантните политички актери. На кратко преку најсвежиот пример на поминатите претседателски избори ќе се обидеме да илустрираме дека и нашата реалност е сосема податлива за научни испитувања и објективни анализи и предвидувања.

## Претседателски избори во РМ 2004

Заради трагичниот настан и губењето на претседателот Трајковски во април 2004 година беа распишани предвремени Претседателски избори. На предвремените избори како кандидати се јавија следните[18]:

1. Зиди Џелили - предложен од најмалку 10.000 избрирачи;
2. Бранко Црвенковски - предложен од најмалку 30 пратеници;
3. Гзим Острени - предложен од најмалку 10.000 избрирачи;
4. Сашко Кедев - предложен од најмалку 10.000 избрирачи.

Државната изборна комисија објави дека во единствениот изби-

[17] О'Шонеси, Николас. "Феноменот на политичкиот маркетинг", *ПНИД СТЕП,* Скопје 1994, стр. 28

[18] www.dik.mk

рачки список има регистрирани 1.695.103 гласачи кои ќе гласаат на 2.973 избирачки места и дека целата територија на Република Македонија е една изборна единица. Повеќе од јасно беше дека на претседателските избори се појавија најголемите парламентарни партии со свои кандидати. Односно Зиди Џелили како кандидат на ДПА, Бранко Црвенковски како кандидат на СДСМ, Гзим Острени како кандидат на ДПА и Сашко Кедев како кандидат на ВМРО-ДПМНЕ. На македонската политичка сцена имаше одлична констелација на односи за систематизирано научно испитување на јавното мислење виса ви престојните политички процеси. Бидејќи една од главните цели и мотиви за постоење на Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество е да ја анализира и проучува политиката во Македонија, и да придонесе кон развивањето на научни пристапи и методологии во креирањето и имплементирањето на политичките решенија, на ваквиот предизвик мораше да се одговори[19].

На 3 април 2004 стручниот тим на ИДСЦО спроведе испитување на јавното мислење по пат на телефонски интервјуа на репрезентативен примерок од 1.055 испитаници на целата територија на РМ[20]. Истражувањето покажа дека во тој момент 25,3% од граѓаните би гласале за Бранко Црвенковски, 20,9% би гласале за Сашко Кедев, 4,5% би гласале за Зуди Џелили, а 7,5% би гласале за Гзим Острени. Околу 30% од испитаниците одговориле дека сè уште се неопределени, а 11% одговориле дека нема да гласаат на престојните избори[21]. Според ова истражување во дадениот момент за Бранко Црвенковски би гласале околу 428.000 избирачи, за Сашко Кедев околу 354.000, за Гзим Острени 133.000 и за Зуди Џелили 76.000.

Параметрите на ова прашање не можат да бидат разгледувани сами по себе бидејќи како што напоменавме сите кандидати се претставници на посебни политички партии, и големо влијание на изборот на граѓаните има и поддршката од дотичната политичка партија. Според истражувањето СДСМ во тој момент имала поддршка од 21,5% од граѓаните, ВМРО-ДПМНЕ 15,2%, ДУИ 6,6%, а ДПА 2,9%[22]. Анализата на резултатите покажува дека СДСМ во тој момент имала поддршка од околу 364.000 гласачи, ВМРО-ДПМНЕ од околу 257.000, ДУИ од 111.000 гласачи и ДПА околу 49.000.

Ако се споредат резултатите на поддршката на гласачите на кандидатите и поддршката на нивните политички партии според истражувањето од 3 април 2004 спроведено од страна на ИДСЦО на 10 дена пред првиот круг на избори би можело објективно да се очекува дека Бранко Црвенковски како кандидат на СДСМ би добил околу 380.000 гласови, Сашко Кедев како кандидат на ВМРО-ДПМНЕ околу 300.000, Гзим Острени како канди-

[19] Резултатите од истражувањата кои ќе бидат разгледувани претходно не биле објавени, а ИДСЦО ги правеше за свои потреби

[20] Од нив 46% беа мажи, 54% жени; 70% Македонци, 22% Албанци и 8% останато.

[21] ИДСЦО – Телефонско испитување на јавното мислење во РМ, 03.04.2004

[22] Ибид

дат на ДУИ околу 120.000 и Зуди Џелили околу 64.000 гласови.

Друг доста значаен индикатор кој го покажа ова истражување беше и фактот дека најголем дел од граѓаните, поточно 62% од нив одговориле дека од пресудно значење во нивниот избор ќе бидат личните карактеристики на кандидатот. Во уште поконкретни бројки тоа покажува дека преку 1.000.000 од гласачите примарно се интересираат за личните потенцијали на кандидатите, отколку за нивните политички партии.

Во однос на апстиненцијата на гласачите истражувањето покажа дека во однос на кандидатите околу 40% од гласачите немаат свој став, а во однос на политичките партии нешто повеќе околу 49%[23]. Според тоа би можело да се претпостави дека пред првиот круг на избори околу 45% од општата јавност немаат изграден став во однос на изборите, односно дека се апатични. Сепак немаше значајни индикатори дека најголем дел од нив ќе апстинираат од гласање, но и таа можност требаше да се земе предвид.

Во кампањата која што ја започнаа кандидатите на почетокот можеше да се забележи дека имаат одредени индикации за ставовите на јавноста и поради тоа и нивните пораки беа формулирани на начин кој излегуваше од партиските рамки. Но, таа претстава не се проследи до крај, посебно што во изборните штабови влегоа потесните раководства на партиите, а прес-конференциите обично се одржуваа во просториите на политичките партии.

[23] Ибид

Како што се приближуваше 14 април, кампањата добиваше сè повеќе изгледа на класична борба помеѓу политичките партии, на митинзите се употребуваа партиски симболи, говорниците беа носители на најзначајните функции во партиите, а одреден замав зеде и негативната кампања, и кандидатите почнаа лично да се напаѓаат. Кампањата траеше само 10 дена, така што не може да се каже дека сите овие компресирани обиди остварија поголемо влијание врз јавноста.

На 13 април, еден ден пред гласањето, ИДСЦО спроведе ново испитување на јавното мислење по пат на телефонски интервјуа на репрезентативен примерок од 1.055 испитаници на целата територија на РМ[24]. Резултатите покажуваат дека за Бранко Црвенковски се изјасниле дека ќе гласаат 26,3% од испитаниците или околу 445.000 од гласачите, за Сашко Кедев се изјасниле 18,1% од испитаниците или 306.000 гласачи, за Гзим Острени се определиле 7,4% од испитаниците или 125.000 и за Зиди Џелили 2,7% од испитаниците или околу 45.000 гласачи. Според спектарот на политичките партии од кои доаѓаат СДСМ во тој момент имаше поддршка од 22,8% односно 380.000 гласачи, ВМРО-ДПМНЕ околу 16% или 270.000 гласови, за ДУИ се изјасниле 6,3% од граѓаните односно 105.000 гласови и ДПА 1,8% т.е 30.000 гласови[25].

Аналитичкиот научен пристап кон овие резултати, земајќи ги

[24] Од нив 43% мажи, 56% жени; 77% Македонци, 15% Албанци и 15% останати.

[25] ИДСЦО - Телефонско испитување на јавното мислење во РМ, 13.04.2004

предвид и демографските карактеристики на испитаниците насочува на предвидување дека Бранко Црвенковски треба да освои најмногу гласови во првиот круг, и тоа некаде околу 410.000 гласови, Сашко Кедев би освоил околу 290.000 гласови, Гзим Острени би бил трет со 110.000 гласови и Зиди Џелили последен со 40.000 гласови.

Во однос на апатичните гласачи кај политичките партии тие во тој момент беа на 47% од целото избирачко тело, а во однос на кандидатите околу 41% од сите избирачи. Реалната процена покажува дека 24 часа пред првиот круг на изборите околу 43% од граѓаните во Македонија, или околу 728.000 гласачи беа неопределени.

Официјалните резултати од првиот круг на избори објавени од ДИК[26] велат дека на избори излегле 55% од гласачите или 935.000, односно околу 45% од гласачите не гласале т.е. 750.000 гласачи. Реалноста и предвидувањата во овој поглед покажуваат разлика која е помала од 2% од вкупното избирачко тело.

Во првиот круг на избори најмногу гласови освоил Бранко Црвенковски - повеќе од 385.000 гласови, втор бил Сашко Кедев со повеќе од 309.000 гласови, на трето место е Гзим Острени со повеќе од 134.000 и Зиди Џелили со повеќе од 78.000 гласови[27]. Предвидувањата во однос на реалните резултати ги покажуваат следните разлики:

1. кај Бранко Црвенковски разлика од околу 2%;
2. кај Сашко Кедев разлика од околу 1%;
3. кај Гзим Острени разлика од околу 1,5%;
4. кај Зиди Џелили разлика од околу 2%.

Очигледен е заклучокот дека испитувањето на јавното мислење на ИДСЦО пред првиот круг на изборите покажува отстапувања од реалните резултати кои се помали од 2%.

Испитувањето направено десет дена порано на 3 април покажува уште помали отстапувања од резултатите од првиот круг на изборите (помало од 1%), што покажува дека кампањата немала апсолутно никакво влијание врз ставовите на граѓаните, односно тие останале исти како што биле и пред кампањата. Во секој случај маргиналната грешка на процесот на испитување на јавното мислење кој се темели на научна методологија покажува незначителна варијација од 1 - 2% од реалните резултати[28].

Во вториот круг на избори продолжија Бранко Црвенковски и Сашко Кедев[29]. Генералната оцена на овој дел од кампањата и од анализите на медиумските случувања и од активностите на кандидатите е дека кампањата во овој период го изгуби својот интензитет. И двајцата кандидати се држеа до своите главни пораки, не внесувајќи нови моменти. Кедев остана “новото лице на Македонија”[30] со трите главни пораки “правда, сигурност, успех” обраќајќи се до сите гласачи со помалку или

[26] www.dik.mk
[27] Ибид

[28] Стандардна анкетарска грешка е до ± 3%; прифатена во светски рамки
[29] www.dik.mk
[30] www.kedev.com.mk

повеќе изразена поддршка за главните политички процеси кои се водат во моментот (влез во ЕУ и НАТО, заокружување на рамковниот договор и затворање на децентрализацијата), со можеби понагласена негативна кампања кон својот опонент. Бранко Црвенковски остана „државник" со пораката дека „треба да знаеш, треба да можеш"[31] обраќајќи се со веќе слушната и излитена фразеологија за сите клучни прашања во државата (ЕУ, НАТО, рамковен договор, безбедност, меѓународна соработка, економија), но и осврнувајќи се и на некои нови моменти (корупцијата во Македонија и соработка со другите политички партии[32]). Значи во однос на главните стратешки прашања за државата немаше поголеми разлики кај кандидатите, и додека едниот ги убедуваше граѓаните дека е потребно да дојде до целосна промена на политичките структури, другиот ги убедуваше дека е најдобро да се избере искусна и позната личност. Негативната кампања беше присутна и на двете страни, а поголема разлика пред вториот круг е тоа што „ДУИ во вториот круг на претседателските избори ќе го поддржи претседателскиот кандидат Бранко Црвенковски, и ги повика своите членови, симпатизери и населението да гласаат за него"[33]. За разлика од него Кедев не ја доби поддршката од ДПА и на Албанците им понуди „еднаквост и рамноправност со сите граѓани на Република Македонија"[34].

ИДСЦО на пет дена пред вториот круг на избори, на 23 април, направи испитување на јавното мислење по пат на телефонски интервјуа на репрезентативен примерок од 1.055 испитаници низ целата територија на РМ.[35] Според резултатите од испитувањето за Бранко Црвенковски се определиле 27% од испитаниците односно во бројки околу 457.000 гласови, додека Сашко Кедев ја добил довербата на 19,2% од испитаниците или околу 325.000 гласови[36]. Околу 27% од сите граѓани или повеќе од 457.000 не можеле да кажат за кого или дали воопшто ќе гласаат, а 25,9% одговориле дека нема да гласаат, што е повеќе од 430.000 гласачи[37]. Според резултатите од истражувањето на јавното мислење Бранко Црвенковски требаше да добие повеќе гласови отколку Сашко Кедев, но во неизвесност беше легитимноста на целиот процес бидејќи повеќе од пола од испитаниците, односно повеќе од 880.000 гласачи немаа утврдени ставови за кого и дали ќе гласаат. За да го утврдиме поточно процентот на апстиненција се постави прашањето колку од испитаниците гласале во првиот круг и колку ќе гласаат во вториот круг. Резултатите покажаа дека околу 75% од испитаниците гласале во првиот круг, но дека во вториот круг ќе гласаат околу 73%[38]. Имајќи го ова предвид реално беше да се очекува и да се предвиди дека одзивот на вториот круг на изборите

[31] www.drzavnik.org.mk
[32] Ибид
[33] Ибид
[34] Избори 2004, "Интервју на Сашко Кедев", *Дневник,* сабота, 24 април

[35] Од нив 44,7% мажи, 55,3% жени; 72,6% Македонци, 20,2% Албанци и 7,8% останати,
[36] ИДСЦО – Телефонско испитување на јавното мислење во РМ, 23.04.2004
[37] Ибид
[38] Ибид

ќе биде послаб и дека успешноста на изборите виси на конец. Проценката на ИДСЦО беше дека одзивот на гласачи на 28.04. би била до 52% од вкупното гласачко тело. Односно претпоставката заснована на систематизираното научно истражување беше дека на изборите ќе излезат околу 880.000 гласачи. Доколку на изборите имаше доволен број гласачи несомнено беше дека Бранко Црвенковски ќе биде избран за нов претседател на РМ.

Официјалните резултати објавени од Државната изборна комисија кажуваат дека на изборите за претседател на РМ во вториот круг излегле на гласање нешто повеќе од 909.000 гласачи, односно 53,4% од сите запишани во изборниот список. Во однос на зацртаните претпоставки реалниот одзив на гласачите се разликуваше за околу 1,5%.

Државната изборна комисија за победник на изборите за претседател го прогласи Бранко Црвенковски со освоени 550.317 гласови, додека Сашко Кедев освоил 329.179 гласови. Односно за Бранко Црвенковски гласале нешто повеќе од 32% од сите избирачи во Република Македонија, додека за Кедев гласале 19,4% од сите граѓани со право на глас. Во однос на истражувањето на јавното мислење и предвидувањата забележливи се следните отстапки:

1. кај Бранко Црвенковски разлика од 5%;
2. кај Сашко Кедев разлика од 0,2%.

Од споредбата се гледа дека маргиналната грешка на резултатите од ова испитување е околу 2,5%, со тоа што најверојатно околу 5% од граѓаните кои немале став кога се правела анкетата на денот на изборите, излегле и гласале за Бранко Црвенковски.

Голем дел од населението во Република Македонија сè уште не верува во точноста и релевантноста на испитувањата на јавното мислење. За волја на вистината голем дел од истражувањата кои се објавуваат се ненаучни испитувања, односно или се методолошки неиздржани или се несистематизирани. Често се случува медиумите да објават само одредени делови од истражувањето и јавноста да добие половична информација. Се разбира тоа е во сферата на уредувачката политика, но создава скепса кон испитувањата. Особено бидејќи пред изборите се јавуваат голем број на „аналитичари" и „познавачи на приликите" кои во најголем дел говорат од интуиција имајќи волунтаристички пристап кон реалноста. Таквите предвидувања на крајот се покажуваат или неточни или нецелосни. Сепак има предвидувања кои речиси секогаш во најголема мера се точни. И затоа за голем дел од јавноста останува загатката: Како може некој на неколку дена пред изборите веќе да знае кој ќе биде победникот?

Според зборовите на Артур Кларк: „Секоја развиена и софистицирана технологија прикажана во неразвиени општества прилега на магија". Во развиениот западен свет науката одамна ја замени магијата. Време е Република Македонија да фати чекор со светот.

**Abstract**

The author examines the ways and means of predicting the results of elections on the basis of public opinion surveys. There is a sensative interactions between the public opinion and the political campaigning. One influences and shapes the other. The relevance of this has been widely accepted in the western democracies and election polling is taken very seriously. However in Macedonia, people reamin sceptical. On a case study of the Presidental elections in 2004 in Macedonia compared by the polls conducted by the Institute for Democracy, Solidarity and Civil Society the author shows that the polling and election predictions can be important factor in the political scene of the Republic of Macedonia.

# Меѓународна фондација за изборни системи

Миша Поповиќ

Со „третиот бран на демократијата”, значи со завршувањето на Студената војна, од запад кон исток, повторно дојде напливот на либералната демократија. Во тие услови, кога во пост-реал социјалистичките земји настапи хаос предизвикан од вакуумот помеѓу системот на заминување и системот кој пристигнува, како и оние на кои таа празнина им одеше во полза, постоеше потреба да се почне со изградба на „инфраструктура” која ќе може да го носи новото либерално-демократско капиталистичко општество. Во таа смисла, за реизградбата на демократијата, сега со нови вредности во заднина, беше потребна и помош од страна, изразена во различни чинители кои на различни полиња учествуваа во тој „проект”. Меѓу нив е и „Меѓународната фондација за изборни системи”[1].

Имајќи ја предвид таквата ситуација, ИФЕС, со својата непартиска експертиза излезе во пресрет на различни страни, од локални НВО-а и фондации, до најразлични државни агенции и влади. ИФЕС е приватна, непрофитна организација основана во 1987 год. Главното претставништво е сместено во Вашингтон[2], САД. ИФЕС нуди професионални совети и техничка помош во промовирањето на демократијата, нудејќи совети и помош во областите на изборите, владеење на правото, владеење и цивилното општество.

ИФЕС е една од водечките асистенти при изборите во многу земји. Изборите, како една од „мисиите”, и тоа изборите кои ја одразуваат волјата на гласачите, оваа организација ги смета за интегрален дел на функционалната демократија. Важноста на изборите произлегува не само од самиот изборен настан, како можност да се изберат нови претставници, туку и од природата на изборниот процес, во кој многу од важните аспекти на демократија се покажуваат и тестираат. ИФЕС смета дека изборите не се само неопходен услов за демократија, туку и тест за „демократското здравје” на една земја.

Тоа што им недостасува на транзиционалните демократии (кои преминуваат во капитализам), според ИФЕС, е институционалниот капацитет за ефикасна поддршка на справувањето со изборите или самите изборни и политички процеси.

ИФЕС овозможува помош на сите главни учесници, вклучувајќи влади, граѓански асоцијации, политички партии, медиуми и судови во планирање на изборите, администрирање, како и во јакнење на учеството на политичките партии и граѓаните. Пристапот на ИФЕС е да изгради

1 International Foundation for Election Systems (понатаму ИФЕС)
2 Washington DC

локални капацитети и промовира транспарентен и партиципативен процес. Активностите на ИФЕС при изборите се одвиваат на неколку полиња: анализи и проценки; планирање, администрирање и одлучување; граѓанско учество. За концентрирање на напорите во специфичните подрачја на проблематиките поврзани со изборите, ИФЕС спроведува оценување на изборните услови пред и после изборите. Во исто време, се анализира и правото за да се добие сликата за рамките во кои се случуваат изборите.

Што се однесува на планирањето и администрирањето на изборните процеси, ИФЕС им помага на локалните актери со советување околу планирање на изборите; тренирајќи службени лица и набљудувачи; помага во подобрување на сигурноста на изборите и набљудувањето; интеграцијата на информатичките технологии во изборните процеси; помага во споровите околу изборите. Меѓу останатото, ИФЕС се обидува, преку своите активности во рамките на изборните процеси, да помага околу изготвување, подобрување и дополнување на изборното законодавство.

Како еден од најбитните фактори за успешни избори, ИФЕС го смета граѓанското учество. За таа цел, ИФЕС соработува со локални партнери за да имплементира информативни кампањи, со цел да им обезбеди на граѓаните основни информации, меѓутоа развива и мотивациони кампањи за да поттикне што поголемо учество во изборите. Пред сѐ, овие кампањи се наменети да го зголемат учеството на чинот на гласање, но се однесуваат и на промоција на активно учество во рамките на целиот процес. ИФЕС е вклучена и во поддршката на локалните граѓански асоцијации, во нивните обиди да ги набљудуваат изборите, преку тренинг и финансиска помош.

Во своите активности околу промоцијата на либералната демократија ИФЕС не застанува само на изборите. Гледајќи севкупно, за успехот на таквите демократски системи, слободните избори се неопходен, но не и доволен услов за да се оствари тој „проект”. Затоа, оваа организација го прошири своето делување и на уште неколку битни аспекти на либералната демократија: владеење (во смисла на управување – governance), владеење на правото и цивилното општество.

ИФЕС смета дека доброто управување рефлектира систем во кој владите и нивните основачи се задоволни со ефикасноста, јавноста и приемчивоста на јавните институции. Таквиот аранжман овозможува рамка за потрага по заеднички корисни социјални, политички, економски и културни цели. За таа цел ИФЕС соработува и со двете страни, власта и граѓаните, за дејностите на властите да ги направи повеќе ефикасни, транспарентни и достапни, во исто време помагајќи им на граѓаните да се здобијат со ресурси преку кои ќе си ги обезбедат потребите во владините одлуки, како и да го зголемат учеството во власта. ИФЕС асистира во владини реформи преку промоција на решенијата за децентрализација, поттикнувајќи ги владите да станат пореспонзивни на локалните потреби истовремено пренесувајќи поголем авторитет и

ресурси на локалните власти. Во програмата за асистенција на владини реформи спаѓа и промоцијата на фер претставување на граѓаните во институциите и пристап на традиционално непретставени групи. Обезбедувањето на фер претставување и еднаков пристап за сите, за ИФЕС претставува битна карактеристика на современа граѓанска демократија. Зборувајќи за еднаквиот пристап ИФЕС го нагласува пристапот на: жените во институциите и лидерството; лицата со посебни потреби; националните малцинства.

ИФЕС, смета дека владеењето на правото ги гарантира основните слободи во општеството и растот и одржливоста на самата демократија. Организацијата промовира владеење на правото преку влијание во растежот и одржливоста на правните и правосудните системи и процеси кои негуваат процедурална правичност, почит кон човековите права, правна еднаквост и демократски принципи. Тоа што треба да се истакне е дека помошта која ја нуди ИФЕС е специфична за посебните земји, а пристапот е со градење на коалиции, мониторинг од цивилното општество и јавна едукација.

Силата на граѓанската демократија не се основа само на демократичноста на државата, туку и од силата на цивилното општество, опсегот и активното учество на граѓаните во секојдневниот политички живот. Активното цивилно општество, кое се соочува со власта и како адвокат и како набљудувач е суштински елемент на демократскиот развој и треба да се негува низ овозможување на ресурси и инструменти. ИФЕС-овата програма за цивилно општество и граѓанско образование се дизајнирани за да ја зголемат свеста и важноста на граѓанските вредности и учество, како витални елементи на демократизацијата. ИФЕС тренира застапување, распространување на јавни информации и граѓанска партиципација, за да го намали јазот помеѓу власта и граѓаните.

ИФЕС поддржува активно граѓанство, што претпоставува и колективна акција, па така помошта се протега на различни актери на цивилното општество во изградба на нивните капацитети. Организацијата промовира вмрежување на различните учесници, негување на независни и одговорни медиуми, формирање на надзор над власта и слични активности кои ја зголемуваат моќта на граѓаните.

Во Република Македонија ИФЕС е присутна од 1994 година. Таа година ИФЕС направи оценка на изборната околина и обезбеди препораки за тоа како меѓународната заедница најдобро да ѝ помогне на државата во нејзината транзиција кон граѓанска демократија. Од 2000. година има постојана канцеларија во Скопје. Истата година обезбеди техничка помош за локалните избори, а од 2001 заедно со Министерството за правда работи на изборната регулатива.

За вонредните претседателски избори, ИФЕС со помош од Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Држави[3], ѝ помагаше на Државната изборна комисија во областите на изборните операции,

3 United States Agency for International Development USAID (понатаму УСАИД)

обука на службени лица и информирање на гласачите. Тековните активности на ИФЕС се однесуваат на подготовка за локалните избори 2004, за кои со Министерството за правда соработува на правната рамка, а покрај тоа соработува и со Државната изборна комисија. Намерата на ИФЕС е да изгради локални капацитети кои понатаму сами ќе можат да администрираат избори и ќе ја зголемат довербата во демократските институции.

ИФЕС изгради реноме на организација која е флексибилна за соработка и погодна како партнер за различни актери. Во своето постоење, таа соработувала со држави, државни агенции, меѓувладини организации, фондации, невладини организации итн. Меѓу позначајните се ООН, Организацијата за безбедност и соработка во Европа, каде обезбедува персонал и техничка помош за избори. Соработува и со различни агенции за развој и соработка на државите како САД, Јапонија, Канада, Велика Британија итн. Од сите тие, најразвиена е соработката со УСАИД, при што се јавува како експертски партнер во извршувањето на различните стратегии, планови и проекти на агенцијата, на тема избори, развој на учество во демократијата и сл.

Во својата петнаесетгодишна историја ИФЕС основала теренски канцеларии во 35 земји; извршила преку 50 предизборни технички проценки; спровела тренинг-програми за изборни службеници во повеќе од 20 земји; администрирала повеќе од 75 програми за техничка помош на самото место; менаџирала набавка на изборна опрема во повеќе од 40 земји; организирала програми за гласачка и цивилна едукација во преку 30 нации; создала Центар за партиципативна демократија со повеќе од 6.500 предмети од современите избори како помош за научници, изборни практичари и други институции кои градат демократија; издала повеќе од 215 публикации на демократскиот развој низ светот; изградила кадар од 1.500 консултанти. Канцеларијата на ИФЕС прераснува и во своевидна академска институција, каде студенти кои истражуваат теми блиски за ИФЕС се поттикнувани да истражуваат или волонтираат. Оттука, може да се каже дека ИФЕС создаде реноме на организација на експерти кои постојано работат на промоција на граѓанската демократија, а своето знаење и искуство го ставаат на располагање на сите оние што имаат потреба од техничка, но и научна помош од овие области.

**Abstract**

The International Foundation of Electoral Systems became an important and well known partner to different organizations, agencies, states and foundations in building modern liberal democracies. This text represents a short profile of the organization, focusing on the activities concerning free and democratic elections, modern governance, rule of law, strengthening the civil society and citizen participation. It also gives a short review to the specific activities of IFES in Macedonia, mainly their assistance to the election processes.

# Гласање за Европа

## Осврт кон европските избори во контекст на проширувањето на ЕУ и процесот за донесување на уставот

Христоф-Е. Палмер

На 13 јуни 2004 година, првпат по надминувањето на поделбата на Европа, сите граѓани на ЕУ, тоа значи и граѓаните на новите земји-членки, директно ќе ги изберат своите пратеници во Европскиот парламент. Изборите се спроведуваат во време кога Европа се наоѓа пред предизвици и пред шанси исти како оние во годините на основање на Европската заедница. Поради оваа ситуација Европа не смее да се изгуби во нејасна претстава. Во Европа, значи мора преку краткорочни размислувања одново да се формулира суштината на европската идеја како мобилизирачка и реална цел. Понатаму, станува збор за историска задача, која претставува искористување на искуствата од изминатиот век за во 21. век, Европа во партнерство со Соединетите Американски Држави да ја исполни својата улога во светот. Успехот во ова може да послужи како основа за вистински глобален играч, за поредок во светски рамки. Уверливите одговори на предизвиците се предуслов, за да може да се реализираат понудените шанси.

Проширувањето на Европската унија на 1 мај 2004 година го означува конечното надминување на железната завеса, надминување на кое ние Германците му го должиме повторното обединување на нашата татковина. Поради тоа, добро можеме да разбереме и да почувствуваме дека земјите, кои порано беа од другата страна на железната завеса, честопати го доживуваат нивниот влез во Европската унија како враќање во „Европа“.

Сепак, се чини дека европското единство западна во криза. Може да се забележи недоволна способност за дејствување на Европската унија во поглед на предизвиците и на опасностите на глобално ниво, како и во европското опкружување. Недостигот на решително делување во тешки ситуации, посебно во областа на заедничката надворешна и безбедносна политика, стои наспроти брзата, нетрпелива активност според правилата на ЕУ, кои стануваат сè позаљубени во деталите. Населението во земјите-членки сè уште не е сигурно дали е неопходно да се стремат повеќе кон европското единство, или, пак, да се задоволат со зачувување на веќе постигнатото. Исто така и во рамки на владите на земјите-членки се чини дека нема доволно единство кога станува збор за патот по кој понатаму треба да се чекори. Процесот за донесување на уставот застана, само неколку месеци пред прошириу-

вањето кон исток и пред европските избори.

Одговорната политика, со ваква заднина, направи добар чекор што за момент го прекина процесот и ги разгледа актуелните ѕвезди на европското ѕвездено небо. Овие ѕвезди се веќе именувани: проширувањето на Унијата на 1 мај 2004 година, европскиот процес за донесување на уставот и европските избори на 13 јуни 2004 година.

За тој што ќе погледне кон ѕвездите постои секогаш добар совет, а тој е да го задржи погледот на тоа што се случува околу него. За политичарот тоа значи најпрво сериозно да ги сфати работите што ги придвижуваат граѓаните. Ако не го стори тоа, тогаш тој се изложува на оправданата критика на славната тракиска слугинка, која со поглед го исмеваше Талес од Милет, кој навистина сакаше да знае што се случува на небото, но притоа за Талес остана тајна што се случува околу него.

Од резимето произлегува дека мора да се изработат решенија, кои ќе може да ги вклучат граѓаните во европските избори, за време на нивното „гласање за Европа“.

Понатаму во текстот ќе се разјаснат трите ѕвезди во поединости, и во поглед на нивната меѓусебна зависност, во извесна мерка, значи, во поглед на нивната „стеларна консталација“.

## Ѕвезда „Проширување кон исток“

Европската унија започнува ново поглавје од нејзината историја со проширувањето со десет земји-членки. Поранешниот континент, порано поделен со бодликава жица и со кули за набљудување, повторно се обединува. Истовремено, цела Европа станува поотворена. Ова се одразува очигледно на луѓето во Европа, на претпријатијата и на целата наша заедница, практично во сите области од животот и политички полиња. Тоа значи нови предизвици и големи шанси, било во економијата, на пазарот на работна сила, во областа на внатрешната безбедност или во политиката за животна средина или за транспорт и врски.

Со проширувањето кон југ и кон исток, населението на Унијата ќе се зголеми за 75 милиони и ќе порасне на вкупно 455 милиони жители. Кон 8,8 билиони евра економски капацитет доаѓаат уште околу 800 милијарди евра. На овој начин се создава најголемиот слободен пазар на западниот свет со речиси половина милијарда потрошувачи.

За претпријатијата ќе бидат многу работи поедноставни. Правилата ќе се приспособат, нормите ќе бидат општи, нема да постојат повеќе скриени или веќе познати трговски пречки. Реномирани економски истражувачки институти, како и Германската индустриска и стопанска комора, се согласни дека со проширувањето на ЕУ ќе се отворат пазари што нудат дополнителни шанси за економски пораст.

За да се биде успешен во новата и проширена Европа, пред сѐ, два фактора ќе имаат, одлучувачка улога. Прво, храброст и решителност за реформи, со кои во Германија веќе подолго време се доцни, посебно во поглед на пазарот на

работна сила, на нашите социјални системи и на даночниот систем. Проширувањето на ЕУ е обележје за способноста за реформи во Германија. Второ, луѓето, претпријатијата, фирмите и здруженијата проширувањето на ЕУ ќе мора да го сфатат во прв план како шанса, која треба активно да се искористи.

Исто така, сериозно мора да ги сфатиме стравувањата кои проширувањето кон исток делумно ги предизвикува кај граѓаните и да се вложи повеќе труд од досегашниот за да се објаснат работите. На пример, треба подобро да се објасни дека можните одбивања на пазарот на работна сила ќе бидат искоренети преку флексибилни и временски ограничени правила на преминување во областа на слободното движење на работниците. Во корист на Германија ќе се договорат рокови за преминување во областа на донесување работна сила надвор од границата за потребите на градежништвото и на одделните области од занаетчиските струки. Од друга страна, пак, знаеме дека проширувањето на ЕУ не е бесплатно. Билансот е одлучувачки. Тој е јасен: проширувањето на ЕУ нуди јасно повеќе шанси отколку ризици. Многу нешта зборуваат дека бројот на новите земји-членки кој динамично расте значително може да придонесе и да даде важни имплуси за нашата домашна економија. Тоа создава и обезбедува работни места и кај нас.

На крајот на годината Унијата ќе одлучува за членството на Романија и на Бугарија, но исто така и за почеток на преговори за членство на Турција. Заедно со прашањето за членството на Турција се поставува, со сета своја итност, и дискусијата за границите и за можностите за примање нови членки во Унијата, но и дискусијата за прашањето на стабилни соседства.

Не е добар совет да се инструментализира темата. Ние не го правиме тоа, туку одговорно му пристапуваме на прашањето за членство на Турција во ЕУ. Но, одговорната политика не смее да им се провлече на прашањата кои ги придвижуваат граѓаните, туку мора да понуди предлози како одговори, кои за граѓаните со право ќе бидат основа на нивните изборни одлуки.

Секогаш се жалиме дека граѓаните од европските избори прават гласање за внатреполитички прашања. Прашањето за членството на Турција е општо европско прашање, кое мора да се лоцира таму каде што припаѓа: пред европските избори. Но, не смее да се води изолирана дебата за Турција. Прашањето за приемот на Турција во ЕУ е поврзано со прашањето каде лежат границите на Европа. Изолираната дебата за Турција би била географски, историски и политички погрешна. Европа мора да дискутира за границите на нејзиното проширување и за границите на нејзината способност за интеграција и истите да ги именува. Во овој контекст мора да се набљудуваат Кавказ, Белорусија, Украина, Балканот, западниот дел на арапско-муслиманскиот свет v Тунис, северен Алжир, Мароко, земјите на јужното Средно Море и посебно Израел. На вратите на ЕУ тропаат пограничните држави. Ако ЕУ ја прифати Турција со околу 70 милиони жители, тогаш ќе ја развле-

чеме Унијата и нејзините земји-членки непрегледно ќе ги преоптовариме. Институтот за Источна Европа во Минхен процени дека трошоците за целосна интеграција на Турција би изнесувале до 14 милијарди евра годишно.

Членството на Турција во ЕУ (со целосен обѕир кон ваквите проценки) со голема сигурност би ја оптоварило способноста за интеграција на Европската унија не само финансиски, туку и институционално.

Поради овие причини ЦДУ се залага за искреност и за однос кон Турција, кој ќе биде близок колку што е тоа можно (под границата на полноправно членство, но повеќе од асоцијативен статус) бидејќи Турција е земја „мост“, земја за премин, поврзување, која токму поради тоа заслужува посебен статус во односите со Европа. Сигурно канцеларот доби повод за размислување кога Петер Глоц, личен ополномоштеник на канцеларот во почетната фаза на Европскиот конвент, го оцени неговиот ангажман за Анкара како погрешен пат и истовремено ѝ призна на Ангела Меркел дека со предлогот за „привилегирано партнерство“ ги нашла вистинските зборови. Едноставно е поискрено, јасно да се каже дека за Турција во следните неколку години нема перспектива за прием во ЕУ, отколку постојано да ѝ се дава лажна надеж.

## Ѕвезда „Европски процес за донесување на уставот“

Втората ѕвезда е процесот за изготвување на уставот на Европската унија. Овој процес е тесно поврзан со проширувањето кон исток. Ако не се реформира темелно Европската унија, проширувањето кон исток нема да биде долгорочно успешно. На постоечката Унија не може да ѝ се приклучат многу држави без да се реформираат институциите и постапките на ЕУ. Кон тоа доаѓа и фактот дека проширената ЕУ има потреба повеќе од порано од блискост со граѓаните и од демократски елементи, за да ја подобри прифатеноста на ЕУ кај граѓаните.

Поради тоа е потребно да се реформираат договорите за основање на Европската унија, така што нејзината способност за делување внатре и надвор од неа ќе биде засилена и ќе се создаде поголема блискост со граѓаните.

На конференцијата на шефовите на држави и на влади на 12. и на 13. декември 2003 година не се постигна единство за европскиот устав. Ова изненадува дотолку повеќе што на поранешните конференции на владите пред нив се наоѓаше целосен предлог за европски договор за устав, како резултат на седумнаесетмесечната работа на Европскиот конвент. Овој предлог го изработи Европскиот конвент под раководство на поранешниот француски претседател Жискар Д’ Естењ. Интересите на Германскиот сојузен совет и со тоа и интересите на германските покраини ги застапуваше премиерот Ервин Тојфел. Притоа, за германските покраини е сторено повеќе отколку на сите изминати конференции на влади започнувајќи од тие во Амстердам и во Ница.

## Достигнувања на конвентот

Независно од понатамошната судбина на уставот, предлог-уставот на Европскиот конвент е значаен чекор кон европската интеграција. За овој предлог мора и во иднина да се бориме и да се залагаме. За таа цел треба уште еднаш да се именуваат две, но централни „достигнувања“ за повеќе демократија и близина со граѓаните:

– За првпат се постигна јасна категоризација на поделбата на компетенциите на три вида надлежности: единствени, поделени и дополнителни надлежности, значи слично на тоа што го познаваме од германскиот устав. Со тоа се создава транспарентност и прифатливост, тогаш граѓанинот знае кој за што е одговорен, а ограничувањата на делувањето на ЕУ како и правата и обврските на граѓаните ќе бидат јасно претставени во документот за уставот.

– За првпат почитувањето на принципот на субсидијаритет може ефективно да се контролира со помош на „систем за рано предупредување“ и со право за жалба на Сојузниот совет. Овој принцип на најниско ниво, блиско до граѓаните го задржува првото „право за делување“ за регулирање на состојбата на работите. На овој начин во интерес на граѓаните може подобро да се ограничи „лутината на регулирањето“ на Европската унија, која може да се констатира понекогаш. Граѓаните со право имаат впечаток дека Европската унија се меша во премногу работи и се вклучува во многу содржини од животот, кои може подобро, поефективно и поевтино да се решат на лице место.

Лидерската средба во декември во Брисел не успеа, пред сè, поради едно единствено, но многу важно прашање: имено прашањето за моделот на гласање во Советот на министри. За време на дискусијата во последните недели честопати се превидуваше дека на конференцијата на владите се постигнува повеќе напредок токму за земјите отколку со предлог-уставот на Конвентот. Кај предлог-уставот се именувани само подобрувањата на членот за грижа на лице место и разјаснувањето дека и понатаму министрите на покраините во случај кога станува збор само за надлежности на покраините се ополномоштени да ја застапуваат Германија во Советот на министри на ЕУ.

Општо земено, треба упорно да се настапува за да се добијат досегашните резултати и да се овозможи уставот да стане реалност. Мора да успее и решението за прашањето за начинот на гласање во Советот на министри.

Ова треба да остане вака, иако и германските покраини, посебно оние во кои на власт се ЦДУ или ЦСУ, во никој случај не се среќни, ниту пак задоволни од сите поединости на предлог-уставот. Посебно за жалење е што преамбулата на договорот за уставот не содржи никаква врска со Бога, ниту пак се спомнува христијанското наследство. Ова прашање како ниедно друго вознемирува многу граѓани. Доколку има приоритет за следната рунда на преговори за тоа што треба да се подобри, тогаш тој се однесува на ова прашање.

## Ѕвезда „европски избори“

Постои уште една поврзаност меѓу проширувањето кон исток и европските избори, поврзување кое го претставува вториот по важност европолитички настан оваа година. Датумот на проширувањето на Европската унија беше свесно избран, за да може граѓаните на новите земји-членки да учествуваат на изборите. Тие добиваат можност со членството во ЕУ да одлучат не само за составот на Европскиот парламент, туку, по можност, со голем процент на учество на изборите да ги покажат својот интерес за Европа и своите видувања. Земјите кои претходно се наоѓаа од онаа страна на железната завеса, своето членство во Европската унија го доживуваат како „враќање“ кон Европа. Ова повторно обединување придонесува за мир, за слобода и за благосостојба на темелите на европските вредности.

И процесот на изработка на уставот мора да се разгледа во контекст на европските избори: европските избори им нудат можност на сите граѓани на ЕУ да го дадат својот глас за процесот за донесување на уставот.

Проширувањето кон исток и изработувањето на уставот ќе се кристализираат за време на европските избори оваа година.

Воведувањето на директните избори во 1979 година беше значајна цел од етапата за доделување на поголема тежина и углед на Европскиот парламент.

Европскиот парламент ќе се стекне со други суштински зајакнувања кога предлог-уставот на Конвентот ќе стане реалност. Предлогот на Конвентот не му дава на ниту еден друг орган толку вредност колку на Парламентот, кој од сите институции на ЕУ би излегол како победник од процесот за донесување на уставот. И тоа со право, земајќи го предвид фактот дека граѓаните ги бираат членовите во Парламентот. Предлогот на Конвентот предвидува рамноправност меѓу Парламентот и Советот на министри во однос на законодавните постапки. Значајно вреднување на оваа институција е, исто така, изборот на претседател на Комисијата кој е во надлежност на Парламентот со едноставно мнозинство врз основа на предлог на Европскиот совет, кој пак ги зема предвид резултатите од изборите за Европскиот парламент. Парламентот ќе биде посилен и во областа на буџетот, на класичното кралско право на секој еден парламент. Годишниот план за буџетот се гласа заедно од Европскиот парламент и од Советот на министри. Притоа, европскиот парламент во случај на конфликт по подолга постапка на преговори може да се наметне наспроти Советот на министри.

Што треба да се направи? 2004 година со своите значајни европски настани, посебно месеците пред европските избори на 13 јуни, мораме да ја искористиме за да им објасниме на граѓаните дека гласајќи на 13 јуни 2004 год., може да го дадат својот глас за завршување на проектот за донесување на уставот и истовремено за зајакнување на Парламентот.

Граѓаните може со својот глас да им дадат знак на „носителите на сомнежот“ во националните влади дека посакуваат да се заврши процесот на изработка на уставот. Неспособноста за реформирање на националните влади од Мастрихт, Амстердам и Ница имаше повод да состави Конвент, кој беше успешен и кој ќе се состои претежно од европски и од национални пратеници.

Високиот процент на гласови би бил значаен сигнал за владите дека граѓаните бараат проектите проширување кон исток и процесот за уставот, кои меѓусебно се условуваат, успешно да се завршат.

Лицата активни во политичката и во општествената сфера би требало да сторат сѐ за да го упатат населението на европските избори и да се залагаат тоа да гласа. Покраината Баден-Виртемберг покрена иницијатива за да може да се изгласа повик за избори од страна на конференцијата на покраините на министрите за Европа. Ваков повик веќе изгласа покраинскиот комитет на Баден-Виртемберг за европско движење.

## Соединети во разноликоста

Неспорно е дека во европската куќа сѐ уште не се исчистени сите ќошиња, но при сето тоа што стои пред нас можеме весели и задоволни да го погледнеме патот, кој штотуку го изминавме.

Европа ќе направи чекор напред кога предлог-уставот на Европскиот конвент ќе се реализира. Актуелното и следното претседателство на ЕУ, Ирска и Холандија се две стабилни величини на европската интеграција. Сега мора сите да се сложни и да го стават настрана националниот егоизам. Нарушувањето на Пактот за стабилност од Германија скрши многу европолитички порцелан. Тоа го зацврсти убедувањето на малите држави дека големите држави членки необѕирно ги спроведуваат своите интереси, доколку „не им се допаѓаат“ одредбите на Европа.

Сојузната влада мора да се врати на својата улога како адвокат на помалите земји-членки, улога која со векови добро ѝ стоеше на германската европолитика. На тој начин се создава клима на доверба и на соработка, во којашто успешно може да се заврши процесот на донесување на уставот.

Предлогот на Конвентот го содржи ветувањето: Европа „обединета во различјето“ да ги зближи повеќе граѓаните. Земјите-членки мора да се чувствуваат обврзани на ова ветување. Тие мора да го искупат ветувањето во интерес на своите граѓани, кои ќе го побараат за возврат со нивното гласање на 13 јуни 2004 година. Тогаш (и веројатно само тогаш) проширената Европа може да стане модел за успех и петнаесет години по отстранувањето на железната завеса да стане обележје на европскиот интеграционен процес.

На овој начин се поврзуваат нештата кои си припаѓаат заедно врз основа на заедничката историја и традиција, на заедничките убедувања и основниот канон на вредности, кој е заеднички за граѓаните на Европа.

**Abstract**

The author refers in his text to three points to get out of the crisis in the EU agreement on a national and international level. These three points are the enlargement of the EU, the European constitutional process and the European elections.

With the enlargement that took place on 1st May 2004, Europe became the largest inland market of the western world. Adaptations in politics and economy in Germany are based on economic reforms as well as on reforms in the taxation and social security system.

The constitutional process is connected with the enlargement of the EU, because the latter demands institutional and procedural reforms in order to strengthen the capacity of action within the country but also on a European level.

According to the author, the draft of the European Convent, which contents the order of competences to create transparency, should be accepted in order to strengthen the parliament. Limits of actions of the EU as well as citizen’s duties and rights are written in an understandable way in the constitutional document. Further more, the draft also contains equal rights in legislation procedures between the Parliament and Council of Ministers as well as in the budget planning.

With his vote, every European citizen is able to decide on the Assembly of the European Parliament and to show his interest in EU, as well as to vote for the fulfilment of the constitutional process. According to Christoph-E. Palmer, the goal is to further the participation in the elections as well as to neglect national interests. Germany, especially should remind itself of its role of advocate for the smaller member states.

# Нов договор за Европа

Мајкл Хауард

Говор на почесниот Мајкл Хауард, десничар, советник на кралицата и пратеник, пред Фондацијата „Конрад Аденауер“ на 12. февруари 2004 година

**“Не е случајност што овој говор го држам во Берлин, град кој опфаќа толку голем дел од скорешната историја на Европа. Не постои подобро место за поставување на новата визија за иднината на Европа”.**

## Вовед

Господине претседавач, дами и господа, неизмерно сум благодарен за вашите топли зборови на добредојде и за тоа што ми ја дадовте оваа можност да говорам овде пред вас оваа вечер.

Конзервативната партија и германската ЦДУ во партнерство со ЦСУ споделуваат многу политички вредности и јас ја ценам силната врска што продолжува да постои меѓу нашите партии.

Не е случајност што овој говор го држам во Берлин, град кој опфаќа толку голем дел од скорешната историја на Европа. Не постои подобро место за поставување на новата визија за иднината на Европа.

Мојата прва посета на Берлин беше летото 1963 година. Пристигнав на 26. јуни. Јас бев еден од оние половина милион луѓе кои се собраа пред Ратхаус Шонеберг за да го слушнат познатото обраќање на претседателот Кенеди. Целиот свет се сеќава на неговите зборови: “Ich bin ein Berliner” - Јас сум берлинец. Јас сум едно со луѓето од Берлин.

Кон сите оние кои веруваат во демократија, слобода, надеж за човештвото, претседателот Кенеди имаше едноставна порака: “Lass’sie nach Berlin kommen.” Дозволете им да дојдат во Берлин. Тоа беше ироничен момент, чие ехо се слушна скоро четвртина век подоцна, кога претседателот Реган стоеше во овој град и повика: “Генерален секретаре Горбачов... ако сакате мир... ако сакате либерализација - дојдете овде пред оваа порта! Господине Горбачов, отворете ја оваа порта! Господине Горбачов, срушете го овој ѕид!”

Во текот на тие години, западен Берлин беше светилникот на границата на борбата за слобода. Тие претседателски посети беа инспиративни. Тие го претставуваа пркосниот идеализам наспроти бруталната реалност.

Денес, луѓето на Берлин се едно. Западната визија и одлучност обединија еден град, една земја и еден континент. Така, јас доаѓам во

Берлин уште еднаш, во главниот град на земја што беше една од големите приказни за успех во поствоената ера, свесен за историјата, но гледајќи кон иднината, свесен за борбата за слобода што се одигра овде и одлучен дека слободата треба да цути во Европа.

Овде сум во едно ново столетие, во град кој е портата меѓу истокот и западот на Европа, во срцето на овој голем континент. Ние сме на прагот да примиме десет нации за нови членки во Европската унија. Влезот на овие земји, големи и мали, од Полска до Малта, кои за мојата партија секогаш беа добредојдени, длабоко ќе ја смени природата на Европската унија. А Европската унија има длабока одговорност. Бидејќи ако таа се залага за нешто, тоа е за излекување на нашиот континент.

## Различни национални перспективи на Европската унија

Британија и Германија се две големи нации, со нивни сопствени истории и нивни сопствени перспективи.

Германија сакаше да постигне поблиска и, во некои случаи, неповратна интеграција, поради нивните специфични искуства во двете светски војни. Конрад Аденауер, на кого му оддаваме чест во оваа фондација, сфаќаше дека европскиот процес може многу да ѝ помогне на Германија. Како резултат на тоа, тој направи оваа земја да е силна во Европа, да е ценета како трговски партнер и да е сојузник од доверба. Разбирам зашто неговата европска политика, која помогна да се етаблира местото на Германија во заедницата на нации, се цени денес во Германија.

Ние во Британија од војната излеговме со силни национални институции. Кога бараме да ги зачуваме тие институции, ние го браниме уставното уредување, кое преживеа големи стресови и напори и кое и понатаму добро функционира и го разбираат луѓето во Британија.

Британија секогаш била глобална трговска нација. Ние имаме историски врски со нашите партнери од Комонвелтот и со САД. Погледнете, на пример, кон каде се упатени нашите меѓународни телефонски повици за Божик и Нова година: кон Северна Америка, кон Карибите, кон Индискиот континент, кон Австралија и Нов Зеланд.

Ова не е само сентиментално прашање. Ова е, исто така, и цврста комерцијална вистина. Поголем дел од нашата трговија е со неевропски членки, отколку што тоа е случај со која било друга земја-членка. Ние имаме многу повеќе прекуокеански инвестиции на неевропски пазари, отколку која било друга земја-членка. Ние сме единствени во ЕУ во тоа што поседуваме глобален финансиски центар.

Но, Британија и Германија не се единствените земји кои ѝ приоѓаат на европската интеграција од перспектива која е оформена од нивната историја. Секоја европска земја го прави истото. Јас секогаш не се согласувам со Вашиот министер за надворешни работи, Јошка Фишер. Ниту, пак, сметам, и вие. Но, тој неодамна беше цитиран во еден од

нашите весници: „Сите земји имаат различни традиции, различни политички домашни спорови, комплицирани парламенти, комплицирани мнозинства... Јазикот и историјата се важни во Европа и мораме да ги разбереме овие различни истории и потешкотии". Тој кажува важна поента.

Источно европските земји кои пристапуваат го отфрлија јаремот на советската доминација. Тие, заедно со други нови земји-членки, повторно ги открија своите национални идентитети и слободата да решаваат за својата судбина. Како резултат на тоа, тие можат да бидат претпазливи при откажување од преголем дел од тешко стекнатата независност.

Различни истории, различни институции и различни традиции.

Би било будалесто да се поткопаат овие институции и начини на живот, без разлика дали тие непречено се развивале во текот на стотици години или, пак, неодамна повторно се појавиле, и кои се сметаат за легитимни од страна на сопствениот народ. Најголемиот дел од луѓето кои припаѓаат на нациите на Европа не го чувствуваат истиот афинитет или идентитет со органите на ЕУ, како што тоа е случај со своите национални институции. Луѓето кои се идентификуваат како Европејци, а не како граѓани на својата сопствена земја, сè уште се многу мало малцинство во секоја земја-членка на Европската унија.

Најголемиот дел од луѓето едноставно не се чувствуваат Европејци во ист смисол како што би се чувствувале Американци или Германци или, пак, Британци.

Не постои европско јавно мнение, не постои европски национален идентитет. Во отсуство на европски демос, имаме неукрасен кратос: моќ на систем кој наложува почит преку силата на законот, а не преку јавната наклонетост.

## Конкурентна Европа

Сепак, Европската унија постигна многу. Заедно создадовме единствен пазар од 380 милиони луѓе. Луѓето сега имаат право да работат, да учат или да се пензионираат во која било друга земја-членка на ЕУ. Исто така, ги постигнавме некои од најдобрите еколошки стандарди во светот. Ова се нешта со кои сите ние можеме да се гордееме.

Но, постојат и опасности. Комуникациската револуција значи дека сега постои глобален дофат и глобален поглед на индивидуално ниво. Меѓународните институции, без разлика дали се работи за бизниси или добротворни организации, ја напуштија културата на канцеларија-седиште. Денес, тие создаваат мултицентрични организации, чие раководство е префрлено на локални и национални центри.

Во овој свет, конкуренцијата е поостра од кога и да е претходно. Стапката на промени е побрза од кога било претходно. Оние кои најбрзу и најефикасно одговараат на тие промени ќе ги освојат наградите. Така, флексибилноста е од огромно значење.

Во оваа нова средина имаме потреба од флексибилна Европа, која во својата срж ја поставува глобалната конкуренција. Би било непродуктивно да се преправаме

дека ние ја поседуваме. Сега треба да се натпреваруваме наспроти Кина, Индија и азиските економии. Не можеме да си дозволиме да сме вообразени.

Кога бев секретар за вработување во раните 1990., требаше да преговарам околу Директивата за работно време. Имав состанок со еден од моите европски колеги и му истакнав дека оваа нова регулатива ќе ѝ наштети на нашата конкурентност. Неговиот одговор беше ладен: „Ако сите го сториме тоа" - со што мислеше на земјите на ЕУ - „нема да има никаква разлика".

Се надевам дека сите ние оттогаш се имаме придвижено. ЕУ беше создадена да ги ослободи нашите пазари, за да можеме да се натпреваруваме глобално. Но, тежината и товарот на директивите и законите кои таа ги воведе го имаше речиси точно спротивниот ефект - поставување на брана на приливот на претприемништва, кои би требало да го преплавуваат нашиот континент.

Бев вџашен од неодамнешните коментари на Герит Залм, холандскиот министер за финансии, кој истакна дека: “над 50% од административниот товар на бизнисите во Холандија има директно европско потекло. На европско ниво овие трошоци мора да се огромни. Европската легислатива има тенденција да е многу детална во своите регулативи и барања за информации. Исто така, има тенденција за рапиден раст. Инволвираните носители на одлуки, вклучително политичарите во Парламентот и Советот, треба да го разберат притисокот што го вршат врз економскиот потенцијал".

Ова се добри зборови и јас се согласувам со нив. Но, реформата едноставно не се случува. Земјите-членки на Европската унија сѐ уште се занесени со правила, регулативи и бирократија, што значително ја ослабнува нашата способност за конкуренција. Затоа нашите економии не се толку динамични како онаа на САД. Затоа продуктивноста пресметана на глава жител е скоро 20% повисока во САД, отколку во Европската унија, а производството за еден час е 15% повисоко. Поради тоа, во последната деценија вработеноста во САД порасна скоро двапати побргу отколку во Европската унија. Ако ги имавме истите индикатори како САД во создавање на работни места, денес во Европската унија 28 милиони повеќе луѓе ќе имаа работа.

Ние мора да изградиме Европа која е флексибилна. Тоа значи дека мора да бидеме искрени во однос на она што Европската унија треба и не треба да го прави.

## Конзервативната визија за Европа

Европа треба да оди во нова насока. Ова го велам како лидер на партија, на британската Конзервативна партија, која беше на чело на британската инволвираност во Европа. Конзервативната влада беше таа која прва аплицираше за членство во раните 1960. години. Конзервативната влада беше таа која нѐ внесе во Европската економска заедница во 1973 година. Вла-

дата на лабуристите беше таа што се закани дека ќе се повлече од Европа и одржа референдум по тоа прашање во 1975 година. Лабуристичката партија беше таа која јавно објави повлекување од Европската заедница во 1983 година, што беше манифест врз основа на кој Тони Блер за прв пат беше избран во Парламентот. Три години подоцна, во 1986 година, Маргарет Тачер беше една од водечките сили зад Единствениот европски акт, кој го воспостави единствениот европски пазар. Можеби затоа поранешниот европски комесар Жак Делор неодамна забележа дека: „Немам на што да се пожалам во однос на г-ѓа Тачер... таа е истакната личност која зазема место во историјата на Британија и Европа".

Затоа, дозволете ми и јас да зборувам отворено. Јас сум одлучен дека Британија треба да остане позитивна и влијателна членка на Европската унија. Но, британската политика кон ЕУ честопати повеќе водеше до влошување, а не до подобрување на односите меѓу државите. Соочени со нова иницијатива на ЕУ, нашиот традиционален одговор често беше противење на неа, гласање против неа, губење на гласањето, за потоа намуртено да се усвои, во исто време обвинувајќи ги сите други. Разбирливо е што Вам ви е преку глава од постојаното британско вето. И може ли и јас да ви кажам нешто? И на мене.

Многу стравови за начинот на кој се развива Европската унија, и на двете страни од Англискиот канал, потекнуваат од фактот што на него се гледа на еднонасочна улица кон поблиска интеграција кон која сите мора да се претплатат. Ова е перцепција која мора да се смени, за Европа да ја сочува јавната доверба.

Се разбира, постојат основни услови кои сите земји-членки мора да ги прифатат. Пред сè, тоа се четирите слободи на единствениот пазар: слободното движење на стоки, услуги, луѓе и капитал. Но, за единствениот пазар не е потребна единствена социјална или индустриска политика, а уште помалку заедничка даночна политика. Со тоа што на земјите ќе им се дозволи да водат свои сопствени политики во овие области, ќе се охрабри ширењето на конкурентноста низ Европа. Присилувањето за прифаќање на заеднички стандарди ќе значи дека Европа како целина сè повеќе заостанува назад, додека секоја земја-членка се обидува да ги префрли своите трошоци на своите соседи.

## Флексибилна Европа

Флексибилниот приод го повлекува важното прашање за тоа како да се одлучи кои области треба да се применат на секоја земја-членка, а кои треба да бидат факултативни. Според мене, на секоја земја-членка треба да ѝ биде дозволено самата да управува со оние политики кои директно и значајно не влијаат на внатрешните работи на другите земји-членки. Така, прашањата, како тарифи и прекугранично загадување, треба да се оставаат на Брисел. Но, во областите кои служат на нивниот национален интерес, индивидуалните земји-членки треба да можат да одлучуваат дали да задржат целосна национална кон-

трола, или да се здружат како серија на кругови кои се преклопуваат: различни комбинации на земји-членки треба да можат да ги групираат своите одговорности во различни области по нивен сопствен избор.

За прв пат говорев за потребата Европа да усвои пофлексибилен приод пред една деценија. За мене ова не е нов концепт.

Ниту, пак, е револуционарен приод, како што може да сметаат многу коментатори. Историски, секогаш постоеле моменти кога Европа била подготвена да биде флексибилна. Ова, сепак, беше случајот со НАТО од неговото формирање, каде Франција се пријави за членство, но одби да ги стави своите вооружени сили под одделна команда и контрола на НАТО. Тоа е случај со еврото. И понатаму тоа е случај со Шенгенскиот договор од 1990 година. Тоа беше случај со Протоколот за социјална политика, преговаран во Мастрихт, таканареченото Социјално поглавје.

## Нов договор за Европа

Значи, преседанот е јасно воспоставен. И тој може да се развива. Досега, секој мораше заедно да се движи нанапред, со тоа што индивидуалните земји преговараа за специфични области каде нема да учествуваат. Ова предизвика огромна тензија. Но, од 1998 година наваму, постои процедура во рамките на договорите која може да се користи за да им дозволи на некои земји-членки да продолжат со понатамошната интеграција во одредена област, без да бидат вклучени сите други земји-членки. Тоа значи дека, наместо индивидуалните земји-членки да се оптоварени со преговори за да не учествуваат во нова иницијатива, оние кои ја поддржуваат можат едноставно да одлучат да се вклучат.

Ова ќе им овозможи на оние земји кои сакаат понатаму да се интегрираат, тоа и да го сторат. Но, останатите нема да бидат приморани да им се приклучат. Тоа им одговара на интеграционистите. Тоа им одговара и на неинтеграционистите. Ајде да го користиме.

Тоа ќе ни овозможи да постигнеме нов договор за Европа. Оние земји-членки кои сакаат поблиску да се интегрираат, ќе ја имаат слободата тоа да го сторат. Нема да биде неопходно со сила да ја вовлекуваат Британија и најверојатно и некои други земји-членки, истовремено силно протестирајќи поради последиците. Ние можеме да им кажеме на нашите партнери: „Не сакаме да ве спречиме да го направите она што сакате да го направите, сè додека вие не нè терате да го правиме она што не сакаме да го правиме". На тој начин ќе можеме да се ослободиме од институционализираниот натпревар со одмерување на силите, кој толку често ги карактеризираше односите меѓу земјите-членки на Европската унија во минатото.

Повеќе нема да биде потребно на Европската унија да се наметнува крута лудачка кошула на униформност од Финска до Грција, од Португалија до Полска. Ќе можеме да создадеме структура во која земјите-членки на Европа ќе имаат простор за дишење.

Јас не говорам за Европа која се движи со две брзини. Тоа имплицира дека сите ние се согласуваме околу дестинацијата, а се разликуваме само околу брзината со која ќе се одвива патувањето. Јас не сакам да дојдам до дестинацијата кон која некои од нашите партнери може да имаат аспирации. Но, не сакам и да ги блокирам нивните аспирации.

Мојата политика е едноставна. Живејте и оставете ги другите да живеат. Развивајте се и оставете ги другите да се развиваат. Тоа е модерен и зрел приод.

Според мене, тоа ќе создаде имагинативна структура за Европската унија, која слободно може да се смета за модел по кој земјите во други делови од светот кои сакаат да имаат поблиска меѓусебна соработка без да ја жртвуваат својата основна национална сувереност. Тој флексибилен приод, варијабилна геометрија, ќе обезбеди да создадеме Европа „по мерка", во која институционалните уредувања удобно им одговараат на националните интереси, а не „униформна" Европа, која не е по мерка и која се пара на шавовите.

## Влијанието на Британија во Европа

Некои велат дека ова ќе значи губиток на влијание од страна на оние земји кои нема да изберат поблиску да се интегрираат. Но, влијанието не е цел само по себе - тоа е средство за постигнување на цел.

На Британија, на пример, не ѝ е потребно место на масата кога се донесуваат одлуки поврзани со еврото. И нашата економија не беше неповолно погодена со тоа што не се вклучи. Одлуката за задржување на нашата валута не значи дека се противиме на воспоставувањето на еврото или, пак, тајно се надеваме дека тоа нема да успее. Напротив, на евро-зоната отпаѓа значаен дел од нашата трговија, ние зависиме од просперитетот на нашите европски партнери. Затоа, им посакуваме, како и на еврото, сè најдобро. Но, му благодарам на г. Делор што изјави, во истото интервју кое претходно го цитирав, дека: „Бидејќи не успеавме да ги максимизираме економските предности на еврото, може да се разберат Британците кога велат: 'Нештата се добри онакви какви што се. Не вклучувајќи се во еврото не нè спречи да просперираме'".

Долго време, на двете страни од Англискиот канал, коментаторите очекуваа дека Британија на крајот ќе мора да се приклучи кон единствената валута. Тие едноставно не можеа да замислат ситуација каде Велика Британија перманентно ќе се раздвојува од остатокот на ЕУ. Но, сега нашироко е прифатено дека статус-кво е одржлив. Нашето отсуство изгледа дека не причинува никакви штетни ефекти во рамките на евро-зоната. Накратко, гледаме крупна европска политика во однос на која Британија, заедно со Шведска и Данска, мирно застана настрана. Ова е нешто што изгледа дека ги мачи некои луѓе. Јас го сметам за извор на задоволство од секој аспект.

Британија е втората најголема економија во Европа. Таа е и најјаката воена сила во Европа. Значи,

не треба воопшто да стравуваме за нашето влијание. Влијанието зависи многу повеќе од она што можете да го донесете на масата, отколку од која било одредена институционална структура.

## Национални сили

Типот на приод кој го предлагам треба, исто така, да овозможи да се направат приспособувања на acquis communautaire. Онаму каде е јасно дека политиките поефикасно можат да се имплементираат на национална основа, Европската унија треба да биде подготвена тоа да го признае. Предлозите за постигнување на национална контрола во такви околности треба да се третираат според нивните квалитети, а не автоматски да се отфрлаат како навреда за европскиот идеал.

Во 1996 година, кога бев секретар за внатрешни работи на Британија, мојата земја постави предлог за реафирмирање на националната контрола над цивилната одбрана и вонредните состојби, т.е. во однос на тоа како Владите одговараат на вонредни состојби, како поплави и пожари. Јас не гледав причина зашто треба да имаме единствена политика за вулкански ерупции, нешто што е тешко веројатно да биде релевантно за Британија. Ми се чинеше апсурдно со овие прашања да се занимава Европскиот секретаријат, кој го финансира европскиот даночник. Затоа, на британските преговарачи им беа дадени инструкции да извршат притисок за отстранување на одредбите кои се однесуваат на цивилната одбрана и вонредните состојби од Насловот II од Спогодбата.

Но, моите колеги, европските министри за внатрешни работи, имаа друг став. Интересно е што ниту еден од нив не изјави дека постои некој убедлив европски интерес за тоа како треба да одговараме при пукање на брани. Поточно, нивната загриженост изгледаше дека е дека секое намалување на улогата на Брисел ќе биде изневерување на европскиот идеал.

Денес не треба да постои потреба за одржување на овој став. Исто како што би било догматски да се одбие соработка со нашите европски соседи во области каде имаме јасни заеднички интереси, исто така е подеднакво догматски да се инсистира дека ЕУ треба да спроведува политики кои сосема слободно може да се оставaт да ги спроведуваат националните влади.

## Посебни области на загриженост

Во оваа нова рамка, кои би биле моите приоритети за реформа?

Од британска перспектива, Заедничката политика во областа на рибарството беше неуспех. Таа истовремено доведе до паѓање на акциите од областа на рибарството и до безмалку уништување на британската рибарска индустрија. Нејзиниот систем на квоти го охрабрува фрлањето на мртви улови преку палубата. Нејзините правила ги претворија добрите луѓе во лажливци.

Не постои причина зашто со рибарските локации да не се упра-

вува на национално ниво. Не само што тоа се случува во остатокот од светот, каде многу земји спроведоа успешни политики за конзервација. Истото се случи и со самата ЕУ, каде големи делови од европските води никогаш не беа вклучени во Заедничката политика во областа на рибарството.

Никој нема да води сметка за она што никој не го поседува. Првиот чекор кон регенерирање на рибарството како обновлив ресурс е да се воспостави концептот на сопственост. Затоа, следната конзервативна влада веднаш ќе преговара за повторно воспоставување на национална контрола над британските рибарски локализации, до 200 милји или до средната линија, како што е дозволено според поморскиот закон, со разумни билатерални договори и признавање на историските права на други нации.

Исто така, би сакал индивидуалните земји-членки да преземат поголема контрола над нивните буџети за странска помош. Британија поседува една од најефикасните програми за странска помош и развој, каде речиси целата помош стигнува до луѓето за кои е наменета, за да помогне и да се искористи ефикасно. Многу малку луѓе можат истото да го кажат за програмата на ЕУ, и покрај херојските напори за реформа на комесарот Патен. Како некој кој е искрено загрижен за потребата да се оправдаат парите на британските даночници и да се намали глобалната сиромаштија, сметам дека ова е убедлив случај за зголемување на националната контрола над странската помош и развој.

## Други области на реформа

Постојат многу други области каде е потребна реформа. Ќе оддолеам на искушението оваа вечер да ви дадам долга листа на примери. Но, посебно итно е потребна радикална реформа на Заедничката земјоделска политика.

Не е претерување да се каже дека оваа политика е погубна за голем дел од најсиромашните земји во светот. Таа доведе до прекумерно производство на храна во Европа и дампинг на евтина храна во неразвиените земји, со што се наштети на нивната домашна индустрија. Проширувањето е причина потребата за реформа да биде уште поитна. Над 40 отсто од буџетот на ЕУ, 40 милијарди евра, сè уште се трошат за поддршка на оваа политика, а веројатно е тоа да се зголеми со пристигнувањето на земјите кои пристапуваат, ако не дојде до итна реформа.

## Европскиот устав

Накратко, Европската унија треба да престане да се обидува да прави сè и треба да се концентрира на тоа да прави помалку работи поефикасно. Таа треба на земјите-членки да им ја даде можноста да развиваат свој сопствен европски приод кој одговара на нивните национални традиции, во рамките на ЕУ.

На оваа основа британските конзервативци се противат на предложениот Устав. Ние не се согласуваме со голем дел од неговата содржина, се разбира, но исто така сме против идејата да имаме Устав

на ЕУ. Постои огромна разлика помеѓу асоцијација на национални држави, сврзани заедно со спогодба, и единствен ентитет, без разлика дали ќе го наречете држава или не, со своја сопствена правна личност, извлекувајќи ги своите овластувања од својот сопствен устав.

Ако овој устав се прифати во каква било форма која наликува на предложената, ЕУ ќе се здобие со многу од атрибутите и замките на државноста: свој претседател, свој министер за надворешни работи, свој правен систем. За прв пат, приматот на законот на ЕУ нема да потекнува од Актите на националните парламенти, туку од наднационален устав. Тоа е длабока и радикална промена.

Доста е нечесно да се преправаме дека сето ова е вежба на расчистување. Она што се предлага е можеби најголемата промена во уставните одредби на Британија од 17. век.

Не верувам дека е исправно да се направи промена со таква големина без конкретно да се консултираат луѓето во чие име тврдиме дека владееме. Парламентот не ги поседува нашите сопствени слободи. Тој има за задача нив да ги сочува. Тој не треба да ги намали тие слободи без експлицитен мандат од британскиот народ.

Затоа, дозволете ми да појаснам. Јас сметам дека кој било предлог за нов устав мора да се предложи пред британскиот народ во форма на референдум.

## Европа и Америка

Нашиот континент секогаш имал блиски врски со Америка. Таа стоеше покрај нас во двете светски војни и многу повеќе од тоа. За сите нас, таа ја претставуваше разликата меѓу тоа да се живее живот во слобода или да се живее живот под тиранија. Долг е патот од овој град Берлин до атлантскиот брег на САД. Но, од доцните четириесетти години наваму претседателот Труман и неговите наследници ја занемарувaa таа далечина. Тие изјавуваа дека закана за безбедноста на Берлин е закана за безбедноста на Америка. Сите тие му дадоа цврста непоколеблива поддршка на НАТО. Сите тие се почесни берлинци.

Од витално значење е Европа и Америка и понатаму да останат блиски. Улогата на Германија во ова е клучна. Повеќето од најголемите предизвици со кои светот се соочува најдобро можат да бидат надминати така што Европејците и Американците ќе работат заедно. Но, ако секој од тие предизвици стане арена за трансатлантско ривалство, можност една страна да заработи поени за сметка на другата, изгледите се многу мрачни. Предизвиците ќе бидат многу потешки за разрешување. Не смееме да дозволиме триењето да прерасне во фрактура. Затоа, мора да се справиме со нашите разлики, така што тие да предизвикаат најмала можна штета на една клучна врска и треба да се повлечеме од иницијативи кои носат ризик да ги влошат овие потешкотии.

На пример, јас имам сериозни сомнежи за плановите на Европа за

преземање на нова одбранбена иницијатива која вклучува дуплирање на структурите на НАТО за планирање и команда. Силно ја поддржувам поголемата соработка меѓу европските земји на полето на одбраната. Но, таа треба да се одвива во рамките на НАТО. НАТО треба да остане темелникот на нашата одбрана. И Европа не треба да се обидува да создаде одбранбена структура како алтернатива на НАТО, или како противтежа на САД.

По една година во која одѕвони последното ѕвоно на трансатлантската врска и на двете страни од Атлантикот, се надевам дека и Британија и Германија ќе ја одиграат својата улога во поправање и обновување на врската. Поткопувањето на НАТО не е најдобриот начин со кој тоа би се постигнало.

## Европа за 21. век

Беше потребно да помине повеќе од четвртина век од говорот на Кенеди за да се сруши Берлинскиот ѕид. Ѕидот беше разрушен цигла по цигла од страна на луѓето кои ги делеше. Неговиот пад обедини еден град, една нација и еден континент.

Сега, околу петнаесет години подоцна, десет нови земји ќе се приклучат на ЕУ, од кои многу никогаш не очекуваа да искусат слобода во нашето време. Нивниот пристап во Унијата е причина за прослава.

Сега сме во нов век. А јас не можам да направам ништо подобро од тоа да го цитирам мојот претходник Јан Данкан Смит. Тој минатата година во Прага го изјави следното: “Основачите на Унијата изградија цврста основа. Но, некои од тие структури веќе не се погодни за денешната Европа или денешниот свет. Децата и внуците на оние кои ја оформија поствоена Европа сега сакаат да застанат на рамениците на нивните предци за да продолжат со своја визија”.

Денес имаме единствена можност. Можност да ја обликуваме Европа според сликата на 21. век. Да изградиме Европа која е навистина слободна, Европа базирана на соработка, а не на принуда. Европа која му служи на секој граѓанин на овој наш континент, без разлика на неговото потекло или националност. Се надевам дека можеме да работиме заедно за да го извлечеме максимумот од оваа можност. Историјата нема да ни прости ако ја прокоцкаме.

**Abstract**

The speaker refers to history and traditions of Germany and Britain as present member states of the European Union and explains the British statement to a European constitution. According to him, Britain defends a constitutional settlement, the lack of a European public opinion and a European national identity has to be mentioned. The European Union needs to be competitive and flexible and in order to this, the decision makers should realise the pressure they put on the economic potential.

European legislation tends to be very detailed in its prescriptions and its information demands.

In short, Europe should stop trying to do everything and concentrate on doing a few things more effectively. It is on this basis that British Conservatives oppose the proposed Constitution. Britain also opposes the idea of having an EU Constitution. There is a difference between an association of nation states bound together by treaty and a single entity, deriving its authority from its own constitution. If this constitution were accepted in anything like the proposed form, that would be a profound and radical change and any proposal for a new Constitution must be put to the British people in a referendum.

According to Michael Howard, it is vital that Europe and America continue to remain close. Germany's role in this is critical. The countries must manage their differences so that they do the least possible damage to a crucial relationship and they should draw back from initiatives that will risk exacerbating these difficulties. Co-operation between European countries on defence should take place within the framework of NATO and not undermine it.

# Лидерство во криза: Македонски состојби

Жарко Трајаноски

И на врапците на покривите им е јасно дека Република Македонија преживува длабока политичка криза. Во куси црти ќе се осврнеме на симптомите и индикаторите на кризата покренувајќи неколку комплексни прашања што соодветствуваат на неколку аспекти на политичката криза.

Првата група прашања се однесува на политичката рамка. Овие прашања фрлаат светлина на одредени моменти од она што може да се именува како *демократска криза*, која како резултат на дерогирањето на принципот на владеење на правото почнува да се рефлектира и како „уставна криза". Отсуството на широк консензус во поглед на дефиниторните правила на демократската политичка игра има парализирачко дејство за политичкиот живот и претставува постојана закана за стабилноста на системот.

Втората група прашања се однесува на главните принципи на политичка мобилизација. Овие прашања расветлуваат одредени моменти од она што можеме да го именуваме како *криза на политиката на идентитетот*. Тука не станува првенствено збор за националното прашање, прашањето за името, јазикот, грбот или химната, туку пред сè за прашањата „кои политички идентитети се мобилизирааат и на кој начин?". Кризата на националниот идентитет е само еден аспект на *кризата на политиката на идентитетот* која, имајќи ги предвид политичките идентитети што првенствено се мобилизираат, се карактеризира со своевидна „тиранија на етно-партиските идентитети".

Третата група прашања се однесува на потребата за, и на начините на оправдување на политичката акција. Тука може да стане збор за *кризата на идеологијата*, ако под „идеологија" подразбереме комплекс на идеи што се користат во процесот на оправдување на потезите во политичката игра, од страна на политичките играчи, пред сè политичарите. Плаузибилно е и прашањето дали воопшто политичките одлуки и стратегии се оправдуваат со некакви идеи и концепции, или пак сè уште доминира „култот на личноста" како противтежа на потребата за оправдување на потезите во политичката игра.

Неможноста јавно да се постават првите три групи прашања и на нив да се даде прифатлив одговор претставува повод за четвртата група прашања, во врска со *кризата на лидерството*. Кризата на лидерството (како аспект на политичката криза) е симптоматична по неспособноста на избраните претставници да одговорат на демократска криза, кризата на идентитетот, и кризата на идеологијата.

На крајот, ќе се позанимаваме со уште една група прашања кои што можат да се супсумираат под дескрипцијата *криза на легитимацијата*. Индикатори за криза на легитимација се недостатокот на политички авторитет и потребата за постојано присуство на „меѓународната заедница” како приречен авторитет, кој ќе фрли дополнителна аура на легитимација врз клучните политички стратегии и одлуки, како и врз политичките потези кои уследуваат во ситуации за кои постои основан страв дека можат да предизвикаат изразита политичка нестабилност.

## Каква демократија сакаме?

Во современиот политички дискурс прашањето „Дали сакаме демократија?”, е одамна истиснато од прашањето „Каква демократија сакаме?”. Современиот политички дискурс е демократски дискурс и тоа е негово основно обележје.

Култивирањето на демократскиот дискурс е една од основните претпоставки за стабилноста на модерните демократски политички режими.[1] Преку постојаното осмислување и преосмислување на концептот на демократијата, демократскиот дискурс, всушност, гради не само основа за оправдување на модерните демократски политички режими, туку и инструменти преку кои се изразуваат основните форми на политичкиот живот. Бездруго, зборот „демократија” е она што денес гради политички консензус[2] и што фрла „аура на легитимација” на модерниот политички живот. Како што проникливо укажува Дејвид Хелд, „законите, правилата, и политиките ни се чинат оправдани кога тие се ’демократски’”.[3]

Отсуството на автентичен демократски дискурс не е само симптом за криза на современата политичка мисла, туку и симптом за демократска криза. Тезата дека современите демократски кризи се проследени и со криза на политичка легитимација несомнено црпи инспирација од претпоставката дека „Демократијата стана фундаментален стандард на политичка легитимација во постојната ера”.[4] Имено, при дијагностицирањето на „криза на легитимација” во игра се претпоставките дека или нешто не е во ред со демократските стандарди, или, пак, нешто не е во ред со начините на кои тие стандарди се отелотворени во демократските институции и демократските механизми на одлучување.

Демократскиот дискурс е препознатлив и по настојувањата за дефинирање и оправдување на демократијата, како и по настојувањата да се обезбедат валидни критериуми за демократско владеење. Токму затоа, во овој дел ќе се позанима-

[1] Според широката дефиниција на Baechler, „a political regime is a set of devices and procedures for establishing peace through justice in a polity“. Baechler, Jean. *Democracy: An analytical survey.* UNESCO Publishing, 1995, p. 49.

[2] Зборот „демократија”, како што предупредува Бадиу, не е само „главен организатор на консензус” денес, туку е и збор кој поставува граница помеѓу нормалното и патолошкото; имено, на некој начин е забрането да не се биде демократ, а сé она што не е демократско се смета за патолошко.

[3] Held, David. „Democracy: From City-states to a Cosmopolitan Order?“ in: David Held (ed.), *Prospects for Democracy: North, South, East, West*. Cambridge: Polity Press, 1993. p. 13

[4] Held, David. „Democracy and Globalization“. In: *Reimagining Political Community: Studies in Cosmopolitan Democracy* ed. by Daniele Archibugi, David Held and Martin Köhler. Stanford: Stanford University Press, 1998, p. 11.

ваме со основните функции на демократскиот дискурс, покренувајќи неколку концептуални прашања во врска со демократијата.

Демократскиот дискурс е обременет и со настојувањето за обезбедување на општоприфатлива дефиниција на демократијата. Обидите за дефинирање и оправдување на демократијата се мотивирани од желбата за обезбедување на неоспорлив поим и најчесто се потпираат на есенцијалистички претпоставки. Таква е, на пример, претпоставката на Дејвид Битам дека „постојат базични принципи кои го конституираат јадровното значење на демократијата”[5]. Во неговата дефиниција, „јадровни принципи” на демократијата се популарната контрола и политичката еднаквост, а демократијата е сфатена како „систем за колективно донесување на одлуки”, кој припаѓа на сферата на политичкото (на донесување одлуки за некое здружение или колективитет). Имено, некој систем е демократски во онаа мерка во која „е подложен на контрола од сите членови на релевантната асоцијација, или сите оние под нејзин авторитет, сметани за еднакви”.[6]

Анализата на дефиницијата на Битам може да ни помогне во детектирањето на препознатливите белези на демократијата и на значителен дел од демократскиот дискурс.

Прво, анализата на Битамовата дефиничка стратегија, може да ни предочи дека демократијата е непоимлива без претходна концепција за политичкото, во случајов, „сферата на политичкото” сфатена како „донесување одлуки за колективно обврзувачки правила и политики”. Второ, неговата дефиниција претпоставува идеја за политичка „асоцијација или колективитет”, во најширока смисла сфатена како „политичка нација”[7]. Без концепт за „политички колективитет”, или, ако претпочитате, без некаква идеја за „судбинска политичка заедница (political community of fate)”[8] или „индивидуална политичка заедница”[9], тешко би можеле да се осмислат демократијата и политичкото.

Трето, специфичен белег на неговата дефиниција е истакнувањето на „подлежечките принципи” за сметка на „институциите кои ги отелотворуваат тие принципи”. Принципите се примарни за дефинирањето на демократијата, а институциите се секундарни, иако Битам е свесен за тоа дека постои органска врска помеѓу принципите и нивното институционално отелотворување. Оттаму, кај него постои и разликување помеѓу *концепт на демократија* и *теории за демократија*, кои се занимаваат со прашања колку демократијата е пожелна, дали може да се практикува, и на кој начин може да се реализира во институционална форма.

Всушност, кај Битам, принципите се тие што го конституираат крите-

---

[5] Beetham, David. *Democracy and Human Rights*. Cambridge: Polity Press, 1999, p. 4.

[6] Beetham, David, 1999. p. 4.

[7] Ibid., p. 16.

[8] Held, David. „Democracy and Globalization“. In: *Re-imagining Political Community: Studies in Cosmopolitan Democracy*. ed. by Daniele Archibugi, David Held and Martin Köhler. Stanford: Stanford University Press, 1998, p. 21.

[9] Видете, на пример, Archibugi, Daniele. „Principles of Cosmopolitan Democracy“. In: *Re-imagining Political Community: Studies in Cosmopolitan Democracy.* ed. by Daniele Archibugi, David Held and Martin Köhler. Stanford: Stanford University Press, 1998, p. 200.

риумот за демократско уредување, кое е поставено како идеал, на едната страна од широкиот спектар, на чија сосема спротивна страна е „системот на управување во кој луѓето се тотално исклучени од процесот на донесување одлуки и од каква и да е контрола над него".[10]

Она што е пресудно во дефиниторната стратегија на Битам, а што секако може да се примени и во анализата на првите македонски демократски искуства по осамостојувањето, е тоа дека без принципот на политичка еднаквост не би можело да се оправда донесувањето на одлуки според принципот на мнозинство. Имено, укажува Битам, можеме да зборуваме за политичка еднаквост само доколку секој може разумно да очекува дека во догледно време ќе припаѓа повеќе на мнозинството, отколку на малцинството, односно доколку може да оперира принципот на реципроцитет. Кога станува збор за перманентни малцинства кои честопати се ставени во непожелна позиција како резултат на мнозинската процедура на одлучување, принципот на еднаквост сериозно е компромитиран. За повторно да се воспостави политичка еднаквост, сугерира Битам, потребно е да се ограничи принципот на владеењето на мнозинството (кое се закaнува да прерасне во „демократска тиранија" на мнозинството на малцинството), што може да се стори со воведување посебни права или со консензуални процедури за извесни типови одлуки.[11]

Согледбите на Битам можат да ни помогнат во определувањето на специфичните моменти на македонската демократска криза. Имено, принципот на политичка еднаквост не можеше да дојде до израз во услови кога парламентарната демократија беше редукционистички сфатена единствено како донесување одлуки според принципот на мнозинство. Ако на тоа се додадат и забелешките за постојаната тенденција сферата на политичкото да се редуцира на сферата на партиското, за недостаток на концепт за „судбинска политичка заедница (political community of fate)", за немање консензус во однос на најопштите правила на игра прокламирани во Уставот, за нефункционирањето на принципот на поделба на власта, за непостоењето на јавен политички форум, отсуство на култура на човекови права, и најпосле, за неефикасноста на институциите на системот - тогаш може да ни биде појасно зашто настапи сеопшта криза на легитимација која резултираше со воено мобилизирање на одреден дел од граѓаните против државата (конфликтот во 2001 година), како и со неможност државата *демократски* да одговори на предизвиците пред кои што беше исправена.

Кризата во 2001 година покажа дека отсуството на широк консензус во поглед на дефиниторните правила на демократската политичка игра може да има многу парализирачко дејство за политичкиот живот, и дека лебдечката закана за стабилноста на системот може да се оствари во услови на редуцирано сфатена и практикувана демокра-

[10] Beetham, David. 1999. p. 16.
[11] Ibid. pp. 20-21.

тија од страна на неефикасни институции. Оттаму, сосема разбирливо беше тоа што менаџерите на кризата работеа на тоа да воспостават што е можно поширок политички консензус за дефиниторните правила на политичката игра (со донесувањето на измените на Уставот) кои подразбираа и  механизми за ограничување на мнозинскиот принцип на донесување на одлуки, како основа за натамошен институционален развој.

## Кој кого мобилизира?

Иако уште од осамостојувањето, Република Македонија беше уставно дефинирана како граѓанска демократска држава, отсуството на „демос" беше исто толку забележително колку и неодминливото присуство на „етносите". Обидот Република Македонија да се прикаже како демократија во мултиетничко општество, па дури и како стабилно мултикултурно општество со ефикасна демократија кое успешно го негира стереотипот за нестабилност на таквиот тип општества,[12] изгледа повеќе од наивен кога ќе се земе предвид вооружениот конфликт од 2001 година, и последиците од него, пред сѐ менувањето на демократската рамка.

Постконфликтното наравоучение на менаџерите на кризата од 2001 год., судејќи барем според Рамковниот договор, е дека токму етничкото било запоставено за сметка на граѓанското. Наспроти укажувањата за пренагласувањето на етничката легитимација и запоставувањето на политичката димензија на граѓанската држава[13], договорот од Охрид ја прифати етничката поделеност како *појдовна основа* и воспостави формален „power-sharing" на двете најголеми заедници. Со напуштањето на концептот на „националност", кој немаше никаква врска со современиот концепт на националност (кој воспоставува врска помеѓу граѓанинот и државата независно од етничкото потекло) беше надминат претходниот нефункционален и неформален „power-sharing" на доминантниот етнос со дотогаш најголемата „националност".

Оттаму, со право може да ни се постави прашањето зошто зборуваме за *криза на политиката на идентитетот* кога *политиката на идентитетот* - политиката на етничкиот идентитет, бездруго не беше во криза ниту пред, а особено не по 2001 година? Можат да се дадат неколку мошне едноставни одговори кои покренуваат редици мошне сложени прашања.

Пред сѐ, зборуваме за *криза на политиката на идентитетот* затоа што демократијата подразбира „народ" во смисла на *демос*, а не во смисла на *етнос*. И со измените на преамбулата на Уставот, народот е сфатен исклучиво во смисла на *етнос*, потег со кој „граѓанинот" уште повеќе се потенцира како припадник на етничка заедница.

Потоа, се наметнува прашањето, што му дава право на политичко првенство на етничкиот идентитет

[12] Frckoski, Ljubomir. „Macedonia and the Region" in: *The Southern Balkans: Perspectives from the Region*, Institute for Security Studies, April, 2001, p. 41.

[13] Споредете Саркањац, Бранислав. *Македонски катахрезис*, стр. 17.

за сметка на сите останати можни типови идентитети, како што се родовиот, религиозниот, сексуалниот, месниот итн.? *Кризата на политиката на идентитетот* се манифестира во оневозможувањето на демократски плурализам на идентитети кои се во состојба политички да се мобилизираат по различни поводи и врз различни основи.

Најпосле, *кризата на политиката на идентитетот* се состои и во обидот да се стабилизира и фиксира етничкиот идентитет, како групов, колективен идентитет, што го подрива начелото на индивидуализмот својствено за либералната демократија. Индивидуите, граѓаните се тотално маргинализирани за сметка на припадниците на етничките колективитети.

Затоа, кога зборуваме за *тиранија на етничкиот идентитет*, не го имаме предвид само политичкото маргинализирање на другите типови идентитети, туку и практичното исчезнување на граѓанинот како индивидуа на која не ѝ се нуди друга политичка опција освен да биде политички идентификувана како припадник на некаква етничка заедница.

## Како се оправдува политичката акција?

Ќе почнеме од најпесимистичкиот одговор, дека политичката акција нема потреба од политичко себеоправдување. Во услови на тиранија на етничкиот идентитет, во ситуација кога речиси сите политички и културни прашања се гледаат низ призмата на прашањето за идентитетот, доаѓа до таков јаз помеѓу идентитетот и акцијата, што во одредени моменти станува и апсолутно небитно кој што *прави*, за сметка на тоа кој што *е*.

Таквите моменти се симптом за *криза на идеологијата*. Кога го привикуваме контроверзниот термин „идеологија" во овој контекст, функцијата на идеите не ја лоцираме во процесот на претставување туку во процесот на *оправдување*. Оваа функција е тесно поврзана со *моралниот карактер* на политичките одлуки, што е претпоставка на рационалното просветителско сфаќање за зависноста помеѓу моралот и политиката.[14] Имено, оправдувањето како говорен чин на наведување „добри" причини е составен дел од политичката игра. А еден говорен чин на оправдување од друг не се разликува толку според пропозиционалото стојалиште колку по пропозиционалната содржина, односно по комплексот идеи на кои се засновува.

За подобро да го опишеме „она што се оправдува" ќе го воведеме концептот на *политички јазички игри*[15]. *Идеологијата* како комплекс на идеи што се користат во процесот на оправдување на политичките јазички игри подразбира дека „политиката" најдобро може да се претстави како игра која се состои од „играчи", правила и „потези". Притоа, со Витгенштајновиот концепт на

[14] Својствено за рационалистичкото поимање на моралот е да не го прифаќа како израз на автентичен морален суд исказот што има вербална форма на морален суд, а за кој не сме во состојба да наведеме причини. (Споредете Bauman, Z. *Postmodern Ethics.* Blackwell, 1993, p. 40.) Аналогно, својствено за рационалистичкото сфаќање на политиката е да не ја прифаќа како автентична политичка одлука (или како автентична политичка институција) одлуката/институцијата за која не сме во состојба да наведеме "добри" причини.

[15] Со овој концепт се обидуваме истовремено да ја примениме метафората за политиката како игра и Витгенштајновиот концепт на „јазички игри".

„јазички игри" се сугерира дека фундаментална претпоставка на современата политика сфатена како игра, е дека играчите (политичките субјекти и политичките објекти), правилата (дефиниторните и стратегиските), и „дозволените потези" (политичките акции засновани врз „разборити" процеси на одлучување) се само нужен, но не и доволен услов за разбирањето на природата на „политичкото". Имено, во модерната политичка игра на моќ, не е доволно да бидеш играч, да управуваш или да бидеш управуван од правила, да донесуваш одлуки и да дејствуваш во согласност со нив. Политичките субјекти (донесувачи и спроведувачи на одлуки) се исто така обврзани и да докажат дека нивните акции, нивните одлуки, и институциите што ги застапуваат се „оправдани" за да обезбедат експлицитна или имплицитна легитимација[16] од страна на политичките објекти (бирачите). Оправдувањето на политичката акција (изведено преку посебни „јазички игри" во кои „рационалните" идеи играат специјална ролја) е конститутивен дел од модерната политичка игра, и токму во тоа се состои функцијата на „идеолошкото".

Уште еден индикатор на „кризата на идеологијата" е дека голем број значајни политички „потези" обезбедија имплицитна легитимација или без никакво оправдување, или со оправдувања во чија основа лежат ирационални или мошне неразумни идеи. Можеме да наведеме бројни примери, почнувајќи од одлуката да се прифати приемот во ОН и во Советот на Европа без уставното име, одлуката да се потпише билатерален договор за некаков „спор" во врска со името, одлуката да се признае Тајван (што исходуваше со прекин на превентивната мисија на ОН), одлуката да се употреби армијата за бомбардирање на домови на сопствените граѓани, па сè до одлуката да се стапи во т.н. „антитерористичка коалиција" или одлуката да се потпише билатерален договор со САД за изземање од статутот на МКС. Некои од овие потези претставуваа директно прекршување на дефиниторните правила на политичката игра, некои беа повлечени без никакви стратегиски причини, но сепак, во најголем број случаи изостанаа реакции од страна на бирачите - било во форма на активирање на механизмите на популарна контрола, било во форма на граѓанска непослушност.

Кризата на идеологијата се огледа и преку недостатокот од долгорочни политички платформи, како кај политичките партии така и кај донесувачите на одлуки кои добиваат мандат за раководење со државни институции, платформи кои по правило би требало да најдат свое идејно оправдување во извесни теории за демократијата. Во отсуство на програмски начела кои се оправдуваат со повикување на демократски принципи, донесувачите на одлуки обично прибегнуваат кон „јазички игри" својствени за политичките традиции кои се темелат на „култот на личноста", кој несомнено има фатено длабоки корени на балканската почва.

[16] Експлицитната легитимација се обезбедува на избори; имплицитната легитимација подразбира спремност на политичките објекти да ги почитуваат донесените одлуки и да не ги попречуваат активностите на политичките субјекти.

## Како се калеше лидерството?

Кризата на лидерството настапува кога лидерите не можат да одговорат на современите политички предизвици, во случајов, на демократската криза, на кризата на политиката на идентитет, и на кризата на идеологијата. Кризата на лидерството може и да се поистоветува со демократска криза, барем согласно оние теории за демократијата кои лидерството го сметаат за фундаментален принцип на демократските режими.

На пример, ако се согласиме дека врвен демократски принцип е *оние што слушаат да ги бираат оние кои се согласуваат да ги слушаат*,[17] тогаш би требало да се согласиме и дека политичките одлуки се легитимни со самото тоа што се донесени од луѓе кои се демократски избрани, на „фер и слободни избори". Меѓутоа ваквото стојалиште е премногу редуктивно во поглед на принципот на популарна контрола и принципот на политичка еднаквост. Истото тешко би можело да се одбрани од приговорите дека изборот на политички претставници како донесувачи на одлуки претставува само нужен, но не и доволен услов за демократија. Дури и Збигњев Бжежински во една прилика укажува дека не е доволно да бидеш избран демократски, туку дека исто така е потребно и да се владее демократски.[18]

Оттаму, достоинствено ги отфрламе оние дефиниции на демократијата кои се обидуваат да ја сведат „суштината на демократијата" на „народното избирање на врвните донесувачи на одлуки", што е клучна карактеристика на Хантингтоновиот процедурален приод кон демократијата.[19] Доколку се согласиме со Хантингтон дека единствен, релативно јасен и широко прифатен критериум за дефинирање на демократијата е „таканаречениот критериум за слободни и фер избори" тогаш би требало да прифатиме и дека Хитлерова Германија е демократска земја, или барем да понудиме цврсти докази дека фирерот не ја освоил волјата на мнозинството Германци на фер и слободни избори.

Тоа се главните причини зашто кризата на лидерството концептуално ја разликуваме од демократската криза како поширок концепт, иако сама по себе, кризата на лидерството обично предизвикува не само демократска криза туку и политичка парализа.

Укажуваме на повеќе симптоми и индикатори за кризата на лидерството во Република Македонија. Веќе спомнавме за здраворазумската тенденција партискиот живот да се идентификува со „политичкото" која е аналогна на лидерската тенденција да се прикажува политичкиот живот како нешто што се исцрпува со самото она што го работат „политичарите". Ваквата тенденција е показател дека актуелните политички лидери насто-

[17] Baechler, Jean. *Democracy: An analytical survey.* UNESCO Publishing, 1995, p. 59.

[18] Bzezinski, Zbigniew. „Fifty Years After Yalta: Europe's and the Balkans' New Chance". in: *The Carnegie Report and the Balkans Today*, International Conference on the Balkans, Sofia, 1996, pp. 281-289.

[19] See, Huntington, Samuel P. *The Third Wave: Democratization In The Late Twentieth Century*. University of Oklahoma Press, 1991, pp. 8-9.

јуваат да ги исклучат граѓаните од активното учество во мониторирањето на процесот на донесување одлуки и од учеството во механизмите за граѓанска контрола, што е несомнено важен елемент кој ја легитимира демократската политичка игра.

Битен симптом за кризата на лидерството е отсуството на политичка одговорливост и одговорност кон *сите* граѓани. Најголем дел од избраните едноставно престануваат да одговараат на повиците на оние што ги бирале, или пак делумно се одѕиваат само на повиците на оние што ги избрале. Најголем дел од политичарите не се ни обидуваат да ја поттикнуваат илузијата за ефективно учество на граѓаните во процесот на донесување одлуки. Оставката, како чин на политичка одговорност, е речиси непознат феномен во македонската демократска традиција.

Веќе укажавме дека политичките лидери не придонесуваат за изградбата на автентичен демократски модел кој ќе се крепи на јасно дефинирани демократски принципи, кои ќе бидат отелотворени во ефикасни демократски институции. Напротив, лидерите не само што настојуваат да ги заобиколат механизмите на популарна контрола, туку и активно учествуваат во дерогирањето на принципот на еднаквост претпочитајќи ги интересите на партиските истомисленици наместо интересите на сите граѓани.

Мнозинството лидери не придонесуваат за подигање на степенот на демократска култура во пошироката јавност што е битен предуслов за демократски развој. Уште полошо, мнозинството политички лидери во јавноста оставаат впечаток на игноранти кога станува збор за човековите права придонесувајќи со тоа за општата инфлација на концептот на човекови права, иако степенот на развој на културата на човекови права е основен показател за демократскиот развој во либерално-демократските општества.

Претходно напоменавме за отсуството на идеолошки капацитети и неспособноста да се оправдаат донесените одлуки. Затскривањето зад „култот на личноста" на партискиот лидер, за жал, е темелна одлика на македонската државна политика. Бездруго, *народните* избраници се тие кои што треба да го надминат *етносот* претпочитајќи го *демосот* и да овозможат такво читање на „македонската државна политика", кое ќе биде лишено од ексклузивни етнички конотации. Оние што ќе го прифатат политичкиот предизвик и ќе се соочат со кризата на политиката на идентитетот мора да дадат и соодветно објаснување зашто нашиот концепт на „државјанство" сè уште не е усвоен во политичките вокабулари како синоним за „националност". Дури тогаш на политичката агенда ќе можат да се поставaат горливите национални теми за симболичката идентификација.

Несомнено, индикатор за кризата на лидерството е и сомнежот во однос на начинот на кој беше избиран претседателот на Република Македонија на сите три избори. На првите избори, сенка на сомнеж фрли начинот на кој беа пресме-

тувани резултатите во првиот круг; на вторите избори фрлија сенка драстичните нерегуларности кои не беа отстранети ниту со повторување на изборите во стотици избирачки места, туку беа пренебрегнати по откажувањето на политичкиот конкурент од правото на жалба; на третите избори голема сенка фрлија нерегуларностите во вториот круг кои го доведоа под прашање официјалниот процент лица што излегле на гласање кој сосема малку го надминуваше изборниот праг.

Најпосле, потребата од постојаната „закрила" на меѓународната заедница е можеби најубедливиот показател за кризата на лидерството во Република Македонија. Сѐ поголем дел граѓани имаат впечаток дека не постои автономно донесување одлуки од страна на оние што се избрани да донесуваат одлуки во нивно име. Таквиот впечаток може да биде отстранет само ако се вложат огромни напори во насока на зголемување на транспарентноста во процесот на донесување одлуки, и нивно оправдување со повикување на јасно утврдените демократски принципи во долгорочните програми и стратегии.

## „Меѓународната заедница" - генератор на криза на легитимација?

Кризата на лидерството постојано генерира криза на легитимација.[20] Кога ќе се земе предвид изразитата промена на политичката рамка и на политичката клима по конфликтот во 2001 година, се поставува и прашањето на улогата на т.н. „меѓународна заедница" во Република Македонија.

Призракот на „меѓународната заедница" го надлетуваше Балканот по завршувањето на Студената војна, и не ја одмина ниту Република Македонија. Еден од главните проблеми со употребата на изразот „меѓународната заедница" е тоа што се употребува и за да се *опише* нешто, и за да се *оправда* нешто.[21] Употребата на изразот „меѓународната заедница", како концептуално орудие за теоретска дескрипција, е контроверзно епистемолошко прашање. „Меѓународната заедница" како дескрипција на некаков постоечки политички или правен ентитет се соочува со речиси незаобиколливиот приговор дека воопшто не постои таков ентитет. Отсуството на телефонски број, веб-страница, поштенска адреса, итн, се силни индикатори во прилог на приговорот дека „меѓународната заедница" е само *идентитет без ентитет*.

Од друга страна, лесно би било да се отфрли изразот без притоа да се даде задоволително објаснување *кој* се идентификува себе си како „меѓународната заедница" и *заради што* се идентификува. Особено ако се земе предвид дека „меѓуна-

[20] Таквата криза се манифестираше и преку нискиот одзив на гласачите на последните претседателски избори што сведочи за разочараноста на огромен дел од гласачкото тело. Индикативно е и тоа што ниту една од поголемите партии не даде веродостоен одговор на прашањето зошто апстинирале речиси половина од избирачите, што само по себе најмалку може да биде повод за славење на изборни победи.

[21] Видете Sutch, Peter. *Ethics, Justice, and International Relations : Constructing an International Community.* New York: Routledge, 2001. p. 1: „This phrase is used both to describe something and to justify major (and very often controversial) international ventures. Recent events such as the Gulf war or the bombing of Belgrade as well as major parts of recent international history (such as the restrictions on trade with South Africa during the final years of the apartheid regime) all rest on the authority of the international community."

родната заедница" беше мошне популарен израз и за време на менаџирањето на кризата во 2001, но и по неа.

Познато е дека страните на „Рамковниот договор" во неколку наврати ја повикуваа „меѓународната заедница", а познато е дека одредени меѓународни актери се одѕваа на повикот, вклучувајќи се во процесот на имплементација. Сепак, клучен момент во 2001 е промената на демократската рамка со усвојувањето на уставните амандмани кои незначително се разликуваа од текстот предложен во „Рамковниот договор". Меѓутоа, и по промената на Уставот, „Рамковниот договор" остана како базичен документ со кој политичките актери (вклучително и оние кои се идентификуваа како „меѓународната заедница") ги оправдуваа или ги објаснуваа настанатите политички промени.

На пример, во Извештајот за стабилизација и асоцијација 2004, подготвен од комисијата на ЕУ, владата се повикува „целосно да го имплементира Рамковниот договор и да го зајакне владеењето на правото..."[22] Меѓутоа, кога ќе се земат предвид уставните промени, речиси е невозможно Владата истовремено „целосно да го имплементира Рамковниот договор и да го *зајакне владеењето на правото*". Препораките за *целосна* имплементација на Рамковниот договор се инкомпатибилни со принципот на владеење на правото едноставно затоа што Рамковниот договор не е *правен* документ. Рамковниот договор не е објавен во „Службен весник на Република Македонија", нема стапено во сила, и не е дел од правниот поредок на Република Македонија. Тоа е и главната причина зашто *Хелсинишкиот комитет за човекови права на Република Македонија* укажа дека објаснувањето на донесувањето на законите со Рамковниот договор, наместо со Уставот (по новите амандмани) е „драстичен случај на дерогација на принципот на владеење на правото".[23]

Доколку одредбите од Рамковниот договор беа идентични со новоусвоените одредби на Уставот, проблемот ќе можеше да се сведе на идеолошки проблем, на проблем на политичко оправдување. Но, разликите помеѓу Рамковниот договор и Уставот укажуваат дека не станува збор само за проблем на политичко оправдување, туку и за проблем на политичката рамка.

Во овој контекст, веројатно најилустративен пример се одредбите во врска со употребата на службените јазици. Целосното имплементирање на Рамковниот договор би имплицирало употреба на тамошната терминологија која се разликува од терминологијата употребена во уставните амандмани. Оттаму, повикот за целосно имплементирање на Рамковниот договор би можел да се интерпретира или како повик за пренебрегнување на Уставот, или како повик за негова идна промена.

Симптоматично е и тоа што по објавувањето на официјалните

[22] Политичката ситуација во 2003 година е опишана како "генерално стабилна, градејќи се врз процесот иницииран во 2001 година во Охрид кој останува клучен за обезбедувањето на развојот на поранешната југословенска Република Македонија како унитарна и мултиетничка земја".

[23] Annual report for year 2003, *Helsinki Committee for Human Rights in Republic of Macedonia*, http://www.mhc.org.mk/eng/a_izveshtai/a_2003gi.htm

резултати од пописот беше користена терминологијата на Рамковниот договор - „20% од населението”, која се разликува од терминологијата во Уставот - „20% од граѓаните”. Ако се земе предвид дека резултатите од пописот беа претставени без да бидат согледани низ призмата на уставната терминологија, тешко е да се претпостави како ќе бидат имплементирани амандманите V и VI, во отсуство на релевантни информации за бројот на граѓаните на Република Македонија, а не за бројот на населението.

Оттаму, може да се извлече заклучокот дека со инсистирањето за целосно имплементирање на Рамковниот договор, и оние кои што се идентификуваат како „меѓународната заедница” всушност придонесуваат за продлабочувањето на кризата на идеологијата, на кризата на лидерството, а со тоа и на кризата на легитимацијата. Политичките лидери се наоѓаат во невозможна ситуација да се повикани да востановат општа практика на оправдување на политичките одлуки преку принципот на владеењето на правото во исто време кога оној што ги повикува на тоа го дерогира принципот на владеењето на правото.

Затоа, сè додека некои меѓународни актери ќе го претпочитаат личниот ангажман на Бранко Црвенковски и Али Ахмети и нивните политички „дилови” зад затворени врати, наместо принципот на владеењето на правото, политичките „истерувачи на духови” ќе имаат мошне силни аргументи против оние кои се идентификуваат како „меѓународната заедница” и покрај нивните добри намери за мир и стабилност во регионот.

Меѓутоа, „меѓународната заедница” не може и не смее да биде оправдување за неспособноста на лидерството да се соочи со тековните политички предизвици. Пред сè, кризата на лидерството е она што ја прави поблиску Република Македонија до „систем на управување во кој луѓето се тотално исклучени од процесот на донесување одлуки и од каква и да е контрола над него”, отколку до автентична демократија во која институциите ги отелотворуваат принципите на популарна контрола и политичка еднаквост.

**Abstract**

The political crisis that the Republic of Macedonia went trough can be viewed from several viewpoints. In this article, the crisis of leadership is viewed upon only from the aspect of a political crisis, and the same is related to the crisis of the democratic framework, crisis of politics of ethnic identities, crises of ideology and the crisis of legitimation. At the end, the role of the „international community“ (its influence on leadership) is analized as an aditional generator to the political crisis. The symptom of the leadership crisis is its inability to emancipate from tutorship of the „international community“, even in situations when contradictory „suggestions“ were given to the leaders: on one hand, respect of the principle – Rile of Law (Constitutional Democracy); on the other hand, total implementation of the political agreement from Ohrid (contradiction of the principle – Rule of Law).

# Борис Трајковски - визионерот на Македонија

Андреас Клајн

26 февруари 2004 година требаше да биде ден на радост за Република Македонија. На овој ден македонската влада требаше да ја предаде апликацијата за прием во Европската унија на ирското претседателство со ЕУ во Даблин. Во исто време претседателот Борис Трајковски се наоѓаше на пат за Мостар, во својот авион „кингер“, за да учествува на конференцијата за инвеститори. Тој никогаш не пристигна таму. Околу 8 часот неговиот авион исчезна од радарот на босанската контрола на летање. Неколку часа подоцна се потврди ужасниот сомнеж: авионот на претседателот се срушил при лоши временски услови. Сите патници го изгубија животот во несреќата.

Целата трагика на краткиот мандат на претседателот Борис Трајковски е во тоа што тој не можеше да го доживее токму денот на кој ќе ја внесе Македонија во кругот на европското семејство на држави, а кој беше цел на севкупната негова политичка активност.

Со името на Борис Трајковски се поврзани два конфликта на Балканот, за чиешто надминување и тој придонесе: косовската криза во 1999 година и кризата во Македонија во 2001 година. Токму во времето кога косовската криза ја достигна својата кулминација, на политичката сцена настапи Борис Трајковски, кој претходно беше познат како вреден партиец во рамки на својата партија ВМРО-ДПМНЕ, а помалку познат на јавноста. Во функција на заменик-министер за надворешни работи, тој ја застапуваше својата земја пред раководството на НАТО и пред западната заедница на држави кога таа беше оптоварена од голем број на албански бегалци. Притоа, поради постојаното присуство на медиумите во земјата и во странство Борис Трајковски стана, само за неколку недели, еден од најпопуларните македонски политичари. ВМРО-ДПМНЕ ја искористи неговата популарност и го номинираше за свој претседателски кандидат за изборите есента 1999 година. Во вториот изборен круг тој значително се проби со гласовите на Албанците наспроти противкандидатот на Социјалдемократскиот сојуз СДСМ, Тито Петковски.

Религиозниот методист Трајковски, од општината Струмица, настапи на претседателските избори во 1999 година, како единствен кандидат без политичко минато во социјалистичкиот систем на поранешна Југославија. Токму поради тој факт, и неговата возраст од 43 години, тој важеше во јавноста за претставник на новата, модерна и динамична Македонија и за искрен посредник меѓу различните групи на население.

Тој се здоби со симпатии кај албанското население со тоа што како извршител на функцијата заменик-министер за надворешни работи во времето на огромните напливи на бегалци ги остави границите отворени за протераните косовци и помогна да се спречи хуманитарна катастрофа.

Додека првата година од неговата служба како претседател измина релативно неспектакуларно, кризата во Македонија во 2001 година направи да ја употреби сета негова дипломатска умешност кога требаше да се посредува од една страна меѓу конфликтните партии, а од друга страна меѓу неговата сопствена влада и специјалните пратеници на ЕУ, на НАТО и на САД. Борис Трајковски се обидуваше секогаш одново да ги врати конфликтните партии на преговарачката линија. Покрај тоа, претседателот претстави сопствен концепт за надминување на кризата изготвувајќи свој план со пет фази. Иако планот, во крајна линија, не беше спроведен во оваа форма, иницијативата наиде на долгорочен интерес од страна на меѓународните преговарачи и овозможи да се препознае искрената волја на претседателот, кој како надредена инстанца сакаше да придонесе да се изнајде политичко решение. И по потпишувањето на Охридскиот рамковен договор на 13 август 2001 година, кој значеше победа над вооружените судири меѓу албанската ОНА и македонските безбедносни сили, Трајковски неуморно се залагаше за брза имплементација на одредбите од Рамковниот договор.

Така под негово покровителство се собраа на едно место познати експерти од политиката и науката од земјата и од странство за во рамките на разговорите наречени „Процес 2002"[1] да дискутираат за безбедносната ситуација во Република Македонија. Една од причините за прифаќањето на поканата на Трајковски од страна на научници од реномирани советодавни институции за учество на разговорите водени во периодот март/април 2002 беше токму неговиот углед, што тој го уживаше во светот.

Неговата постојана желба да посредува помеѓу различните етникуми во Македонија не му донесе само едногласно одобрување од страна на македонското население и од неговата сопствена партија. Борис Трајковски можеше и во јавноста честопати да чуе дека интересите на македонскиот народ се продадени на Албанците.

Процесот на доближување на Република Македонија до Европската унија претседателот Трајковски се обиде да го засили со неговата иницијатива за национален и за регионален форум за интеграција во ЕУ. Работните резултати на двата форума, како и на неговото постојано лобирање за земјата во странство, во Европа, конечно придонесоа за израмнување на патот на Република Македонија кон Европа. Во целосната интеграција на Македонија во ЕУ, Борис Трајковски гледаше не само политичка неопходност, која ќе придонесе за помирување на различните групи на народи, туку и историски чин, кој

[1] http://www.president.gov.mk/eng/info/process/

произлегува и се подразбира од наследството на Македонија како лулка на културата. На тој начин апликацијата на македонската влада за членство во ЕУ не го носи само неговиот потпис, туку на сосема посебен начин и неговиот ракопис.

Трајковски несомнено остави празнина во политиката на Македонија. И покрај тоа што некои негови идеи отидоа во празно, сепак неговата улога во надминувањето на кризата во 2001 година, како и за време на процесот на доближување на неговата земја до евроатланските структури е неспорна. Воден од длабока религиозна верба, како и верба во силата на луѓето во Македонија и во иднината на неговата земја, тој неуморно се залагаше за позитивен, за општествен и за културен развој на Република Македонија. Како највисок претставник на надворешната политика на Република Македонија, тој постојано беше првиот амбасадор на неговата земја и ѝ подари на Македонија низа на пријатели од висок ранг во Европа, и во другите делови од светот.

Секој следен претседател на Република Македонија ќе мора да се мери со неговите политички достигнувања, со неговиот интегритет како политичар и како човек. Во сеќавањата на луѓето Борис Трајковски ќе остане како искрен и отворен политичар без самоволно однесување. До крај остана верен на себе и на својата политика на спогодба. Неговиот придонес за надминување на кризата, која земјата ја доведе до работ на граѓанска војна, не е за потценување. Токму тоа му дава, во поглед на неочекуваната смрт, одреден степен на историска големина.

**Abstract**

On 26th February 2004, the Macedonian government was about to hand in its application for membership in the European Union in the city of Dublin. At the same time, President Trajkovski was on the way to an investment conference taking place in Mostar. Unfortunately he never arrived there, his jet crashed as a consequence of the bad weather condition.

It was namely Trajkovski, who helped to overcome two conflicts, the crisis in Kosovo in 1999 and in Macedonia in 2001: giving asylum to the Kosovar refugees, Boris Trajkovski represented his country as a deputy minister of foreign affairs on the international scene, becoming more and more popular.

In 1999, at the age of 43, Trajkovski became President of the Republic of Macedonia, as the only applicant without a political past in the former socialist system.

The crisis of 2001 challenged the diplomatic skill of the new president in mediating not only between the conflict parties but also between his own government and the delegates of the EU, NATO and the USA. Signing the Ohrid Framework Agreement on August $13^{th}$ , 2001 and afterwards, Boris

Trajkovski insisted on its implementation, which was not well accepted by the Macedonian population and even by his own party.

Trajkovski took the process towards an integration of the Republic of Macedonia in the European Union as politics necessary for the reconciliation of the different ethnic groups in his country, but also as a historical geographical determination of this Balkan state.

# Лидерството на Роналд Реган

Џејсон Мико

Роналд Реган беше роден водач. Или барем изгледаше како да е роден таков. Јас верувам дека лидерите се градат со време, а не се раѓаат такви, но Реган како да отстапуваше од природниот стил на лидери, кој кај него беше природен. Можеби тоа е затоа што беше роден во 1911- пред многу време по кои било стандарди - и не го видовме како расте, како ги учи лидерските лекции на потешкиот пат што сосема искрено е единствениот начин на кој вистинските лидери учат.

Маргарет Тачер, поранешната премиерка на Велика Британија и политичката сродна душа на Реган - покрај Ненси, се разбира - еднаш рече „Да се биде на власт е исто како да се биде дама. Ако треба да ги потсетуваш луѓето дека си, тогаш не си„. Реган никогаш немаше потреба да ги потсетува луѓето дека е на власт заради тоа што поседуваше нешто што многу моќни луѓе го немаа: авторитет. Имаше авторитет заради тоа што знаеше како да води. Реган знаеше дека користиш материјали, ама водиш луѓе. Знаеше дека лидерството не е да се биде за себе, туку да се жртвуваш самиот себе си. Знаеше дека лидерство е да ги ставиш интересите на луѓето на кои што им служиш над твоите интереси. Знаеше дека лидерството не е за „мене„, туку е за „тебе„. Рано во 1981 год. тој рече „...Нема граница на тоа што може човек да стори или до каде може да стигне ако не му е битно кој ќе ја добие заслугата за тоа„. Не беше наменето за него.

Го практикуваше лидерството на начин кој може да биде дефиниран како вештина да врши влијание врз луѓе да работат полни со ентузијазам кон заеднички цели кои беа идентификувани дека се за општото добро на народот. Влијаеше на луѓето околу него со тоа што ги исполнуваше нивните вистински потреби, додека во исто време им презентираше визија за Америка која поседува сила, обединета со контрола и гордост, балансирана со понизност. И неговата визија ја запали нацијата - и светот - кон слобода.

Роналд Реган ги однесе Соединетите Американски Држави на повисоко ниво кога неговиот претходник, Џими Картер, велеше дека Америка ја зафатила голема „меланхолија„. Ја врати надежта во Америка, прво, и потоа го искористи авторитетот што го создаде да ги обвини комунистите и Советскиот Сојуз дека се „злобна империја„ пред да почне да ги распарчува - сето тоа без да биде испукан ниту еден куршум. Им донесе слобода на милиони луѓе низ светот и ја промени генерацијата кон подобро. Лошо е што денес - посебно тие луѓе што живеат во Соединетите Американски Држави - го трошат моралниот авторитет што тој ни го даде.

„Dutch„ (Холанѓанецот), како што го нарекуваа, порасна како никој и ништо во заборавено гратче во Илиноис, син на чевлар и на мајка со душа на светица. Никогаш немал многу и не изгледал дека сака некогаш многу освен шанса во Холивуд. По краток период работејќи во радио, ја дочека својата шанса во Холивуд и стана многу добар актер - не одличен. Подоцна во неговиот живот, неговите непријатели ќе се потсмејуваат заради неговата глума, но мислам дека не го засегаа многу нивните ситни провокации. Глумата не беше таа што му даваше значење или идентитет, како што баш и никогаш не му било потребно претседателството, како што им треба на некои, да се дефинираат самите себе си. Неговиот идентитет и значење му беа дадени од неговата грижлива мајка која внела одредени вредности и верувања во него. Исто така и татко му го научил на важни лекции од животот иако имал проблем со алкохолот, го научил неговиот млад син за вредноста на трудољубиво работење и потребата да се почитуваат сите луѓе.

Целиот живот се состои од односи, и Реган ја научи, многу млад, вредноста и важноста на односите. Вистински големите лидери ја имаат вештината да изградат здрави односи и Реган како да знаеше дека лошите односи се сржта на речиси секој проблем, дали бил тој во бракот, работата, пријателството или црквата. Можеби младиот Реган го научил ова делумно од разводот со неговата прва жена. Можеби тоа било резултат од расправиите меѓу него и неговите деца. Што и да била причината Реган учел од неговите грешки и се трудел да гради позитивни, успешни односи.

Реган интензивно работел на односите со луѓето со кои стапувал во контакт. Додека му беше сосема пријатно со претседатели, премиери, кралеви и кралици, најмногу бил задоволен и релаксиран кога ќе сретнел обични, секојдневни Американци на неговите патувања. Уживал во добра приказна и добра шега и бил познат по тоа што знаел да се пошегува со неговите вработени. Никогаш не му било страв да направи шега на своја сметка, и со неговиот хумор и острина градел подобри односи честопати со тоа разоружувајќи ги своите непријатели.

Добрите односи на Реган не завршувале само со тие луѓе што работеле за него или со тие луѓе што ги сакал. Тој градел добри односи дури и со неговите политички непријатели. Ги почитувал, ја почитувал нивната чест како луѓе, ги сослушувал и комуницирал со нив на ист начин како што комуницирал и со сите останати со кои остварувал контакти. Еднаш, кога дури и разговарав со него очи в очи, покажа дека е одличен слушател, интензивно гледајќи ме во очи, комуницирајќи директно со мене, како поединец. Мајка Тереза еднаш има речено дека најголема човекова потреба е да се биде потребен некому. Ако е тоа така, а јас верувам дека тоа е така, Роналд Реган правеше сѐ за да се чувствуваш како да си единствениот човек на светот кога ќе те слушаше.

Водел познати расправии со неговите политички противници во Вашингтон Д.Ц. вклучувајќи го на

списокот тогашниот претседавач на Куќата на претставниците, Томас П. „Тип„ О-Нил. Но, двајцата беа Ирци, уживаа во добра кригла, и како што Реган зборувал, „после 6 часот попладне, сите сме пријатели„. Така работи лидерството, градејќи односи.

Можеби неговиот најпознат однос е тој што го имал со неговиот најдобар пријател, сродна душа и жена, Ненси. Нивните љубовни односи пребродуваа сè. И навистина, љубовта е таа што ги карактеризира вистинските водачи. Не зборувам за љубовта како да е именка, зборувам за чувството. „Детската љубов“ што двајца тинејџери ја чувствуваат еден за друг денес е тука, но утре ја нема како тревата на ливадата. Тоа е заради тоа што е условена. Тоа е љубов што кажува „те сакам заради тоа што...„ пополни го празното место. Љубовта што Роналд Реган ја практикуваше, за неговата љубена Ненси, за сите што работеа за него и за неговите сограѓани, беше безусловна љубов. Тоа е љубов - глаголот. Тоа е љубов вкоренета во неговото однесување кон другите без оглед на тоа кој колку заслужил. Тоа е љубов на намерен избор. Кога Исус од Назарет зборувал за „љубов„ во црковните преданија на новиот тестамент, тоа е зборот што го користел. И Роналд Реган, кој го сакал Исус, го знаел ова. Љубовта не е тоа што го чувствуваш кон другите, туку е како се однесуваш кон другите. За тоа е потребен труд.

Не можеме секогаш да ги исконтролираме чувствата кон други луѓе, но можеме да го контролираме начинот на кој што се однесуваме кон другите луѓе. Американската рагби легенда, Винс Ломбарди рекол „Не е неопходно да ми се допаѓаат моите играчи и соработници, но како водач, јас морам да ги сакам. Љубовта е лојалност, љубовта е тимска работа, љубовта го почитува достоинството на индивидуата. Ова е силата на која било организација“. Роналд Реган зрачеше со ваков вид на љубов.

Го следеше советот на еден водач кој пишувал за љубовта пред скоро 2000 години во писмо бранејќи се за тоа што бил обвинет. Во писмото, авторот потенцирал неколку однесувања што би не воделе низ животот ако вистински љубиме: трпение, милост, понизност, почит, несебичност, сила да простиме, чесност и обврзаност. Реган ги покажуваше сите овие квалитети.

Роналд Реган беше водач - слуга. Знаеше дека за да можеш да водиш, треба прво да служиш. Тој со сигурност го правеше ова во неговиот живот. Тој ја жртвуваше својата кариера во Холивуд за да застане на чело на Унијата на сценски актери (SAG). Како претседател на SAG, тој беше изложен на политичката страна од животот и учеше повеќе за другиот голем „изам“ – комунизам – и даде завет дека ќе се бори против него. Остави високо платена работа во General Electric каде што беше водител на ТВ серија и се лансираше во политиката каде што влезе во трка за гувернер на Калифорнија. Откако отслужи два термина како гувернер, остана во политичката арена и беше избран да служи како претседател на Соединетите Американски Држави два пати по ред. И внесе нов живот на

Републиканската партија и заедно со сенаторот на Аризона, Бери Голдватер, го создадоа модерното конзервативно движење.

Непријателите на Реган, често викале дека тој е глупав. Се зборувало дека тој имал познавање од само неколку области и дека не бил човек кој обрнувал внимание на детали. Со второто тврдење се согласувам. За првото тврдење, би рекол дека Реган, ако било што бил, сигурно не бил глупав. Генијалците не се создаваат со тоа што ќе знаат сè што може да се знае во одредена област. Генијалноста, од моја гледна точка, произлегува од способноста да се соработува и да се водат луѓето.

Реган - како многу големи лидери - работел со мал круг на доверливи соработници. Тој бил фокусиран на неколку области, сите многу значајни, и имал одреден систем на верување и вредности - вкоренети длабоко, и неговата верба во Господ - која раководеше со сè останато. Тој ги насочуваше своите луѓе и им дозволуваше да се грижат за деталите. Тој ги водеше своите луѓе; неговите луѓе се грижеа за деталите. Даваше дел од себе на своите луѓе, на Американците и на луѓето од светот. Љубеше со служење и жртвување. Изгради авторитет кај луѓето и заслужи да го нарекуваат „лидер“.

Иако тој замина во вечниот дом ние, кои останавме, можеме да учиме од неговиот пример. И ние, исто така, можеме да бидеме лидери, во која било област и каква било работа да работиме, дали сме студенти, дали сме домаќинки, бизнисмени, свештени лица, учители, сервисери или... политичари. Но, потребен е постојан труд и концентрација. Треба да се има срце на слуга и да се поседува сила да се љуби.

Такво беше лидерството на Роналд Реган.

**Abstract**

There are some people that are made leaders, but it seems that Ronald Reagan was born one. Brought up to be a modest, caring person full with love, he was the epitome of a leader. He started his career as an actor, proceeded to be Governor of California and eventually President of the United States.

Maybe one of his greatest attributes was his ability to establish authority and trust. He really listened to the people and served them, even the common man and had deep seeded respect for everyone. He possessed a certain kind of love – unconditional, which many leaders lack. He led by example, and he served his people well, they respected that.

His leadership was based with a heart of a servant and it was a labor of love.

# Новото македонско прашање

Роберт Хислоу

*JAMES PETTIFER: The New Macedonian Question, Houndmills and New York, 2001*




Во деведесеттите години на минатиот век светското внимание беше насочено кон превирањата во Југославија и војните за сукцесија во Хрватска, Босна и Косово. Во овој виор на националистичко насилство малку забележано беше миролљубивото отцепување на малата Македонија и нејзината херкулска борба за меѓународно признавање и внатрешна стабилност што следеше потоа. Публикацијата на Џејмс Петифер претставува извонредна збирка на релевантни историски и политички есеи, кои им овозможи на набљудувачите да ги согледаат комплексните предизвици испречени пред новата република. Кога оваа книга за прв пат беше издадена (во 1999 од страна на Macmillan Press), многу малку анализи од западните академски кругови беа на располагање. Со оглед на дефицитот од западни студии, книгата на Петифер успеа да создаде основа за рафинирано разбирање на овој фундаментално контроверзен регион и држава. Во исто време, текстот има неколку ограничувања, меѓу кои најзабележителен е начинот на кој самиот уредник придонесува во овековечувањето на оспоруваниот македонски национален идентитет.

Книгата е поделена на 4 дела: (1) националното прашање во модерна Македонија; (2) етнички малцинства; (3) историски перспективи и (4) меѓународите односи на новата држава. Карактеристично за секој дел е изобилието на различни

автори и перспективи. Иако не постои единствен сеопфатен теоретски модел кој би ги обединил разновидните пристапи, темата која ги поврзува е постојано горливото “македонско прашање”. За прв пат иницирано во втората половина на деветнаесеттиот век, македонското прашање започна да ја тангира судбината на земјата и луѓето од географска Македонија соочени со залезот на Отоманската империја. Први кои понудија одговор беа младите држави Србија, Бугарија и Грција, националните агитатори и герилците од разните македонски национално ослободителни организации како и Големите сили. Белег на ова прашање беше дека сите предложени одговори пливаа во реки од крв, од задушеното Илинденско востание во 1903, па сè до повеќеслојните националистички битки вгнездени во македонскиот театар за време на Втората светска војна (детално опишани во сета нивна комплексност од публицистот Реџиналд Хиберт). “Новото” македонско прашање се однесува на можноста од возобновување на овие историски расправии во светлина на пост-југословенските напори на младата република да стекне независност, меѓународно признавање, демократија и меѓуетнички мир. Поглавјата од Петифер, Јенс Реутер и Димитар Мирчев конкретно се однесуваат на овие современи прашања. Фактот дека македонското прашање само по себе се преместува од географска Македонија (т.е. егејскиот, пиринскиот и вардарскиот дел) кон Република Македонија (само вардарскиот дел) не го спречи воскреснувањето на натпреварувачки акламации, взаемно ексклузивни историографии и иритирачки националистички дискусии во раните деведесетти (ставовите на Кирил Дрезов (4 поглавје), Стефан Троебст (5 поглавје) и Евангелос Кофос (15 поглавје) се корисни размислувања на овие теми).

Оваа книга нашироко беше разгледувана во сосема поинакво светло и ретко беше читана на начин на кој заслужуваше. Критичарите се занимаваа со недостигот на теоретска рамка која би создала поструктурирана, фокусирана анализа (Loring M. Danforth, *Slavic Review* есен 2000 стр. 645-655); дискутабилната врска помеѓу старото и новото македонско прашање (Горан Јанев, *Balkan Academic News Book Review*, 2002); преокупацијата на книгата со постарото македонско прашање (Christopher Bennett, *NATO Review*, есен 2001, стр.13-15); како и нееднаквиот квалитет помеѓу поглавјата (Gabriel Partos, *International Affairs*, април 2000). Поголемиот број на заклучоци се добро извлечени, но тоа не ја намалува генералната потреба од постоење на повеќе гледишта во рамките на еден текст посебно кога станува збор за регион со (од западна перспектива) замаглена и збунувачка историја. Се разбира ниедно прашање околу Македонија што се однесува на идентитетот и сопственоста не е дефинитивно одговорено во овој текст. Напротив, Петифер дозволува излагање на конфликтни македонски, бугарски, грчки и албански интерпретации и го остава читателот да донесе сопствен заклучок. Уредникот соод-

ветно го врамува ова како придонес за дебатата, а не како нејзино решение, поента која некои критики изгледа ја пренебрегнале.

Треба да се напомене и дека Петиферовиот терминолошки избор во идентификацијата на новата држава и нејзиниот народ е во најмала рака збунувачки. Во воведниот предговор Петифер, во две поглавја инсистира државата Македонија да се именува со нејзиното меѓународно признато име, поранешна југословенска Република Македонија или ПЈРМ. Ова е компромисно име, застапувано од меѓународната заедница во обид да се задоволат грчките аспирации и стравови (види Дрезов, 4 поглавје и Кофос, 15 поглавје). Албанците во Македонија често ја користат оваа формулација во обид да го проблематизираат легитимитетот на државата. Во прилог на ова Петифер одбива да ја прифати самоидентификацијата на Македонците, употребувајќи наводници за да го делегитимизира терминот или пак потсмешливата фраза „Македонци што говорат словенски" за да ги означи етничките Македонци. Повторно ова добива смисла единствено од грчки или албански поглед на нештата. Неодговорно е да се декларира неутралност (како што се прави во воведот) за потоа всушност да се заземе страна во балканска културна војна. Одбивањето да се прифати самоопределувањето на една група е став кој се граничи со ароганција и расизам. Што ќе помислиме, на пример, доколку Петифер ги проучува расните односи во САД и инсистира да ги нарекува Афроамериканците „црнчишта". Иако ова издание го демонстрира историското натпреварување околу македонскиот идентитет, ваква поента може да се извлече и без да се навреди самиот народ кој се проучува. Како што Димитар Мирчев забележува во својот текст, „заеднички именител" на многубројните напори да се порекне македонската државност е „да се порекне и негира македонскиот етницитет"(стр. 209). Оттука книгата на Петифер го има белегот на двете, давајќи увид во измачената македонско минато и сегашност, создава академско охрабрување на политички сили кои сакаат вековното македонско прашање и понатаму да го одржуваат во живот.

**Abstract**

This article refers to Robert Hislope analyses of the book "*The New Macedonian Question*" written by James Pettifer. The book elaborates the burning questions regarding the various approaches and perspectives of the Macedonian history. Hislope gives extraordinary, comprehensive review of the contents, approaches and terminological choices of the author.

Исправка:

Во минатиот број на Политичка мисла е направена техничка грешка во приказот на книгата „The Future of freedom", од познатиот колумнист на Newsweek, Фаред Закарија, под наслов: Иднината на слободата (стр. 107) подготвен од авторот Владимир Чупески. Покрај несоодветно застапените фусноти, онаа под бр. 5 воопшто не содејствува со објавениот приказ и истата е по грешка превземена од друг текст. Му се извинуваме на авторот Владимир Чупески, како и на читателите на нашето списание.

# Кодекс на однесување на политичките партии на Република Македонија за слободни и фер претседателски и локални избори

## Преамбула

Слободните и фер избори се камен–темелник на демократијата. Слободата за спроведување на кампања е неопходен елемент на овие избори. Секој човек има право да ги изнесува своите мислења без чувство на страв. Слободата за спроведување на кампања, исто така значи, обезбедување на истата слобода за секој друг човек.

Ние, политичките партии на Македонија, се согласивме со овој Кодекс на однесување за претстојните избори. Кодексот не ги заменува постојните правила. Тој помага во фокусирањето на оние проблеми кои се имаат случено во минатото. Ние веруваме дека може да донесе слободни и фер избори.

Ние свечено се обврзуваме и си ветуваме еден на друг, но и на сите луѓе од нашата земја, дека ќе се придржуваме и активно ќе го промовираме овој Кодекс на однесување.

Нашите партии ја преземаат примарната одговорност за целосна примена на Кодексот.

## Владеење на правото

1. Партиите, кандидадите и членовите ќе ги почитуваат сите закони, правила и прописи на Република Македонија кои се релевантни за изборите и ќе го поддржуваат владеењето на правото. Владеењето на правото во голем процент зависи од независноста и професионализмот на судството. Судството, исто така, ќе ја има нашата целосна поддршка.

2. Сите партии, кандидати и членови се со еднаква одговорност пред законот.

- Партиите, кандидатите и членовите не можат да ги користат јавните фондови и ресурси (на пр. канцеларии, возила итн.) заради партиски изборни цели ниту пак некој кандидат за изборите може да отпочне некој посебен развоен проект за време на изборната кампања.

Меѓутоа, функционерите мораат да ги исполнуваат своите обврски сè додека се на својата функција;

– Се очекува дека медиумите финансирани од страна на јавните фондови ќе преземат чекори за обезбедување на фер и подеднаков пристап за политичките партии; како и за обезбедување на точност и непристрасност при известувањето и политичка неутралност во уредничките коментари; а и партиите се согласуваат да ги преземат сите чекори кои им се достапни за да обезбедат точност, непристрас-

ност и рамнотежа од страна на приватните медиуми.

– Партиите, кандидатите и членовите целосно ќе соработуваат и ќе дадат целосна поддршка на Државната изборна комисија, како и на телата кои се под нејзина надлежност. Се очекува дека Комисијата, и овие тела, ќе функционираат врз основа на целосна непристрасност и транспарентност.

– Се очекува дека полицијата и обвинителството ќе бидат особено внимателни и ќе придонесуваат кон тоа нивните членови да се однесуваат професионално и строго да ги почитуваат законите.

## Изборно однесување

3. Партиите, кандидатите и членовите ветуваат дека ќе промовираат слободни и фер избори, како и клима за демократска толеранција. Тие се обврзуваат дека:

– ќе дадат широк публицитет на овој Кодекс;

– ќе ги промовираат кампањите за едукација на гласачите;

– ќе ги осудат насилството и заплашувањето;

– ќе ја потенцираат тајноста на гласот;

– ќе ги запознаат своите кандидати и членови со Кодексот, како и со нивните одговорности пропишани со него и со релевантните законски прописи.

4. Партиите, кандидатите и членовите ќе го осудуваат, јавно и постојано, секој чин на насилство и заплашување, од чија било страна; тие исто така ќе го осудуваат секое користење на јазикот, или секоја активност која може да провоцира насилство или заплашување. Во согласност со универзалната изборна пракса, не може да се носи или покажува никакво оружје на јавни состаноци, митинзи или други активности на кампањата.

5. Партиите, кандидатите и членовите ќе го преземат секој можен чекор за елиминирање на сите форми на изборен фалсификат пред, за време и по денот на изборите.

6. Ниедна партија, кандидат или член не може да понуди награда или стимул како размена на каква било изборна услуга.

7. Партиите, кандидатите и членовите нема да објавуваат или да искажуваат обвиненија кои се со навредлива или провокативна содржина за некоја друга партија, кандидат или личност.

8. Партиите, кандидатите и членовите нема да ги отстрануваат, обезличуваат или покриваат постерите или другите изборни материјали на другите партии или кандидати. Тие нема да направат плагијат на нивните симболи, бои или акроними, ниту пак ќе користат графити.

9. Партиите, кандидатите и членовите нема да преземаат активности со кои би се спречило демократското право на која било друга партија, преку своите кандидати и членови, да има пристап до сите гласачи, да спроведува едукација на гласачи, да собира финансиски средства, да спроведува анкети кај членството и на друг начин да разјаснува прашања и бара поддршка.

10. Партиите се обврзуваат дека ќе:

– го олеснат целосното учество на сите граѓани, вклучувајќи ги жените и разните малцински групи, за време на изборите;

– обезбедат слободен пристап на сите граѓани, вклучувајќи ги жените и разните малцински групи, до сите настани во кампањата;

– се воздржат од присилување на граѓаните, да поддржат некоја политичка партија или кандидат, или пак да се вклучат или воздржат од вклучување во која било политичка активност на начин кој не е во согласност во нивниот слободен избор;

– го поддржат универзалниот концепт еден човек – еден глас и ќе го обесхрабруваат прокси гласањето – гласање во име на друг гласач.

11. Партиите можат во кое било време да одлучат да организираат состаноци на кои ќе дискутираат за спроведувањето на Кодексот на однесување на национално или општинско ниво. Може да се дискутира за кое било прашање поврзано со кампањата. Граѓански организации кои се загрижени за изборниот интегритет, како Граѓанската асоцијација МОСТ можат да присуствуваат и да ги набљудуваат овие состаноци.

12. Трошоците на партиите за нивните кампањи ќе бидат објавени во согласност со постојните законски прописи.

13. Партиите, кандидатите и членовите ќе го прифатат конечниот резултат од изборите кој ќе биде објавен и потврден во согласност со законот од страна на Државната изборна комисија.

**Abstract**

The Code of Conduct is a document which explains the rules that need to be obeyed in order to have fair and democratic elections in the Republic of Macedonia. All of the parties signed it with which they state that they will obey all of the laws, rules and regulations in the Republic of Macedonia relevant to the elections and will support the rule of law. They will fight all irregularities and forgeries; they will behave with dignity and not condone any kind of violence or pressure that might influence the elections in any way. They will not try to bribe people nor say demeaning things about the opposing candidate and that they will distribute this Code of Conduct to as many citizens as they can and educate them about the rules of the Code of Conduct.

# Извештај за Претседателските избори 2004 на ОБСЕ/ОДИХР набљудувачка мисија на изборите

## ИЗЈАВА ЗА ПЕЧАТ

### Претседателските избори генерално беа во согласност со меѓународните стандарди, но проследени со нерегуларности

СКОПЈЕ, 29 април 2004 - Вториот круг од Претседателските избори во поранешната југословенска Република Македонија одржан на 28 април генерално беше во согласност со обврските на ОБСЕ и другите меѓународни стандарди за демократски избори. Сепак, денот на изборите беше проследен со сериозни, но локализирани нерегуларности во избирачките места, вели Набљудувачката мисија за изборите на Канцеларијата за демократски институции и човекови права при ОБСЕ во својата изјава на Првични наоди и заклучоци, објавена денеска. Околу 300 меѓународни набљудувачи ги набљудуваа изборите за ОБСЕ/ОДИХР посетувајќи 1.300 избирачки места.

„Останува севкупната слика за демократски избори одржани под невообичаени услови", вели амбасадорот Фридрих Бауер, шеф на Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР. Но, проблемите кои се појавија беа побројни отколку во првиот круг и се движеа од групно гласање до преполнување на гласачките кутии. За жал, Државната изборна комисија ги одби сите жалби добиени од партиите по првиот круг, независно од нивната важност, и на тој начин ДИК не ја искористи шансата да испрати порака дека такви нерегуларности нема да бидат толерирани.

Амбасадорот Бауер потенцираше дека зголемените тензии меѓу приврзаниците на двата преостанати кандидати и загриженоста околу нискиот одзив на гласачите придонесоа за неколку случаи каде официјални и други лица беа инволвирани во изборна злоупотреба за да обезбедат гласови за својот фаворит меѓу кандидатите и да го зголемат вкупниот број на гласови. „Во некои области, сериозните инциденти фрлија сенка врз изборите. Еден од најсериозните беше оној кога вооружен пратеник влегуваше во избирачки места и го попречуваше гласањето".

Позитивен е фактот дека кампањата во вториот круг беше во голема мера без насилство. Освен тоа вториот круг се изведуваше во натпреварувачка атмосфера, медиумското покривање беше генерално фер и непристрасно, а големиот број на домашни набљудувачи распоредени низ земјата придонесоа за

зголемување на транспарентноста на целиот процес.

На денот на изборите, гласањето беше означено како добро или многу добро во 92 проценти од избирачките места, но набљудувачите го оценија броењето како добро во само 76 проценти, што е намалување во споредба со 92 проценти во првиот круг. Она што е значајно е дека беа пријавени силни индикации за преполнување на гласачките кутии во 4 проценти од вкупниот број на посетени избирачки места, а исто така и бројни случаи на идентични потписи или непотпишување на гласачите во гласачкиот список. Во Тетово, меѓународните и домашните набљудувачи беа спречени да набљудуваат во неколку избирачки места.

Џералд Мичел, шеф на Отсекот за избори на ОБСЕ/ОДИХР вели: „Прагот од 50 проценти можеби претставуваше повод за нерегуларности и властите би требало сериозно да ја разгледаат потребата од ваква одредба.

И покрај тоа што одзивот очигледно беше доволен, тоа сепак не ја намалува одговорноста на Државната изборна комисија при разгледувањето на нерегуларностите и одлучувањето по жалбите".

ОБСЕ/ОДИХР е подготвена да им помогне на националните власти и цивилното општество при решавањето на сите недоследности на изборниот процес.

За понатамошни информации:
Урдур Гунарсдотир,
портпарол, ОБСЕ/ОДИХР,
+389 70 973 682 или
+48 603 683 122

**Abstract**

In a press release from OSCE/ODIHR regarding the Presidential elections in Macedonia in 2004, it was said that the elections were according to international standards for democratic elections with some serious irregularities. There were 300 international observers involved and they covered around 1300 voting posts. Among the incidents recorded were: stuffing of voter's boxes with ballots, armed entries and stopping people to vote, mass voting, throwing people out of their posts as observers etc. They presume that these irregularities were because for the elections to be successful, it needed for more than 50 % of the people eligible to vote, and the number was very close to that. OSCE/ODIHR is prepared to help the national authorities and the civil society in solving any irregularities regarding the electoral process.

# За авторите

**Ивица Боцевски,** програмски директор во ИДСЦО и раководител на секторот за јавна администрација и локална самоуправа. Дипломирал на политички науки во Скопје 1999, а магистрирал на Универзитетот од Питсбург во областа на јавни и меѓународни работи

**Жидас Даскаловски,** докторирал политикологија на Централно европскиот универзитет во Будимпешта каде што и магистрирал. Заедно со Флоријан Бибер уредник е на книгата Understanding the War in Kosovo, London: Frank Cass, 2001. Основач е и уредник на списанието Southeast European Politics. Моментално работи како истражувач во ПЕВ Македонија, подружница на WSP International.
E-mail контакт:
daskalovski@hotmail.com,
www.seep.ceu.hu/daskalovski

**Љупчо Ѓоргински,** роден 1976, завршил политички науки и економика на Универзитетот во Торонто, Канада

**Ѓорге Иванов**, роден 1960, доц. д-р по предметите Политички теории и Политичка филозофија на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и виситинг-професор на постдипломските студии за Југоисточна Европа на Универзитетот во Атина

**Андреас Клајн**, роден 1972, политолог, официјален претставник на Фондацијата „Конрад Аденауер" во Скопје, Република Македонија

**Џејсон Мико**, роден 1964 година. Од 1996 до 2004 година, Џејсон работеше за многубројни организации во Македонија. Моментално, Џејсон заработува работејќи за себе на проекти кои му се допаѓаат. Тој е извршен директор на непрофитабилна фондација во Скопје, Македонија.

**Кристоф-Е. Палмер**, роден 1962, министер за надлежности во однос на Европската унија на покраината Баден Виртемберг

**Миша Поповиќ,** роден 1981, студент на политички студии, информативен техничар во Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество

**Дане Талески**, роден 1979, демонстратор по предметот Јавно мислење и масовни комуникации на Одделот за политички науки на Правниот факултет во Скопје и извршен директор на ИДСЦО

**Жарко Трајаноски**, дипломирал философија (Универзитет - Скопје), и магистрирал на студиите за Демократија и човекови права во Југоисточна Европа (Универзитет - Сараево / Универзитет - Болоња). Уредник е на "Идентитети" - списание за политика, род и култура, што го издава Истражувачкиот центар за родови студии при Институтот "Евро-Балкан" - Скопје

**Рената Тренеска**, родена 1972, доц. д-р по уставно право и политички системи на Правниот факултет „Јустинијан Први", Скопје

**Роберт Хислоу,** е доцент на политички науки на Union College во Њујорк на одделот за политички науки. Предава компаративна политика, етнички и расни конфликти.

**Мајкл Хауард**, роден 1941, член на парламентот за Фолкстон и Хајт од 1983, а од ноември 2003 е избран за водач на конзервативната партија и на опозицијата на Нејзиното Височество

**Весна Забијакин-Чатлеска**, родена 1967 година. Работи како проект менаџер во 6ти Мај. Има запишано постдипломски студии по човечки ресурси на ИСППИ